СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 август 1991 година

Скопје, август 1991година

**20-та СЕДНИЦА (4-то продолжение) 6.VIII.1991**

ДИСКУТАНТИ: СТР:


| | |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1, 21, 27, 29, 182 |
| 2. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 1, 5, 14, 97, 136, 182 |
| 3. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 2, 10, 13, 20, 46, 58, 151, 159 |
| 4. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | 2, 40 |
| 5. РАТКА ДИМИТРОВА | 3, 26 |
| 6. ТИТО ПЕТКОВСКИ | 4, 22 |
| 7. ДРАГИ АРСОВ | 5, 28, 49, 93, 121, 123, 139, 162, 194 |
| 8. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 6, 41, 134 |
| 9. КИРО ПОПОВСКИ | 8, 11, 39, 141, 150 |
| 10. НАЌЕ СТОЈАВОВСКИ | 13, 125, 129, 135, 148 |
| 11. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | 14, 59, 185 |
| 12. РИСТО СТАМЕНОВ | 15 |
| 13. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | 17, 146, 148, 190 |
| 14. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 18, 35, 36, 40 |
| 15. РИСТО КЕЛЕШОВ | 19 |
| 16. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | 19 |
| 17. НИКОЛА КБЉУСЕВ | 30, 130, 164 |
| 18. БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | 32 |
| 19. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | 32, 154 |
| 20. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | 36 |
| 21. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | 43 |
| 22. ФАИК АБДИ | 43, 14, 145 |
| 23. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | 45, 58, 185 |
| 24. ЈОВАН НИКОЛОВ | 47 |
| 25. ТОДОР ПЕТРОВ | 51, 131, 132, 149, 158 |
| 26. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 65 |
| 27. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 54, 94, 102 |
| 28. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 70 |
| 29. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | 74 |
| 30. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | 76 |
| 31. ДОСТА ДИМОВА | 78 |
| 32. ИСМЕТ РАМАДАНИ | 82 |
| 33. ЕШТРЕФ АЛИУ | 86 |
| 34. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 95, 97, 181 |
| 35. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 98 |
| 36. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | 99 |
| 37. ФЕРИД САДИКУ | 104 |
| 38. КИРО ГЛИГОРОВ | 104, 191, |
| 39. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 124, 126, 128, 135, 159, 194, 197, 198 |
| 40. ЕФТИМ МАНЕВ | 138 |
| 41. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 170 |
| 42. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | 172 |
| 43. ТИТО ПЕТКОВСКИ | 180 |
| 44. ПЕТАР ГОШЕВ | 187 |


ПРОДОЛЖУВА

се работи за исклучително важно, национално прашање што ја вознемири целокупната македонска јавност, а што може да има сериозни политички и национални последици, предлагаме формирање на мешовита парламентарна комисија, пред која поднесувачите на прогласот ќе ги изнесат сите релевантни факти и сознанија, со кои што располагаат заради утврдување на вистината и нејзино обнародување пред Парламентот и пред целокупната македонска јавност. Впрочем, зад ова барање стојат и некои вонпарламентарни партии, а се надевам дека стои и целокупната македонска јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Панов.

**МИХАИЛ ПАНОВ**:

Го молам претседателот на Парламентот како што тоа го правеше и досега да се придржува на деловникот за работа а господата од Комунистичката партија на Македонија, кога ќе даваат вакви предлози ќе имаат можност на наредната седница или кога се утврдува дневниот ред тоа да го постават. Ние сега разгледуваме точка за политичко безбедносната состојба, па би сакал претседателот на Парламентот да го запази деловникот за работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Димитрова дигаше рака и мислам за дискусија по оваа точка.

(Реакции од место дека тоа не е на дневен ред) Молам, сигурно ќе се договориме тоа не е на дневен ред и тоа не е по деловникот. (Реакции и тоа побучни на пратениците) Молам, дозволете да кажам, меѓутоа, овде е покренато прашање да се истражи дали има предавство во Македонија.

Не, не дали вам ви е станало до тоа. Тоа е основното прашање дали на овој Парламент му станало до тоа да се утврди дали има велепредавство. Тоа е појако и од деловник и од дневен ред. Или, ве молам, ќе се изјаснете после, само е во тоа прашањето. Повелете господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани граѓани, почитувани пратеници, мислам дека е време да се престане да се манипулира со овој Парламент. Ние имаме Министерство за внатрешни работи имаме Служба за државна безбедност во тоа Министерство за внатрешни работи, па ако имаат некои сознанија, може на Парламентот, дали јавно или тајно да му ги презентираат тие податоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете господин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Се работи за повикување на бунт на македонскиот народ. Одбивањето да се дојде до вистината и граѓаните на Македонија да бидат запознати кој е тој што ја предава Македонија, или пак кој е тој што сака да створи лажна претстава дека некој ја предал Македонија. Не ми е јасно кое е одбивањето една парламентарна група од сите партии што се во Парламентот (реакции од место на пратениците) од сите партии што се во овој Парламент, ве молам јас ве слушав а вие сега ќе слушате. Ве молам никаква причина нема да се одбива ваквото барање, бидејќи како што и претседателот на овој Парламент кажа, ова е суштинско прашање, ова е многу поголемо прашање од одредбите на Деловникот. Се работи за државата Македонија, овде за тоа кој ја предава. Како што се вели некој ја предава. Доколку се одбива

ова, според мое длабоко убедување тогаш наводите во прогласот не се точни и сега ако може како многупати да се покријат тие работи. Овој пат мислам дека тоа е наша должност пред граѓаните на Македонија, пред македонскиот народ заради вистината да се формира работна група односно парламентарна група која ќе ги испита до крај наводите и некој за оваа работа, треба да одговара точно, пред тој македонски народ, кој го бирал односно пред граѓаните на Македонија. Ако е вистина тој што ја предал Македонија, а ако не е вистина тој што кажува дека има такво нешто, а тоа не е точно, и која беше целта. Ве молам овде се повикуваше народот на бунт. Тоа не е едноставна работа и не може преку тоа да се помине само така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлагам кога ќе заврши дневниот ред по ова, да расправаме и тогаш да се договориме за комисија.

Дали може така? (Гласови: може).

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

Дали е тоа деловнички?

Предлагам да ја анализираме расправата, да го исцрпиме дневниот ред и потоа веднаш да закажеме итна расправа по тоа прашање. Ние можеме секогаш да расправаме после седница.

Има збор госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи неколку пати беше поставен зборот бунт, јас би сакала да го објаснам. Во соопштението се зборуваше не за вооружен бунт., туку бунт против договорите за ставање на Македонија под протекторат. Бунт против преговорите. Инаку мислам дека деловнички ова не е во ред. Досега имало соопштенија од другите, од различни политички партии, со многу не... за

разни договори на претседателот Љупчо Георгиевски со бугарски партии, за диригенти од страна, за молотови коктели кои што после истрагите биле завршувани,. за бугарски летоци, за кои што дознаваме дека зад нив стоеле личности кои што се тука во Парламентот и кои што би требало ако се чесни, да кажат кој стоел зад тоа итн. Никогаш не се предлагало ова Собрание да разговара на тоа ниво и на тој начин.

Ние овде разговараме за закони, разговараме за иднината на нашиот народ. Ако треба да се направи 1арламентарна делегација за истражување, треба да се направи парламентарна група за истражување на демократскиот начин на работењето на овој Парламент. Јас инсистирам да се направи таква група и да се истражи кој договорил со српска делегација состанок, за кој што не знае ни Собранието ни потпретседателите, ни една структура во Собранието и за кој што македонскиот народ и ова Собрание дознава од потпретседателот Којадиновиќ на македонската телевизија. Јас предлагам Комисија за оваа работа. А општо сметам дека треба за деловникот да се држиме и да продолжиме со најважната точка и најважната работа што денеска ја имаме, а тоа е политичко- безбедносната ситуација и да направиме заклучоци по неа за да можеме да го заштитиме овој народ од последиците на војната што во овој момент се водо во Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бараше господин Петковски

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи станување збор само за деловничкиот однос, мислам дека предлогот на господинот Поповски, може да биде само во рамките на дискусијата за политичко- безбедносната состојба. Зошто,има ли нешто што може во овој период да се заборави од овој дел што беше повикот на

македонскиот народ на бунт. Ако има нешто што ја вознемири македонската јавност, кога се расправа за политичко- безбедносната состојба, а што не треба да се заборави мислам дека е токму тоа. Прашање е овој Парламент после дали ќе прифати таква пратеничка група како што се предлага парламентарна. Но никако не може да се негира предлогот во рамките за расправата на политичкиот безбедносната состојба во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Пановски за реплика.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во врска со претходно изложеното од другарот Тито, го прашувам дали тој лично и неговата партија имаат врска со бугарските летоци фрлани во првиот изборен круг на 11 ноември 1990 година, овде да се изјаснат на оваа говорница, дали имаат или немаат, и доколку докажеме дека имаат, дали ќе ги сносат сите консеквенции за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господа пратеници, токму во рамките на оваа точка за политичката состојба што е на дневен ред, сакам да го поставам прашањето, ако веќе ги поставуваме тие прашања во функција на политичко- безбедносната состојба, ако веќе бараме од Парламентот да се изјаснува за таквите работи и да формира комисии. Сите ние сме известени дека генералот Томислав Симквиќ кој е командант на Третата армиска област во Скопје е именуван за министер за народна одбрана на;Република Србија. Сакам да ве потсетам дека ако е тој министер за народна одбрана, на Србија, истовремено и.......[II-та армиска област, а тоа значи непосредно е

.....нувањето на таквиот командант со согласноста на
......гвото на СФРЈ, во кое што мора да биде консултиран
.....претседателството од Република Македонија, тоа мора
...согласност со претседателот на Републиката, со
....на Владата и со претседателот на Република Македонија
... што тие функции односно командантската функција
...согласност со тие органи. Ако расправаме веќе за
.... треба и тоа прашање да го отвориме.
однос на соопштението, ние во тој однос можеме да
... тоа е еден израз односно едно изразено мислење,
... на една партија. Парламентот нема што да суди 1
...нас мислењето на партијата. Ние таму никого по
сме именувале некој д бара некаква одговорност. Ако
препознава тоа е пак друго. Само толку досега.

... за збор Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**
,,,де ми се чини се решава алфа и омега на Македонија.
...запознат со изјавата на ВМРО-ДПМНЕ не бев тука. Ја
...вооружен бунт до бунт, тие се 2 појма различни.
...како ќе го прифати!? Ми се чини дека против ВМРО
..., а не ВМРО бунт против својот народ. .
...нескас е судбоносен час, и за македонците и за
...заромите и за сите. Го тврдам, и да ме запамтите!
....сака уште да праќа во кланиците!? Македонци,
...и итн. Ние сме тие што треба тоа да го спречиме.

...овие глави е против секој трет кој ќе дојде

...нека ми извинат пратениците од муслиманската

...сол: "Ќе дојде ден, ќе ве судат, во името мое

...Ја судиме Македонија во овој час! Ги судиме

...испратиле, господа, далеку од оваа земја. Секој

...себе си ако се преиспита на кој род му припаѓа.

...сме се преиспитале. Не1 И го тврдам, не. Да сакаш

....семејството, тоа е голема лага. Значи, да сакам

....ето семејство, од моите внучиња, сум се излагал,

....излагал и сум ги дал децата и внучињата во

....навистина крвави. Ако помислите убаво и

....вие кои во вашите раце лежи судбината на вашите

....поколенија малку поинаку ќе настапите.

....аме седница за безбедносно- политичката состојба

....фаќаме за бунт. Што значи, бре луѓе тоа? Ако

....а се зборува (некој од пратениците се смее и

....се смеј, твоето дете, денеска е едно, друг

....внуче. Нас, кај нас во земјата овде на многу

....меѓутоа се правиме дека не го гледаме. Да.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (продолжение)

Ако се опулиме малку повеќе, ако погледнеме малку појасно ќе видиме дека сме опколени со бунтови. Јас и минатиот пат реков дека мојата партија на која што и припаѓам јас никогаш нема да помисли на таков бунт против братот. Да станам јас Блажо да го утепам, ќе си го тргнам пиштолот сам ќе се отепам, или Киро или Коле или незнам кој. Тоа не може. Знаете ли кој може да го помисли тоа? Само тој што мисли да направи зло. Според тоа, земете го бунтот како бунт притоа нашата партија, или бунт од кој треба да се запази нашата партија. Затоа на секој чекор ние сме нападнати и во весниците и на телевизија. Денес читам јас во еден билтен кумановчани мене ме напаѓаат. Јас сакам да им ги спасам децата, а тие Митко е крив дека децата не треба да му служат во Босна и Херцеговина. Значи видете ние какви сме, ако си многу добар, ако си слаб ќе те товарат сто кила, ако си многу јак ќе носиш десет кила товар. Малку да се замислиме. Ајде да зборуваме за тоа за што сме дојдени, а да не се напаѓаме, да најдеме еден заеднички јазик и да го решиме прашањето за сите луѓе кои живеат во нашата земја.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, мислам дека не само што се совпаѓа темата со веќе дадениот предлог туку самата оваа изјава, или проглас бара сериозна расправа и проценка и оценка на ставовите и оценките што се дадени. Дотолку повеќе што овој проблем доаѓа од сериозна партија која што најмногу пратеници оствари во овој Парламент и што потпис, т.е. нема потпис, меѓутоа е потпишан и пратеник на овој Парламент кој што изнесува сериозни не само инсинуации, туку оценки кои доведуваат, односно го дискредитираат републичко раководство и легално избраните органи во Републиката, го оспоруваат нивниот

легитимитет кој што во доменот на политички плурализам сигурно се дозволува секоја партија да дава свои оценки и мислења, меѓутоа тврдењата дека се одржани тајни средби, дека се има склучен договор, дека е извршено предавство, дека е направен договор за протекторат и дека се повикува на почеток на бунт и пред се на секаков отпор, а тој секаков отпор значи и вооружен отпор и секаков отпор против велепредавниците. Мислам дека најмалку ВМРО ДПМНЕ би требало да оспорува потреба едни вакви оптужби, или било какви инсинуации, или елементи ако до нив допреле до крај да не се истражат, бидејќи Македонскиот народ и сите граѓани во Македонија се и те како заинтересирани да ја дознаат вистината дали во овие историски судбоносни моменти низ кои поминува и Југославија и Македонија такви настани се случуваат. Би коригирал само предлогот што во целост го поддржува од СДС. Би предложил парламентарна група составена од сите партии кои нема да го испитуваат само овој проглас туку кој ќе се обрати не само до ВМРО, туку и до Министерството за внатрешни работи и до сите и до Владата и до сите граѓани на Македонија, секој кој што има доказ, или било какви аргументи кои што се изнесуваат да пред Комисијата на Парламентот ги изнесат таквите докази и слободно секој да може да ги изнесе со тврдење за да врз основа на тоа да се поднесе извештај пред овој Парламент и да се утврди фактичката вистина и со правата вистина да се излезе пред македонскиот народ и сите граѓани што живеат во Македонија. Единствено на тој начин можеме легитимитетот и на овој Парламент и на оваа Влада и на сите министерства да го повратиме после овој напад, т.е. не напад, оценки и ставови кои што се изнесени, кои во овој момент јас не сакам да ги квалификувам бидејќи тие треба да се утврдат, а верувам дека партијата која што излегла со ваков јавен проглас каде што

децидно тврди, сигурно и таа покрај другите ќе ја изнесе фактичката состојба врз основа на која ќе може овој парламент мериторно да утврди што е вистина во сето ова. Било какво симплифицираше на ова дека е тоа едно обично соопштение за што овој Парламент не треба да расправа, мислам дека сериозно може да ни се врати како наш неодговорен однос за судбината на Македонија. Според тоа, мислам дека токму по овие прашања би требало да бидеме единствени во смисла што тука не треба да се гледа партиската припадност, фактички да се утврди што е вистината, односно какви се процеси, или состојби имаме и овој Парламент да ги оцени и пред целото население во Македонија и пред сите граѓани да излезе со веродостојни елементи за овие тврдења. Овој Парламент не треба да заклучува дали некој треба. да се земе на одговорност за оваа работа бидејќи тоа по службена должност Министерството за внатрешни работи треба да си испита и да си преземе сопствени дејствија за што овој Парламент не треба да заклучува доколку оцени дека ова не се заснова на било какви фактички елементи .

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

За да не се манипулира со прогласот на ВМРО ДПМНЕ само ќе прочитам еден став: "со овој повик до тебе го прогласуваме утрешниот ден како трет Илинден и како почеток на бунт против договорите со кои Македонија е ставена под протекторат на Србија во остатокот од некогашна Југославија". Па јас би го замолил господинот Киро Поповски изнесе тука дека со ова наше излагање е нападнат претседателот на Републиката, претседателот на Владата и претседателот на Собранието. Дали значи тоа дека навистина 14ма некои такви договори. Овде се зборува за договори, за бунт и мислам инсинуациите е дека претседателот на Републиката

постигнал такви договори, претседателот на Владата итн. не држат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, тоа се многу чувствителни прашања и би молел сепак да има прецизност и во овие наши невообичаени реплики.

Прво, јас не употребив никаква оценка дека претседателот на Републиката, Парламентот или Владата учествувала во некои тајни договори. Воопшто не ја дадов таа оценка, туку кажав дека со овој проглас фактички се дискредитира Парламентот, Владата и сите надлежни државни органи вклучувајќи ги и министерствата и сите органи на власта и се оспорува нивниот легитимитет кој што можеби во еден поширок контекст на плурализам не би можело да се стави забелешка на било која партија за својата политичка оценка што ја дава. И затоа кога ова го говорев, мислев на првите два става на вашиот проглас каде што велите дека "неподнослива е неодлучноста со уништувачка неспособност во секој дел од животот покажуваат социјалистичката и комунистичката властодршна алијанса се покажуваат и секојдневно се потврдуваат тие кои беа неодлучни, неспособни да го водат својот народ кон суверена, самостојна, до вчера неспособни се и денес, колку и да се преобразуваат... Во овие денови кога сите народи на Балканот и Европа настојуваат да избегаат подалеку од сиромаштијата, ние македонците одиме кон губење на суверенитет и кон невидена сиромаштија? Тоа како право мислам дека секоја партија и ВМРО ДПМНЕ може да го каже, си сноси своја политичка одговорност, но негово мислење е да дава оценка своја партиска, дали овој Парламент, дали оваа Влада, дали претседателот на Републиката достојно ја презентираат м достојно се залагаат за суверенитетот на Македонија, за се ова што овде во овие два става ги кажувате. И тоа јас не го спорам како право на секоја партија во политичкиот плурализам. Меѓутоа тврдењето

дека  се одржани тајни средби, дека имаат склучен договор, дека е извршено предавство на сопствениот народ.

Второ, што е битно, она што господинот Стојковски не го прочита, претходниот став "народе македонски ние кои сме дел од твоето ткиво, отворено и гласно се побунуваме против предавништвото и повикуваме на секаков отпор против велепредавништвото". Значи извршено е велепредавништво и ВМРО ДПМНЕ повикува на секаков отпор што значи луѓе бирајте мотки, оружје и отпор да правиме за да ја спасуваме Македонија, бидејќи е извршено велепредавтво, не за поединци, туку за велепредавство како појава. Бидејќи тоа доаѓа од една сериозна партија која имаше своја програма, која што во овој Парламент има најбројни пратеници, не можеме ние другите партии да не го земеме тоа како сериозно предупредување, а бидејќи ние сме сите овде не пратеници на партиите, туку пратеници на народот да бараме од надлежните органи, од ВМРО ДГШНЕ од сите граѓани, од сите партии секој кој што има факти врз основа на кои може да се утврди ова и Министерството за внатрешни работи и сите пред оваа парламентарна група да ги поднесат фактите, а таа парламентарна група пред народот и пред овој Парламент да поднесе извештај за да се поврати тој легитимитет на сите државни органи и оваа лага, ако е лага да се симне пред народот. А доколку не е, тогаш овој Парламент мериторно да си заклучи да се преземе на одговорност и било какви одговорности за секој поединец, за секој орган во оваа Република кој што се впуштил во вакви работи, а немал легитимитет, или мандат од овој Парламент. Барем по тоа мислам дека не би требало да бидеме неединствени.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мене ми е многу жал што можеби некои тука си се препознаваат,но мислам дека постои стенограм од излагањето на господинот Киро Поповски, па може да се прочита што кажа. Буквално јас така го сфатив . И уште еднаш ќе повторам би требало ова Собрание и овој македонски народ и сите граѓани на Македонија да дознаат, затоа што е тешко обвинување тоа дека македонската делегација претходниот ден т.е. на 1 август не дошла на договори со српската делегација во Собранието на Република Србија. Мислам дека тоа еднаш треба да се скине таа хипотека, дали имало договор за доаѓање, или немало? Тоа треба да се каже јавно. Ова Собрание тука има претставници, би требало тие да се изјаснат.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници се јавив за реплика на излагањето на господин Михаил Пановски намерно со задоцнува&е . Очекував дека некои од пратениците од партијата на ВМРО ДПМНЕ ќе реагира на неговиот стил и јазик и одредени изрази што ги употреби во пежоративна смисла во однос на дискусијата на господинот Тито Петковски. За жал, тоа не се случи досега. Јас би сакал да кажам дека не навлегувам во суштината на расправите што се водеа овде во овие реплики и полемики, туку мислам дека секој пратеник има право да го каже своето мислење од оваа говорница, но да го каже коректно и со аргументи, но и не секогаш со аргументи во зависност од она колку имаат факти и колку располагаат со информацииите. Но, во крајна линија и не е битно што во крајна линија Ісе се каже од оваа говорница, или дали ќе се каже со исто мислење на мал дел, на поголем дел од пратениците, или исклучиво само

како сопствено мислење. Но најважно и најбитно е и секогаш е битно кажувањето ом оваа говорница да биде како тоа ќе се каже. Јас не би сакал и секогаш на господинот Пановски ќе му се обраќам како господин Пановски Михаил, или Михаил Пановски а никако поинаку, иако на добар дел од нашите имиња, презимиња асоцираат во оваа сала што сме овде сите на полно крвожедници од околу што биле и од исток и од запад и од север и од југ„ А и во однос на изразувањето и нарекувањето на нашата партија "комунистичка" во пежоративна и навредлива смисла. За мене господинот Михаил Пановски е пратеник и припадник на партијата на ВМРО ДПМНЕ и така ќе го ословувам од оваа говорница.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Најпрво вие почнавте господа комунисти да не навредувате нас, да ни го одземате името, да ни го кратите името на нашата партија. Ние не сме ДПМНЕ, ние сме ВМРО ДПМНЕ како прво. Како второ за мене сте биле, сте и ќе бидете комунисти додека си го задржувате правото на комунистичкиот имот. Не е доволно само името да. си го смениш. Кога ќе ја дадете таа убава зграда што ја направил целиот македонски народ на сите партии во Македонија и парламентарни и вонпарламентарни, тогаш со право ќе барате да не ве викаме комунисти и другари. Тоа е мое длабоко уверување и обидете се да ме убедите со ова што ви го кажав.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Овде некој се однесува како учител и треба друг да го укори како се однесува. Овде некој изгледа не сака да избега и од симболите на мизеријата што ги доведоа овие 50 години бидејќи сеуште остануваат тие симболи н мизеријата; петокраката, српот и чеканот. Тоа е едно.

А сега кога се однесува за вас од таа страна, од десната страна таму кога го споменувате вашето име и на Реформските сили името Реформиски сили на Македонија Либерална партија на Македонија и Вашето име кое што не го знам скратено како е во целост, тогаш го кажувате во целост, а она кога е за ВМРО, за НДП и за ПЦЕР, тогаш ги кажувате скратено и ги ставате ВМРО, ПЦЕР и НДП во ист кош. Зошто кога ќе кажете Либерална партија на реформски сили на Македонија, не кажете и ВМРО Демократска партија за македонско национално единство. Дали националното единство вас ве боли и дали од тоа бегате? И за тоа исто треба да бидете коректни и да го кажете, а не овде реформски сили на Македонија и ВМРО ДПМНЕ, е па не може така!

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Ние точката на дневен ред политичко- безбедносната ситуација во земјата ја поставивме за да видиме во кои ситуации се наоѓаме, дали на Македонија и прети опасност од било која страна и како и на кој начин да ја заштитиме оваа наша држава. Ако за тоа ја поставивме оваа точка и по неа се расправавме три дена да го утврдиме дневниот ред и ако некој утврдил или констатирал дека некој ја предава оваа земја, има ли нешто поважно за Македонија, за граѓаните на Македонија да се утврди кој ја предава Македонија и тој човек да биде изведен пред судот на граѓаните на Македонија и на македонскиот народ. И оттука страшно сум разочаран и ме зачудува зошто толкав отпор да се формира комисија која комисија на база на факти и аргументи ќе го утврди тоа дали е точно или не е точно, ако е точно да им судиме на предавниците, ако не е точно да им судиме на оние кои што сакаат некои да ги прогласуваат за предавници. Оваа точка на дневен ред ако не можеме денеска тоа да го утврдиме, не може да заврши

се до оној момент додека не се расчисти оваа работа. И од кога тоа ќе се расчисти и македонскиот парламент и сите други органи на оваа држава ќе имаат легитимитет се до оној момент над сите нас ќе виси оној дамаклов меч ние да не можеме легитимно да одлучуваме. И сметам дека никој не измислил тука нешто. Тоа е јавно кажано дека некој оваа држава ја предава. Повелете, формирајте комисија која тоа ќе го утврди и пред овој Парламент, пред оваа јавност, пред овој народ ќе ја каже вистината. И со тоа ако е така, ќе бидеме силни и легитимни да и служиме на оваа држава и народ. Ако не е така луѓето кои што измислуваат, јас имав прилика не сакав да реплицирам пред да почне оваа седница на Уставната комисија пак еден незнам на која партија и припаѓа, меѓутоа македонец кој кажа, сите оние кои дигавме рака за македонскиот народ, односно граѓаните на Македонија да излезат на референдум дека сме предавници. Мислам тоа беше на Уставната комисија. И ве молам јас барам да формираме таква комисија, ако не можеме да расправаме денеска, оваа точка да се одложи а, таа мора да заврши со извештај на оваа комисија.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Оваа говорница овде многу дрско и безобразно се злоупотребува, бидејќи веројатно јавноста го следи овој пренос овде и се изнесуваат многу крупни лаги бисери во таквиот сплет кој што рече дека на Уставната комисија, еден незнам на која партија припаѓа рекол дека они што дигнале рака народот да се произнесе за судбината на Македонија се предавници. Не е точно тоа. Тоа е една моторна лага. Тој рече дека оние што кренаа рака против уставниот закон за осамостојување на Македонија можат да бидат предавници односно не предавници туку да биде чинот предавство.

Потоа една друга работа пречи многу. Овде многу се манипулира со пулсот на јавноста, Вознемиреноста. Господа јавноста е вознемирена многу. Тоа е точно. Истата таа јавност смета дека Македонија е предадена. Не е потребна никаква партиска комисија, интерпартиска, никаква парламентарна. Секојдневното одложување на останување на Македонија во редуцирана федерација е повеќе од јасно дека станува збор за предавство за што ќе треба да сносиме одговорност сите ние кои што ветувавме дека Македонија е таа држава која што ќе се раздружи веднаш штом една се раздружи. Се раздружија, си отидоа, меѓутоа, Македонија остана. Не се согласувам дека јавноста е вознемирена од прогласот на ВМРО-ДПМНЕ бидејќи голем дел од јавноста колку што јас можев да контактирам стојат зад тој проглас.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани дами и господо, навистина постојано навлегуваме во истата стапица на секоја седница што ни доаѓа на ред. Еве и денес исто влеговме во стапица недозволена која ни е точно монтирана или од некој смислена. Мислам и тврдам дека претседателот на Собранието не смееше да допушти ваква точка на дневен ред , која е во вид на предлог, меѓутоа тоа требаше да се постави , тоа барање ако сакаше да се оди на дневен ред да се утврди во Парламентот требаше да оди преку Владата, да даде свое мислење Владата, ако требаше и преку комисии итн. Меѓутоа, непотребно овде е поставено ова прашање. Ние веќе имаме утврден дневен ред и по тој дневен ред треба да ја завршиме работата. Ако ова прашање што го покрена Социјалдемократскиот сојуз и другите партии, држи место, јас сум и за тоа, но да си ја помине цела своја процедура и да дојде по редовен пат како што треба да дојде во ова Собрание. Зошто сега отвораме материјална расправа, а веќе тоа не е на дневен ред. Нека се отвори таа процедура, нека влезе ќе гласаме, ќе се стави на дневен ред и ќе дискутираме ако треба и три дена. Ние секако, постојано заседаваме.

Јас мислам дека треба да ја прекинеме оваа дискусија и оваа материјална расправа во која веќе навлеговме и секогаш постојано да не се учиме за одредени прашања кои навистина досега требаше да ни бидат јасни во Парламентот на сите. Дури и претседателот на Републиката ни одржа една лекција како треба деловнички да се однесуваме и како да работиме. Навистина тоа е една голема опомена. Треба да сфатиме и да прекинеме, да продолжиме со она што треба да го чиниме на оваа седница.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, политичка манипулација и парламентарна неприципиелност, а и надвор од Деловникот ако Прогласот на ВМРО-ДПМНЕ не го сфатиме единствено како најажурна точка од политичко- безбедносната состојба во Македонија. Лично очекував да иницијатор за докажување на вистината ќе биде токму Партијата чиј е прогласот

Содржината на текстот кој го вознемири Македонскиот народ и цитатот ја стави Македонија под српски протекторат значи сериозно обвинение со кое се финализира и дефинира македонската званична политика без знаење на пратениците и Парламентот.

Ваквата содржина мора најзванично да се потврди или отфрли. Во спротивно ќе остане да лебди дилемата околу вистинитоста или невистинитоста на овој проглас, што ќе има катастрофални последици на формирање позитивно јавно мнение кое ние многу важно, ако сакаме да бидеме успешни во зајакнување на позициите на Македонија во разрешување на состојбите во Југославија.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, во контекст на точката која е на дневен ред, како и дискусиите кои произлегоа во продолжението на седницата морам да се осврнам на прашањето кое е покренато.

Првата реченица од моето излагање на претходната седница беше "Во Македонија веќе очигледно е дека не се сака мир". Моите претпоставки

за таква појава на претпознатливи сили кои работат против тој мир очигледно се обистинија непосредно по завршувањето на тој дел од седницата. Иако веќе добив одредени негаторски критики во одредени дневни списанија.

За Реформските сили на Македонија- Либерална партија, веќе дадениот проглас е крајно неприфатлив.

Прво, со него е потценет Македонскиот народ, неговата способност сам да расудува, а истовремено времето во кое Е ТОЈ даден, во очи 2 август зборува за намерата овој празник во Македонија да не се прослави. Овој повик , кој фактички е повик на меѓусебна пресметка во македонскиот народ има јасна цел создавање на безредие во Македонија.

Од аспект на демократијата и правната држава барам да реагираат министерот за правосудство, односно Владата против потписникот на овој проглас. Истовремено, го поддржувам предлогот да се формира парламентарна група за испитување на сите наоди во прогласот кои влегуваат во контекст на точката која ја разгледуваме, а таа политичко-безбедносната состојба во Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам реплика.

Манипулацијата со оваа говорница и понатаму продолжува и сето тоа одобрено од претседателот на Собранието.

Трет пат прашувам, нека се изјасни претседателот на Собранието дали имало контакти со Собранието на Србија во очи 2 август да се состане Делегација на Собранието на Република Македонија и Делегација на Собранието на Република Србија. Трипати го поставуваме тоа прашање и тоа што од ...за јавно информирање слушавме дека од српска страна, таков состанок бил закажан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се надевам дека и на ова прашање на господинот Стојков ќе се даде одговор, меѓутоа, сакам да истакнам дека тоа прашаше и одговорот на тоа прашање нема никаква врска со прогласот. Прогласот е пред тоа даден. Тоа е прво.

Јас не се ни јавувам за тоа, за тоа ќе даде појаснување господинот Петковски, затоа што тоа не беше моја надлежност и не беше надлежност на Собранието, ќе Ви објасни како е тоа договорено.

Инаку, сакам да Ви кажам околу разговорите со Делегацијата на Србија, неколку збора.

Сите Вие знаете дека неколку дена пред да се одржат тие разговори Вас, овде, на сите пратеници Ви е поделено писмото што го добив од претседателот на Собранието на Србија, господинот Бакочевиќ. Според тоа, Вие знаете за таа средба неколку дена порано. Тоа го знаеше и госпоѓа Димитрова, меѓутоа на друг начин зборува.

Потоа прашањето дали да се сретнеме е писмото, го изнесов на мојот состанок со потпретседателите што го држам редовно по неколку пати неделно и пред седниците на Собранието. Таму се договоривме каде да се одржи таа средба и кој да учествува. Таму, покрај мене учествуваа господинот Драги Арсов, потпретседател на Собранието и господинот Тито Петковски, потпретседател на Собранието. Тоа исто така и е познато на госпоѓа Димитрова, но она вели дека не знае дека потпретседателот учествувал.

Исто така, дадено е соопштение, кое е на целата јавност познато. Дел од* стенограмите што беа готови се веќе објавени во печатот, а останатите, бидејќи се околу 70 страници ќе бидат подготвени и ќе бидат на располагање на секој пратеник кој може во просториите да ги прочита

Тоа е вистината за тој состанок. Тоа беше сосема јавна средба во која учествувавме претседателот, потпретседателите господинот Арсов и господинот Петковски. Таа е договорена врз основа на надлежностите што ги имам , и одговорностите во согласност со членот 87 од Деловникот. Тоа е јавна средба и никакви договори не се ни преговарале, ни договарале, туку се разменија мислења. Се разговараше за меѓусобраниската соработка и за други актуелни прашања кои Собранието потоа од наша страна, т.е. раководството на Собранието.), Претседателството и од нивна страна можат да ги соопштат на надлежните органи на Извршниот совет и на другите органи во соодветните републики.

Утредента јас разговарав со господинот Мијалков. Го известив за суштината во врска со проблемите околу Прохор Пчински и што мислам, бидејќи тој ќе работи, меѓутоа, тој ми кажа дека веќе се подготвил за таа работа. Веќе закажал состанок кај господинот Грачанин заедно со господинот Соколовиќ.

Господинот Тито Петковски презеде обврска понатаму да контактира со господинот Јокановиќ и да ги поврзуваат надлежните републички органи. Господинот Петковски може да каже овде дали била закажана некоја средба на некои републички делегации на први, или не била, тоа мене не ми е познато.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на македонската јавност и е познато преку стенограмот кој што е доставен и до Радио-телевизија на Македонија и до печатот дека едно од прашањето за кое што разговараа парламентарните групи на Србија и Македонија беше и положбата во врска со Манастирот Прохор Пчински.

Се разбира, тоа беше едно од главните прашања кое одзема еден добар дел од разговорите и со својата специфична тежина најмногу внимание на македонската јавност привлекува.

Во тие разговори беше прво изразена спремност, покрената од српска страна состојбите со Манастирот Прохор Пчински да се доведат во првобитна положба, што значи се она што беше нарушено таму да се врати во првобитна положба. Земаа обврска Делегацијата од Собранието на Република Србија да се заложат пред надлежните власти и пред црковните власти што може на овој план, да не се предизвикува повеќе македонската јавност, да не се распалуваат страсти , меѓунационални итн. да се заложат таа работа со Манастирот да се уреди.

Поради тоа што го покрена потпретседателот Јокановиќ на таа средба ова прашање, ние се договоривме за директна комуникација потпретседателот Јокановиќ за резултатите од разговорите што ќе ги прават тие со надлежните српски органи да комуницираат со мене да ме информираат дали е можно натаму и како да се одвиваат активностите. Неколку пати, два-три дена после средбата во Охрид имав телефонски контакти со господинот Јокановиќ и за тие контакти е информиран и претседателот на Владата и потпретседателот на Владата и министерот за култура и претседателот на Републиката и претседателот на Собранието. Според тоа, дали може да се дојде до тоа да се сретнат две делегации кои што ќе можат компетентно да разговараат поставките во Манастирот да се вратат. Тоа е едно околу поставките.

Второ, ние се заложивме да дојде до демонстрација на 2 Илинден на пријателство, зближување на двата народа, наместо да дојде до демонстрации на партиски симболи на 2 август, поаѓајќи од тоа дека е сепак тоа национален празник, а не е партиски празник.

Бидејќи на јавноста исто и е познато имаше најавување од српскиот печат дека е можно да дојдат вакви и такви луѓе таму, така и така партиски обоени.

Во врска со тоа директно беше иницирана и средба од безбедносен аспект горе кај сојузниот министер за внатрешни работи. Да се сретнат, да оценат и од безбедносен аспект дали е можно да дојде до едно вакво општо собирање. Веднаш беше предложено од српска страна да се ангажираат неколку културно- уметнички друштва, да дојдат со општонародна веселба, а ние , јас ја имав таа обврска да контактирам и со претседателот на Собранието на општина Куманово тој да преземе некои активности околу едно културно- уметничко друштво за да биде тоа општонародна веселба. Но, после оценката што е изградена со разговорот со министерот, сојузниот секретар за внатрешни работи, на кој договор биле присутни и двајцата републички министри на Србија и Македонија сепак е дојдено до оценка дека во ваква зовриена состојба од безбедносен аспект, подобро е таква средба од таков карактер да нема.

Поради тоа што на 30 утрото јас ја добив информацијата од потпретседателот Јокановиќ дека на 1 во 12,00 часот ќе дојде еден републички пратеник од Парламентот на Србија со претседателот на Собранието на општина Бујановац и некој од Регионалниот завод за

заштита на споменициte на култура од Ниш, дали може оваа работа, што како иницијатива тие ја покренаа да се финализира. Јас тој предлог го пренесов овде, нашата седница уште траеше, на министерот за култура Цветан Грозданов. Зошто не отиде утредента таму на таа средба, јас морам да кажам дека не ми е јасно, ниту јас бев планиран во таква Делегација, како и зошто тие работи не се финализирани.

Според тоа нема никакви тајни преговори . Идејата беше според мое длабоко убедување, многу племенита и мислам дека можеше да придонесе за разрешување, ако не за разрешување барем до доближување на двата народа по овој проблем кои што со години вака ги раздвојува. И лично сум убеден дека за такви прилики можеби е подобро 5-10 дена да се преговара отколку еден ден да се војува. А имав искуство од минатата година кога наши луѓе кои беа на Прохор Пчински, беа претепани таму, затоа што демонстрираа љубов кон Македонија и љубов кон тој датум таму и тој ден. Тоа е што беше во моја надлежност и до овој момент , односно до 1, а после тоа немав никаква обврска ниту да контактирам со потпретседателот Јокановиќ.

Едноставно мислам дека оценката да не се даде можност да се дојде до масовно собирање и од безбедносен аспект дека може да ја влоши состојбата е најбитното што не дојде до реализација на тој договор и до средбата на Прохор Пчински.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Извинете господине претседателе. Бидејќи сум директно апосртрофирана, а сметам дека проблемот е извонредно деликатен, сакам да кажам дека тука на некој начин, можеби на пратениците не им е јасно, можеби на поширокиот круг кој ја следи седницата дека се работи за 2 средби.

Едната средба која била договарна на ниво на потпретседатели и претседателот на Собранието беше таа за која што јас бев информирана од страна на нашиот потпретседател и за која што одев нас разговор кај претседателот Андов и за кое што сметам дека може да биде деловнички иницирана таква средба меѓу две Собранија, но е многу чуден во озој деликатен момент фактот дека исто такво писмо и иста таква средба или барање за разговор од Словенечкото собрание пред 2 месеца уште испратено од господинот Бучар, не се става на дневен ред ни на Уставна комисија, се дезавуира а се работи за извонредно деликатна работа, договори во врска со раздружувањето. Заради таквите неуспешни договори дојде до војна во Словенија. Тука ќе направиме една брана на демократското работење, а овдека се договараат средба за неколку дена веднаш по писмото и се кршат правата на ова Собрание во овој дел без да се каже темата на договорите, без да се има став од Собранието, се присвојува една бланко можност за разговори.

Втората средба за која што господинот Којадиновиќ кажа на Македонската телевизија бил некој договор за заедничко прославување во манастирот "Прохор Пчински". За тоа Собранието не е известено Л потпретседателите не се известени. На тоа нема право никој, па ни претседателот на Собранието. Јас мислам дека е сега време да поминеме

на 1-та точка во кој што може да се инколорира секој пратеник, ако смета за важно и потребно или делови од дискусијата и свои ставови кој што има да си каже во врска со соопштението од Партијата ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да појаснам, можеби е потребно токму на госпоѓа Димитрова да и појаснам ако не и е јасно? па вака зборува. Инаку и за јавноста треба да појаснам. Средбата во Охрид е сосема во согласност со Деловникот и програмски документи овде од ова Собрание и организирана и остварена и така таа протече. Тоа ќе го видите од стенограмот. Друго, таму учествуваат двајца потпретседатели кои имаа можност се да кажат да додадат да исправат да дополнат во тие разговори. Ние тоа го правиме. За некои трет состанок незнам, нити сум учествувал, ниту јас сум предложил средба со функционери од Собранието на Србија. Тоа го објасни господинот Петковски.

Што се однесува до писмо од господинот Бучар од Словенија не сме добиле писмо, да сме добиле на ист начин би сме постапиле. Добивме писмо во кое ни ја испрати заедно со писмото и Резолуцијата за раздружување и бараше таа да се поддржи. На Уставна комисија ја ставивме, расправаше Уставната комисија и Уставната комисија во состав во кој тој беше донесе одлука целиот тој материјал да се испрати до Владата, а Владата потоа да постапи на начин што ќе даде свое мислење, ќе го обработи итн. Така беше постапката. Меѓутоа, само една додатна информација ние кога се одлучивме да ја прифатиме поканата, понудата за средба со претседателот Бакочевиќ, исто така заклучивме и испративме писмо до претседателите на сите собранија во републиката за слични средби и засега немаме одговор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Се извинувам најмногу на претседателот на Владата што настана едно мало ведоразбирање и што го замолив да ми даде претходно збор, од причина што сакам да го кажам и моето видување на ова средба како учесник во Делегацијата на Собранието на Македонија во разговорите со Делегацијата на Собранието на Република Србија во Охрид. Кога го добивме писмото по моја иницијатива јас бев тој што го условив разговарањето со Делегацијата на Собранието на Србија и инсистирав таков разговор со Делегацијата на Република Србија може да биде прифатено, доколку со едно писмо се обратиме и доколку такви разговори бараме со претставници на собранијата на другите републики. На тоа инсистирав и по тој услов прифатив да учествувам во разговорите со Делегацијата на Собранието на Република Србија. Понатаму, мене ме изненади изјавата на потпретседателот на Собранието на Србија господин Јоконовиќ што тој за печатот рече дека требало и некоја друга Делегација да разговара во Белград и дека во тие разговори и на тоа ниво да се договорат некои работи во врска со "Прохор Пчински". Јас овде одговорно и јавно изјавувам дека за таков договор на разговорите во Охрид додека јас бев присутен не стануваше збор. За такво нешто не е договорено. Тоа можеме да го провериме и во стенограмот. Исто така овде одговорно тврдам дека во состав на потпретседатели, односно на состаноците што ги држиме кај претседателот на ниво на потпретседатели не станало збор дека потпретседателот господин Тито Петковски добил некакви задолженија тој понатаму да разговара, преговара итн. да ги расчистува работите со Делегацијата и со претставници на Собранието н Република Србија. "Значи пак тие се правени без консултација на тој состав, на тоа ниво, за кое што јас сега прв пат слушам од господинот Тито Петковски. Инаку, јас сум спремен да поднесам овде и извештај доколку Владата тоа го

прифати во името на собраниската делегација и во името на Делегацијата на Владата, се она што го доживеавме во "Прохор Пчински" и сметам дека ќе биде во интерес на македонската јавност тој извештај овде да го поднесеме доколку Собранието тоа го прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, колку пати јас треба да излегувам и да појаснам ако треба. Не е тоа реплика, туку треба да појаснам, јас ја водев таа Делегација. Не сум еден од дискутантите случаен. Морам да ви кажам дека не условуваше господинот Арсов ништо на состанокот на Претседателството. Тој точно е тоа што рече дека е добро да се состанеме и со другите претседатели од другите собранија и веднаш го прифативме дека е тоа добра "идеа.

Второ, не условуваше, па да условува да биде член на Делегацијата, затоа што на Претседателството не го одредивме него како член на Делегацијата, требаше да биде друг состав. ДА не ги кажувам луѓето што требаше да бидат, затоа што тие најавија 5 луѓе од таму. И ние 5 други. После тоа се случи тие да изменат и дојдоа 3 и ние направивме делегација од 3. Според тоа не треба да се покажуваат некои работи кои не се, треба само да се држиме на вистината. Тоа по мое мислење е најточно.

Понатаму, околу задолженијата. Господинот Петковски за тие општествени активности е задолжен воопшто како потпретседател во Собранието, а претседателот исто така има задачи и овластувања некогаш да ги задолжува потпретседателите без да знаат другите потпретседатели. На пример јас го задолжив и го замолив господинот Арсов да биде водач на Делегацијата на Македонија во "Прохор Пчински" . Меѓутоа, јас не го

изнесов тоа на претседателството. Затоа што ги имам тие овластувања по Деловникот. Тоа ми е функцијата, тоа ми е позицијата. Не го прашав ни Петковски, не го прашав ни Мурати, не го прашав ни Поповски. Инаку ако треба јас за сешто некого од потпретседателите кој по закон и по устав и по деловник треба да ми помагаат за било што од нив во рамките од надлежностите кои се мои да ми помогнат и да ги испратам некаде, да ги задолжам. Тогаш да држам претседателството. Тоа е многу чудна работа, никаде не пишува и никој не може да го бара од мене.

Што се однесува до ова дека господинот Петковски контактирал со господинот Јокановиќ. Тоа беше кога престанавме таму да седиме, пиевме кафе, и таму тоа го зборувавме. Дали господинот Арсов станал и си отишол, бил некаде, не бил, јас незнам. Меѓутоа, јас реков Тито Петковски нека биде во контакт со Јокановиќ и еднакво да пренесат на нашите надлежни служби и ништо повеќе. Големо чудо е што тоа ви е сомнително вам. Сомнително ви е што треба да се отстранат сите можности од инцидент таму. Тоа беше основната цел, ништо друго. За жал имаше една тажна прослава, за чиј тек итн. сите сме огорчени.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Разговори, разделување на надлежности и слично, Владата на Македонија не знае и нема никаква белешка. Се наближуваше денот за прослава на нашиот празник Илинден, ние се обративме до Владата на Србија дали сака на ниво на претседател, на ниво на потпретседател и на ниво на министри да се посети "Прохор Пчински" и да положиме цвеќе. не добивме одговор. Протоколот наш со телекс го извести протоколот на Србија дали сакате да се организира да може нашата делегација пристојно

да биде таму. Не се одговори. Го пуштивме министерот за внатрешни работи пред сојузниот министер и републичкиот министер да разговара не се постигна убедување за гаранција и сигурност. Министерот дојде, не извести и ние дадовме соопштение кое што ви е познато.

Меѓувреме, ние си земавме нужно внимание према нашиот празник и формиравме делегација на Владата. Се формира Делегација и на Парламентот. Ја известивме Српската власт дека Владината делегација се дојде во тој состав. Ве молиме да биде пристојно без инциденти прифатено. Не добивме никакви информации и ги пуштивме луѓето. Се разбира на ризик, но ја известивме Владата на Србија дека ќе дојде. Ни еден член од Српската Влада не ги дочека.

Во меѓувреме беше информиран министерот за култура ако се прифати заедничка средба Македонија може да даде 2 ансамбла Ансамблот "Танец" и "Панче Пешев" од Куманово да присуствуваат. Човекот беше еднаш два пати, чекаше до 12 часот во очи на празникот и не добивме никаков одговор. Се разбира, тој ги повлече ансамблите.

Одеднаш, настапува на телевизија претседателот Јокановиќ и вели македонската влада не дојде до преговори. Бидејќи македонскиот паралелен не одговори на ова на Јокановиќ, денес македонската влада даде демант и опиша што станало со оваа работа. Според тоа, ние немаме ниеден позитивен сигнал што сакаше да се прифати македонската страна пристојно да си даде чест на својот светол празник, а какви разговори и преговори се обавувале од други страни, македонската влада не беше информирана.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи после преговорите на парламентарните групи во Охрид, во разговорот со потпретседателот на Собранието Драги Арсов дознав дека покрај протокуларното прашање што било главна тема на расправата, што била главна цел за прослава на денот Илинден на манастирот "Прохор Пчински" се дискутирало и за идното уредување на Југославија кој што е многу интересно доколку се доближиме до нивниот став тоа ќе го видиме понатаму од текот на оваа седница кога ќе биде дефинитивно некогаш завршена, мече ме изненадува фактот дека дел од стенограмот кој се однесува најверојатно на тие разговори не е готов, е готов стенограмот кој се однесува за званичниот дел за прославата околу "Прохор Пчински". Се прашувам дали има некои недоразбирања меѓу Владата и Собранието не ги навлекувам ни Владата ни Собранието како Делегација на дискусии понатаму по оваа точка, но ќе остане отворено прашањето дали можеби тајните средби биле во однос на тие преговори кога ќе ги добиеме стенограмите од разговорите на тој состанок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ви кажам некое разјаснување. Се што е разговарано околу разговорите во Охрид е разговарано после и господинот претседател на Владата е известен како протекоа разговорите во Охрид. Инаку, разговаравме кај претседателот на Републиката и каква делегација да понудиме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Само една процедурална забелешка. Предлогот на Пратеничката група од Социјалдемократскиот сојуз во себе не содржеше обвинение за нив. Се повика и прогласлот издаден пред македонската јавност во кој

проглас има обвиненија и во кој има повик за бунт. При тоа се тргна од фактот дека ако се обвиненијата точни тогаш некои што тоа го прави го прави зад грбот на македонскиот народ, прави предавство на македонската држава и за распродажба на суверенитетот треба да си одговара и пред законите на Република Македонија и пред македонската јавност. Од друга страна, ако тоа не е точно тој што го издава прогласот, ако нема доволно факти тоа да го потврди треба веднаш да си одговара според законските прописи. И за да се испита таа работа ние предложивме Парламентарна група. Тоа фино го забележа пратеникот Ќелешов некој нормални околности поднесувачот на прогласот треба да се залага да се формира парламентарна група, бидејќи тој ги има фактите и сака пред таа парламентарна група да ги изнесе доказите. Меѓутоа, не е се, не бидна така.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (продолжение)

Сега ме чуди. Не се прифаќа формирање на парламентарна група што ќе ги испита тие работи, а сега целиот Парламент е таа парламентарна група. Сега таа задача што требаше да ја преземе парламентарната група ја презема целиот парламент, целата македонска јавност и сега тука почнуваме кои кому што рекол, како рекол, кога рекол, преку телефон, лично, како се формирала Делегацијата, дали се стенограмите такви или не се такви. Па за таа цел ние предлагаме да се формира парламентарна група, за да се испитаат токму тие работи. Сега , бидејќи јас сум некаде во недоумица, дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во своите дискусии овде н£ убедуваат дека ниту обвиненијата се такви како што пишува во прогласот, ниту повикот на бунтот не бил повик на бунт, односно не на бунт туку на нешто друго. Од тука предлагам , доколку пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ или пред се потписникот на тој проглас се повлекува од тврдењата во прогласот дека се работи за велепредавство и за повик на бунт односно ако тој проглас бил политички блед, во тој случај нема потреба да ја формираме парламентарната група. Ние во истиот момент го повлекуваме својот предлог. Ако пак ВМРО-ДПМНЕ стои зад прогласот, тогаш дајте да ја формираме групата, нека си ја изврши работата, ќе биде мешовита составена од пратеници од сите партии, може да ја води независен пратеник и ако има докази нека се утврди тоа. Зошто сега целиот Парламент да ја врши истата работа. Тоа е токму ова , вашите прашања кои што Вие ги поставувавте кои со кого се сретнал, како се сретнал, нека се поставуваат во име на парламентарната група, не сега пред целиот Македонски Парламент.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Ако на секој паметен човек му е јасна оваа работ^ јас мислам дека треба да престанеме со овие стерилни дискусии. Дневниот ред е утврден. Ние ја продолжуваме седницата која беше започната и ништо не може да се уфрли внатре и треба да продолжиме со работа. Ако ова прашање заслужува одредено внимание ова Собрание има свои комисии, овој Парламент има и своја Влада, тоа прашан»е треба да се пропрати таму и после да излеземе со утврдуваше на нов дневен ред и на материјална расправа, а на друга седница. Мислам треба да бидеме јасни по ова прашање. Да завршиме со овие стерилни дискусии и да почнеме со она што веќе го имаме утврдено дневниот ред. Ние постојано патиме од нарушување на тој дневен ред. Не е прашањето поставено на дневен ред, а ние отвораме материјална расправа. Тоа треба да го расчистиме и молам да престанеме и да почнеме со онаа обврска што ја имавме од претходната седница да продолжиме и да ја завршиме успешно или неуспешно, зависно колку ни е нашиот ум и разум. Инаку ова ги преоѓа сите граници. Ако не да излеземе пред јавноста и да кажеме дека не сме кадри овде да расправаме за овие крупни прашања што се за Македонија, а велиме се судбоносни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова прашање е како што овде Парламентот прокоментира и некои говорници дека е во рамките на политичко- безбедносната ситуација во Републиката.

Господинот Котевски со ова не се согласува и он има право да не се согласува. Меѓутоа, поголем дел од дискутантите учествуваат од аспект на политичко- безбедносната состојба во Републиката.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Кој утврдил дека ова прашање е во рамките на оваа политичко-безбедносна ситуација. Кој утврдил? Дали ние ги негираме постоечките комисии на овој Парламент и нашата Влада која е избрана овде? Нека се пропрати ова прашање за наредна седница, ќе излезе и ќе дојде на дневен ред. Не се бега од тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па како ќе докаже господин Котевски дека велепредавството не е работа на политичко- безбедносната состојба во Републиката?

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Ние веќе утврдивме еден дневен ред и треба строго принципиелно да се држиме до дневниот ред. Во овој случај Вие пак повторно правете опструкција, пак да ни се наметнат други дискусии и други решенија. Јас резонирам со мој мозок и со моја глава. Ако сакаме да работиме како што треба ова е чисто една искра за да не се заврши работата за која сме дојдени сега. Сфатете го тоа така. Јас немам никакво поинакво мислење и лоша намера.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, Иритиран од досегашниве дискусии морав да се јавам да кажам неколку збора.

Прво, ќе почнам со изговорот на Мајаковски. Вели вака: "О коференцијаши, свикајте една конференција да донесеме заклучок на оваа конференција".

Понатаму Черчил кога го прашање новинарите "Зошто си голем политичар", тој рекол: "Затоа што заборавам она што вчера го реков". Четириесет и пет години е стварана политиката овде кај нас. Четириесет и пет години создавани се политичари кои што можат да ја доведат една ваква ситуација која што ние овде се давиме веќе не еден ден туку повеќе денови и дури шест месеци го зборуваме истото. Го замараме народот наш македонски. Се замараме овде сите ние за едни работи кои што треба да ги решиме точно онака како и што треба да се решат. Четириесет и пет години се создаваа политичари, политичари кои што прво беа како СКОЈ-евци, а после тоа одеа како комунисти, нормална работа дека треба прво да се докажат дали се вакви или онакви , од кое семејство се, каква е фамилијата итн.

ВМРО-ДПМНЕ оваа организација која што ние овде ја претставуваме од 35 члена во времето кога се јавивме ние не бевме во состојба да ги викнеме тие политичари кои што се градеа и кои што имаа една одредена цел. Меѓутоа, сите овие што седиме овде од 37, 38 души ние со срце ја прифативме , макар да имавме и луѓе кои што ги молевме да дојдат тука. Тие велеа, не, чекајте да видиме како ќе изгледа ситуацијата. Според тоа нашите грешки кои што , ние не сме во политика воведени, не треба сега да се осудува и да застануваат сега некои работи за да можеме ние да речеме дека луѓето се вакви или онакви. Јас сметам дека оние политичари кои што ја воведуваат во една ваква ситуација положбата, сметам дека треба малку поинаку да се размислат, затоа што нашиот македонски народ чека

нешто друго кое што јас за наредните точки, јас пак ќе се јавам.

Во време на формирањето на дневниот ред,ние знаеме, не сме вчерашни, години наназад тие дневни редови сме формирале. Дневен ред кој што е утврден, и дневен ред кој што го утврдуваме со часови, јас мислам дека на тој дневен ред треба да се придржуваме, а секоја друга промена на тој дневен ред, треба да ја имаме ако се согласиме ние, а ние ја наметнуваме таа ситуација овде, поготово од господинот претседател, ја наметнуваме ситуацијата велгуваме во еден конфликт кој што на крајот на краиштата доаѓаме до едни караници кои што не треба овој Парламент да ги има, затоа што јас на минатата седница реков сите ние сме македонци и сите ние бараме добродет за оваа Македонија.

Што се однесува до изборот на претседателот на Собранието, потпретседателите, ние ги избравме , сметавме дека овој Парламент ќе го водат во права смисла, онака како што и треба да го водат. Меѓутоа не вака како што ние со денови и со месеци се расправаме за некои работи, кои што нормална работа се суштински работи, не можам да речам дека не се, но пак ќе повторам треба да влезат во дневниот ред и да се расправаат.

Јас многу му замерувам на господинот Киро Поповски. Кога ќе се јави некој наш пратеник тој така фино, иронично се потсмева од говорницата, место да седи и да гледа затоа што како пратеник тој на овој Парламент со тројца или четворица пратеници е седнат како потпретседател. Нашата политика ние не можеме да ја водиме онака како што реков и порано, затоа што не сме ние политичари.

Ние не сме градени со раменици, туркани на сите страни да дојдеме на одреденото место, или некој да не поткрева. Ние сме луѓе кои што тек сега почнуваме да водиме политика. Нека господинот Киро седи и неговото иронично потсмевање да не биде онака како што тој има табиет.

Што се однесува до понатамошната работа јас сметам дека дневниот ред е утврден, ако треба оваа точка што треба, нормална работа јас не велам дека оваа точка не треба да се стави на дневен ред, ние како парламентарци да заземеме, а не да допуштиме дискусии кои што треба да се дискутираат. Јас сметам дека овој дневен ред што го имаме утврдено да продолжиме по него да расправаме, а ако треба оваа точка да се стави да заземеме став и да одиме да се расправаме, а ние се расправаме и работиме она што не само овој Парламент туку и целата македонска јавност ја замараме. Сполај ви.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам што повторно земам збор, но навистина е некоректен ваквиот однос на дискредитирање. Дали сум се јас сега насмеал или не сум се насмеал, важно е да сум човек, обичен, десет часови овде седиме па дали во одреден момент сум се насмеал или не, не треба тоа на никому да му смета, ниту пак тоа било упатено кон било која партија или пратеник. Меѓутоа, ако веќе сакаме да ја скренеме дискусијата јас носам број 42 кондури. Ако на некој тоа му смета, тоа е негов проблем.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Го почитувам мислењето дека не треба да дискутираме односно да не должиме по ова прашаше и токму заради тоа, а во рамките на точката актуелната политичко- безбедносна состојба во Републикава предложивме да се формира парламентарна група и да не дискутираме сега дали е точно или не, туку врз основа на извештаите на таа парламентарна група да дискутираме на оваа точка. Затоа предлагам да прекинеме околу ова прашање, а точката за актуелната- политичко безбедносна состојба ќе тече и понатаму. Тоа што некој сака да побара низ една друга процедура да дојде нова точка на дневен ред на некоја друга седница, сметам дека не е исправно таквото барање заради тоа што по мое длабоко убедување ништо повеќе не може да ја оптовари политичко- безбедносната состојба во Републикава, од наводното предавство на оваа Република. Ве молам кое е тоа поважно прашање кое треба да се дискутира и да се разгледа во рамките на оваа точка, а не наводното предавство на Републикава. Тука нема аргументи и со тоа да не се занесуваме иако бараме да се прекине ова , да се прифати , да се формира таа парламентарна група и да продолжиме натаму, а не да излегуваме и да настојуваме да не дискутираме, па од барање дај да не дискутираме, продолжуваме со дискусии. Мислам тоа не е во ред.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Или толку не ги разбираме работите, или сакаме тврдоглаво да удираме во ѕид. На кого овде од овој Парламент денес му е спречено што сака да дискутира по оваа точка, за безбедносно- политичката ситуација во Македонија, да го земеме во своја дискусија и прогласот на ВМРО-ДПМНЕ.

Во прашање е воведување на нова точка со предлог и за некаква си комисија, што не може да влезе во веќе утврдениот дневен ред. Дали не се разбираме. Никој не го зема правото овде да дискутираме и за прогласот, да предложи дури и формирање на комисија итн. Дали сум јасен? Цело време инсистирам за да ме сфатите.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Токму заради тоа и се дискутираше по оваа точка, за прогласот, а бидејќи немаме факти ни дека е така ни дека не е, бараме во рамките на оваа точка, бидејќи тој проглас ја оптовари политичко- безбедносната состојба, односно неговите наводи, да се формира парламентарна група која ќе го испита тоа , а не нова точка. Барањето за парламентарна група не е нова точка, туку е во рамките на оваа точка и да прекинеме со ова да нагаѓаме дали беше или не беше и да повикуваме овде да ни се прераскажува она што сите го знаеме од јавните информации.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Мораше да забележам три работи, простете ми.

Не знам тоа ВМРО бе, на кој му пречи мајката. И одма се фаќаме за тоа ВМРО. Јас ви кажав дека никакво и тврдам и морално и материјално и пред секоја власт и пред секоја партија, дека не постоеше и не постои таков бунт, како што некој го замислил. Е тука е лошото кога се фаќаме за еден елемент кој не постои и сакаме да го обистиниме тоа дека постои. Како да ни верува човек нас  дека ние не сме тие што сме. Не разбирате може во кој

Смисол сакам да кажам. Има пострашни работи кога кажав и овие што беа во Прохор Пчински, треба да му заблагодарат на тој севишниот дека се вратија живи и здрави. Не знам кој беа таму, дојдоа. Јас малку гледав една репортажа од тој манастир наш и не знам што бараа тие луѓе таму, кога четници наредени со кокарди со незнам што имаа таму, јас се чудам, јас да ме пратевте врзан таму, јас не би ошол. Не одам. Толку сме понижени, не ние, нашиот народ и толку незаштитени, а толку се немилосрдни према нас, јас не знам господин претседателе на Владата и на Парламентот, јас да сум богами не би можел никого таму да одам. Да молиш некој кој не те сака. Да одиш таму, да те чека со пушка. Лани ќотек, годинава четници. А да се чуваш да одиш во својата земја, ако влезиш малку погоре, се прашавте ли дали ќе се вратевте живи. Не. Незнам. Тука треба да се дискутира, тука е суштината на ова. Не сум против таа комисија, верувајте ми, нека се формира, нека се испита и нека слушни народот дека нема нешто злонамерно во тоа. Апсолутно нема злонамерно, макар и да не треба да се враќаме за таа работа, ако правиме комисии за секој збор, за секое намерно или ненамерно излагање, тога ние треба да работиме само во комисии и само да се обвинуваме. Значи, не треба од друга страна да дојде до прашање. Знаете ли како се познаваат луѓето? Јас ќе ви кажам. Луѓето се познаваат како полжаите. Кога заврни дожд е топло, секој полжав ќе си ги покаже рокчињата. Точно ние така изгледаме. Полека, полека секи од нас ќе види на која страна е. Ќе ги покажи малку едното рокче, па појќе и повеќе и ќе почни да паси да лази. Ние сме тие. Ви благодарам.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам да бидам краток за да придонесам да се скрати расправата.

Во прогласот многу чисто, јасно стои Извршниот комитет, а тој Извршен комитет на ВМРО-ДПМНЕ не го претставува госпоѓата Доста Димовска, таа е еден член од тој Извршен комитет каде стои нејзиното име и затоа ќе ве молам да ги одвоиме работите. Зад тоа стои Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ и пошироко спремно и аргументирано сознание кое ќе го приложиме до органите кои се надлежни да го чуваат суверенитетот и територијалниот интегритет на оваа Република и незнам зошто дискутираме овде се пратеници а таму е Извршен комитет.

**ФАИК АБДИ:**

Ова последново од страна на претставникот на ВМРО-ДПМНЕ ве£е стави капак на се, ситуацијата е јасна, само би сакал да дообјаснам една работа, ова не е неважна работа, ова е многу важна работа. Дали сме големи или мали политичари, ние седиме во овој Парламент со полна одговорност, ова е држава, ние ја водиме оваа држава и не можеме да речеме дека не сме привикнати на политика или се учиме, а ќе напишеме се и сешто. Зарем не е срамота денес во"Вова Македонија" што пишува за овој проглас. Срамота е. Се играат мајтап луѓето со овој проглас. Еве претставникот рече дека треба комисија да се види што е што. Ако овде има велепредајници да ги осудиме нема" што тука.

VI/2

Би сакал во прилог на ова во оваа точка во оваа важна работа актуелно безбедносната политичка состојба е тоа што последниот ден на нашата седница добив неколку телеграми и еден од пратениците на ВМРО што јас не го познавам беше еден помлад колега дојде и ми кажа господин Абди дали сакате да ја прочитате онаа телеграма и да кажете дека не е точно. Јас реков незнам која телеграма, ви давам збор дека не сум ги прочитал и до ден денеска само таа телеграма ја прочитав што ми ја донесе. Тој ми ја донесе телеграмата и јас прсчитав до господинот Киро Глигоров, г. Стојан Андов и г. Ваик Абди. Не им дозволувајте на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ да одат во Прохор Пчински затоа што таму ќе има некоја тепачка, убиства. Јас му реков кој сум јас да дозволам или да не дозволам, кој сум јас да ги запрам. Ако вие сметате дека не е точно станете кажете нема што јас да кажам. Морам да признаам не сум го зел тоа здраво за готово, но кога појдовме во зградата на бивша ЦК да направиме меѓупартиски договор и кога беше обелоденет овој проглас, го добивме, веднаш веќе знаев на што сме, значи некој знаел нешто дека се подготвува. Вечерта кога гледав телевизија ги видов прво нашите како полагаат свежо цвеќе, а потоа четниците со кокарди, црни знамиња и реков фала му на бога што не се појдени нашите таму, сигурно ќе имаше убиства. Значи, се знаело дека се подготвува нешто а од која страна ѓавол да ја носи.

Ако овој документ не постоеше ние на 2 август во цела Македонија планиравме и правиме по повод 2 август Ромски поетски вечери. Оваа. година Републичката заедница за негување на културните етнички традиции на Ромите МІ ГО предложи тоа, јас не прифатив, токму заради овие соображенија. Моравме дури и дежурства да воспоставиме да не одат

луѓето на манастирот СВ. Илија. Сите знаете вие што од Скопје дека Ромите од Скопје дека масовно одат горе на манастир. Имаше одење, но тоа беше малку, а не е она што било порано. Само да не се создаде некој бунт или некоја работа што не би била добра.

Ова на што се повикува немојте да се правиме толку наивни против велепредавството и повикување на секаков отпор против велепредавството. Може да постои, ништо не кажувам. Добро е што е вака мислам дека треба да заврши оваа сеанса, оваа мака, да не го замараме широкиот аудиториум и нас овде пратениците, она што е на Социјалдемократскиот сојуз да биде усвоено, а ние да продолжиме да си работиме она што треба, што очекува народот од нас, а добро е што е кажано во име на Централниот комитет на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, па да се види ако има предавства нека ги докажат.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Господо пратеници, еден од претходните говорници убаво констатира дека јавноста во Македонија е вознемирена. И јас сум еден од оние што мислат дека јавноста е вознемирена за разлика од него јас сметам дека јавноста е вознемирена од нашиот однос, од нашиот однос спрема основните наши задачи. Тоа е така. Очекувам дека ние самите тука на се договориме дали можеме со успех да одговориме на нашите задачи, да ја обавуваме успешно нашата функција, да работиме тоа за што сме платени и за што„сме повикани или "пак би било коректно од нас да кажеме дека не сме способни за тоа да распишеме нови избори и нека дојдат луѓе кои

сакаат и можат да работат за поброто на оваа држава. Во спротивно, ако вака продолжиме, ако вака се одвиваат дискусиите и ако вака ги вршиме работите навистина ќе се најдеме во ситуација тој народ за кој денеска тврдиме дека е вознемирен, да стане па да ни рече дека навистина е вознемирен и бара од нас одговорност. Вака не може.

Тука имаме секакви дискусии, секакви предлози, секакви инсинуации и вистини и невистини. Мислам дека ние имаме Деловник за работа на Собранието, имаме дневен ред на Собранието кој дневен ред не е од господ создаден кој ние сме го утврдиле треба да го почитуваме, а ако оцениме дека треба да го измениме, ќе го измениме, ќе го дополниме и на тој начин да ги доведеме работите во ред, а инаку вака не се работи. Јас навистина мислам дека вака не можеме да работиме и размислете за предлогот да распишеме предвремени избори, ние сме зрели за таа работа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Една поддршка на господинот Абдурахман затоа што навистина се гледа дека во овој Парламент се прават мајоризации. Конкретно нашата пратеничка група со 37 пратеника не е во состојба ништо да направи. Македонскиот народ што очекуваше од Партијата ВМРО-ДПМНЕ да направи јавно изјавува дека не е во состојба затоа што постои мајоризација во овој Парламент се создаваат групи од пратеници од различни партии и секогаш се против ВМРО-ДПМНЕ и се придржувам да се распишат нови избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Моите еден од заклучоците за политичко- безбедносната состојба и тоа да се распишат нови избори. И тоа е можно.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници ретко ја користам оваа говорница но сметам дека имам право и јас два збора што се вели заради тоа што ова што се случува овде во овој Парламент некако ме изненадува Почнувајќи од излага&ата на Владата на г. Тупурковски за безбедносната состојба во Југославија, во Републиката размислував дека ете од тие оцени и сознанија Македонија во овие времиња поаѓајќи низ еден мирен пат на разрешување на сите кризи на политички и економски план fr снајде сили на еден консензус на сите пратеници овде за да преку Платформата на Киро Глигоров, преку Брионската декларација, преку нашата декларација за сувереност ќе создадеме една права македонска држава во која ќе бидам и јас учесник како прв пратеник во овие плуралистички собраниски избори. Но, по ова што се случи моето мислење се измени. Зошто ако сметав до пред оваа седница дека имаме една прилично мирна безбедносна состојба во овие простори сега веќе така не мислам. Ако зад мене, зад овој парламент се повикува на луѓе издајници на оваа држава, а ја водат таа држава дали јас имам сега сигурност, дали Македонскиот народ има одредена сигурност. Јас се прашувам и велам дека нема. Немојте едноставно да ги сфаќаме работите. Работите се многу тешки. Доаѓаме до такви спротивности, до такви конфронтаци да се враќаме многу назад историски да го обновуваме лобито на самоуништување на Македонија и Македонскиот народ и другите кои живеат на овие простори. Тоа се тешки сознанија за нашата историја.

Јас ве молам ако сме за консензус, тогаш треба низ договорот да градиме една единствена политика за доброто на Македонија и Македонскиот народ. Немојте да се декларираме за консензус а да натураме свои мислења без договор. Тука нема консензус ако нема договор, а јас од овие три дена видов дека ние немаме договор не можеме

да бараме консензус, па спрема тоа и јас се повикувам дојдено е времето*да ги напуштиме овие клупи кои ги заседовме, не сме способни да креираме одредена политика која ќе биде за доброто на македонскиот народ, па нека размисли македонскиот народ дали понатаму ќе можеме да останеме овде или не, нека дојдат други кои подобро ќе ја водат политиката за доброто ка овој народ.

Пред извесно време зборував овде дека се срамам што сум во овој Парламент со вакви парламентарци. Незнам дали другите се срамат но јас се срамам па ве молам е даден еден проглас каде влева несигурност меѓу македонската јавност и ја повикува на бунт дали тоа не значи несигурност и на овој Парламент и на целиот македонски народ и сега ако бараме не само ние како пратеници во овој парламент и македонскиот народ да сознае во што е работата. Ако бараме да се формира една комисија која ќе ги испита поводите за тој повик да се расчисти пред Македонската јавност ние зборуваме не е тоа на дневен ред, а токму за тоа зборуваме. Дали можеме така да се однесуваме? Мислам не. Затоа е елузорно да правиме напади едни врз други, сите сносиме одговорност овде не само еден. Но, треба да сфатиме фактичката состојба онаква каква што е. Мораме тука да имаме консензус сите да речеме мора да се формира парламентарна група која ќе ги испита наводите за обвинуваната, дали се тоа обвинувања упатени кон Владата, кон претседателот на Републиката или кон претседателот на Собранието. Исто така спрема поедини парламентарци односно пратеници во овој Парламент, ако ги има такви. Не смееме да си играме со судбината _ на македонскиот народ. Никој за тоа нас овде нас не не задолжил, никој не ни дал такво право и имунитет. Ако не избрале на изборите тоа право не ни го дале и Ве молам се повикувам повторно ако ни го дале правото низ

избор можат многу полесно да не отповикаат. И треба да не отповикаат.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, јавувајќи се за збор во одбрана на соопштението истовремено сакам отворено да кажам дека се јавувам и во одбраната на слободата на мислењето.

Слободата на мислење е она слобода во која сите сме сигурни дека напаѓајќи ги своите неистомисленици со тоа не се обезбедува полициjски досие и да не се пишуваат обвиненија за судски процеси. Нашите сугиди мора да бидат судири на слободни луѓе во кои слободата се чува. Можеме да не се согласуваме, но заради тоа не треба да ни се заканува со полиција, да ни се заканува со некакви комисии, таквите услуги не ни се потребни.

Отворено овде треба да кажеме, а тоа на сите треба да ни биде јасно дека опозицијата секаде е иста и само во оние системи во увитаристичките таму сака таквата опозиција и спротивните мислења да се замолчат. А и овде забележуваме такви обиди дека се сака да се замолчи нешто што Партијата го дала како соопштение и нешто што таа го изразила како свое мислеше.

Јас не се согласувам дека ние треба да прифатиме такви оценки според кои овде одредени партии гледаат вознемиреност на народот, тоа е ваше гледање. Народот не е таков каков што го гледаат одредени партии. Народот е составен од различни делови кои што имаат право на поинакви мислења. Ако вие сте претставници на дел од тај народ што така мисли дека е вознемирен и дека се чувствува дека некој го предава, другиот дел од народот кој што поинаку мисли со поинакви претставници го мисли

спротивното. Затоа ние треба да ги почитуваме сите мислења. Оттаму не ни се прифатливи ни таквите методи овде кои што повикуваат на докази.

**ДРАГИ АРСОВ;** (продолжение)

Ниту пак ми се прифатливи позициите со кои што некој обезбедува монопол на докази. Ние знаеме кое време тоа беше.

Можеби на тоа време и мислеше кога господин Киро Поповски се повикува на такви докази, можеби на тоа време на кое му одзвони, најлесно беше да најде некакви докази (тихи реагирања во салата).

Ќе ве молам овде сакам едно да потенцирам дека таквите квалификации дека се врши нешто преку соопштението, некаква вознемиреност, некакви повици итн. , дека за тоа треба некој да одговара, го отфрлам, затоа што сведоци сме д^ка тоа е веќе видено, дека тоа потсетува на оние обвинувања, на оние тенденции, унитаристичките, кои што овде во името на одбраната на таквите позиции дека некој во Југославија некого руши, дека некој го нарушува единството, дека некој носи еднострани акти или поинаку мисли, ние не треба повеќе за такви позиции да разговараме зашто сме сите сме свесни кои се последиците од таквите позиции кога се разговара. Затоа неприфатливо ми е дека треба да се формира собраниска комисија за да се испитаат некакви навод* овде, туку ако треба да формираме некаква комисија, треба да формираме комисија за тие кои ја ограничуваат слободата на мислењата и слободата на партиите, да се определуваат според нивното уверување и секогаш ќе настојувам дека тоа не треба да биде такво какви што се уверувањата на другите партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ.**

Жално но вистинито дека овој Парламент изгледа го претвораме во централен комитет на поранешната комунистичка партија (аплауз) каде што постои едноумието владеење на демократскиот централизам во името на

партискиот лидер и каде што можеа да се формираат комисии за идејно-политичко диференцирање и одговорност.

Жално е и што имаме експертна Влада, меѓутоа бидејќи ние не сме професионалци, некогаш треба да ни укажат кога излегуваме надвор од она што Уставот и законот го предвидува. Во амандман 74 точка 6, став 3 се вели: работните тела не може да имаат истражни или други судски овластувања. Според тоа, ако некој презел дејствие што е во спротивност со Кривичниот закон си има надлежно министерство за правосудство, си има надлежни јавни обвинителства и должни се по службена должност, доколку се преземени дејствија за предизвикување кривично дело, да поднесат пријава за судско гонење. Тоа е жално што не доведува во овој Парламент ние да расправаме за работи кои не се во компетенција на Парламентот. Од друга страна сакаме да имаме правна држава и да изигрува правна држава. Понатаму, не навлегувам во вистинитоста на содржината на текстот, заради тоа што кажав за тоа се должни надлежните обвинителства,органот за правосудство, а оние кои го дале таквиот текст на содржината, сами ќе си ги сносат консеквенциите, што толку направиле обичен политички блеф, на наредните избори кои што треба да се организираат.

Второ не сакам од оваа говорница, доколку се вршат директни преноси, ние самите да создаваме дефектистичка политика и однесуваше кај јавноста за одговорноста и однесувањето на членовите на Парламентот. Такви сме, какви што сме и сме реален одраз на состојбите во народот. А народот си го доби она за што гласаше. Доколку некој се излажал,на наредните избори ќе се коригира и ќе добиеме евентуално пратеници, паметни пратеници, а не паметен народ а глупава структура на пратеници. Затоа сакам да кажам дека ме плаши скршнувањето од основната расправа, а тоа е точката што ја имавме на дневен ред, бидејќи уште не

сме се договориле дали ќе ја продолжиме расправата за актуелната политичко- безбедносна состојба или ќе расправаме по соопштението кое што се наметна во рамките на почетокот на седницава.

И ние во рамките на оваа актуелно- политичка состојба добивме еден многу сериозен документ од Партијата ПДП НДП, која треба сите многу добро да не замисли, бидејќи виси како меч врз судбината и исходот од резултатите на евентуално одржаниот референдум. Наместо ние расправата да ја водиме во рамките на тоа, бидејќи тоа с. составен дел на актуелната политичко- безбедносна состојба, ние расправаме за некакви соопштенија. За текстот на соопштението и за неговата судбина си има надлежни органи кои тоа хе го кажат. И затоа ме плаши дека сепак, додека Парламентот се договори да прогласи самостојност, некој друг да н§ не предукитри со автономија Благодарам на вниманието и бидејќи имаме точка на дневен ред да се договориме дали ќе ја почнеме расправата по таа точка или ќе продолжиме на втора и трета, односно како што се споени и затоа предлагам една кратка пауза за да се консолидираме во нашите емотивни настапи и малку потрезвено да ја продолжиме расправата со донесување на конкретни одлуки по она за што заседаваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде според пријавените останува да му дадеме збор уште на Ханџиски па да одиме на пауза.

**ГЛАСОВИ**: пауза, пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Даваме кратка пауза.

Паузата беше дадена во 15,20 часот.

(По паузата )

Седницата по паузата продолжи во 16,30 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор од пријавените пред паузата остана господин Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници. Јас не сум повреден од тоа што ме вративте од говорницата, кога можеше претседателот на Владата трипати да биде вратен може и еден обичен пратеник еднаш да биде вратен, сигурно. Меѓутоа лошо е што ме вративте до говорницата затоа што ми дадовте време малку да смислам што ќе кажам, иако нема ништо паметно што да мислам во оваа ситуација, но добро беше тоа што излегов трапно, и имав пред себеси поставено една задача, да кажам само една кратка реченица, и еден предлог и да замолам после оваа мачна дискусија да заврши што порано, токму заради тоа што од тој народ за кој што последните три- четворица дискутанти секој од свој аспект го потега неколку пати, ние сме избрани денеска кога расправаме за политичко- безбедносната ситуација во земјата, за тоа што расправаме, не затоа што е сложена, пардон, розова, туку затоа што е пресложена, со сите свои сили умствени, интелектуални, физички со кои што располагаме да придонесеме таа сложена ситуација постепено да се разрешува, да му покажеме на народот кој што не избра дека сме способни и спремни полека да се извлекуваме од таа сложена ситуација а не да раствараме се повеќе проблеми и повеќе отворени прашања.

Овдека, на говорницата неколку пати беше спомнат македонскиот народ на начин, на кој што, навистина, не треба да се споменува, поготово не на начин кој што во овие тешки и сложени времиња придонесува да се доразнебити неговото и така разнебитено битие, стравови и сомнежи и за

себе си, за своите синови и внуци, за своите идни поколенија. Јас повторно слушав и од оваа говорница, поготово во зборовите на господин Арсов, гледајќи на десната страна на Парламентот дека зад него или зад .неговата партија стои негов народ, дека за нас или зад нашата партија стои наш народ итн. итн. Ние мора да бидеме свесни дека македонскиот народ е еден и единствен дека не смееме во никој случај да го делиме по партиски основи. Во таа смсила се и штетите што ги донесе прогласот. Тие штети се трајни, ќе останат и ќе остават трајни последици и ние со никакви расправии денеска, со никакви аргументации и дообјаснувања, не можеме да ги повратиме и поништиме.

Ќе напоменам само еден дел од проблемите кои што произлегоа. Пред големиот празник Илинден, кој што не е ничији засебно, тој му припаѓа на целиот македонски народ, а ние си дозволивме еден дел од тој македонски народ да го спротивставиме на друг дел на македонскиот народ. Зборот ми е во следново: и да се располага со сосема цврсти докази за вакво велепредавство за кое што денеска се зборуваше овде или за кое што се зборува во прогласот, апсолутно, во една правна држава не е дозволено со таквите недокажани докази и наприкажани, презентирани докази да се оди пред целокупната македонска, југословенска, па и светска јавност. Тоа носи само штети на целиот македонски народ. Патот во правната држава, во таков случај тој е сосема познат. Со тие докази веднаш се излегува пред легалните органи во Републиката, пред органите на правосудството, јавното обвинителство. Според тоа кога тргнав да излегувам на говорница и кога сакав да се заврши точката, веднаш без да навлеземе сега во овие води сега во второто продолжение сакав да предложам, токму она што господин Змејковски го предложи Тие се сериозна партија. Тие тврдат дека имаат докази, па со нивните докази во

најкраток временски период да излезат пред органите на правосудството. А ако смета Парламентот за потребно, зашто ја сметам дека е потребно, со оглед на тоа што веќе расправавме овдека, имавме веќе триесетина дискутанти, министерот за правосудство господин Наумов на наредната седница да го информира Парламентот за понудените докази. Според тоа сметам оваа расправа да се прекине и по легален пат во правната држава да се изнесат доказите за кои што се тврди дека се располага.

Притоа сакам да напомнам, кога станува збор за такви крупни чинови на велепредавство, барем можам да зборувам во името на мојата партија дека Социјалдемократскиот сојуз, во рамките на тоа што му е дозволено пред легалните органи ќе инсистира, ако се докаже дека навистина таков чин на велепредавство е извршен, ќе инсистира на најстрогите казни кои што одредуваат со позитивните законски прописи.

Сакам на крај да се осврнам уште на едно прашање. Овде беше фрлена ракавица на двапати за предвремени избори. Јас сум, генерално веднаш против предвремени избори, најмалку од две причини. Првата причина е следната: немојте да бидеме сите, независно кој од која партија припаѓа и седи во овој Парламент, толку самоуверени и самоубедени на позитивниот исход од новите, макар, и предвремени избори. Со тоа што ние досега го покажавме и докажавме на македонската јавност, и со тоа што го сработивме, никој не може да биде толку убеден и самоуверен на најпозитивен исход од новите предвремени парламентарни избори.

Втората причина е следната. Ние не смееме да си дозволиме да влеземе во водите на нови избори, зашто знаете какви се меѓупартиски надмудрувања има во моментот кога течат историски денови за заокружувањето на самостојноста и сувереноста на македонската држава. Ние пред себе како парламент имаме поставено неколку крупни задачи кои

што мора да ги завршиме во наредниот рековме тримесечен период а најдоцна до 30 септември, дури спор д некои последни предлози. Дури и тоа вие може да прифатиме и да одиме на нови избори, откога тие основни задачи во кои си поставивме една круцијална задача, да го довршиме процесот на воспоставувањето на осамостојувањето и суверенитетот на Република Македонија, да ги довршиме, и дури после тоа веднаш и тогаш во законски рок можеме да поминеме нови избори, со кои што ќе покажеме пред македонската јавност и пред државата, за која што се надевам дека во тој период целосно со државно- правни акти ќе ја поставиме на здрави нозе. Така ќе создадеме услови да се префрлиме кон нашите основни задачи кои се пред нас поставени во овие тешки денови, а тоа се економските состојби и проблеми, да се покажеме пред македонскиот народ што на тоа поле можеме да му придонесеме.

Со оглед на сериозноста на проблематиката и на тоа споменување на нашиот народ, ќе ви кажам што ми се случи на големиот Илинден пред неколку дена во Владимирово каде што чествуваме секоја година и каде што се сретнав со две-три илјади народ. На прашањето: што правите вие во Парламентот?'одговорив дека самите гледаат што правиме, на што добив одговор дека гледаат што правиме, ама не си веруваат на очите. На прашањето што прават тие луѓе ми беше одговорено ќе излегуваат во гора зелена. Јас реков дека не е време за пушки, за битки, затоа што денешните битки ќе се водат на друг начин, со друго оружје, со ум, со разум и со знаење, на што ми беше одговорено дека не одат со пушки во горага зелена туку да кастрат недокастрели застегарки и дека на враќањето можеби ќе поминеле пред зградата на македонскиот парламент да не поздрават.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Слушајќи ги ораторските способности на господинот Ханџиски, да го потсетам дека ластегарката има два краја, секогаш. Но би ве прашал вас како партија конкретно, точка 9 од Декларацијата од пратеничките групи ПДП и НДП што ги гледаме, денеска се присутни во Парламентот, албанците во Македонија имаат право да одлучуваат за својата судбина и во тој контекст да го понесат својот дел на одговорност за дубината на Републиката. Што значи тоа?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние така се договоривме овде, како што знаете таа Декларација не ја ставивме во дневниот ред, туку рековме ќе добиеме прво мислење од Владата, па после ќе видиме како ќе постапиме .

За збор се јави Абдурахман

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Се разбира дека еден текст може да биде прочитан и во негативна смисла. Ако намерата на читателот е таа, тоа може и така да се сфати. Меѓутоа, содржината на точката 9 е таа како што пишува. Дали некој мисли дека ние, албанците како граѓани на Македонија немаме право да гласаме за судбината на Македонија?! А ние тоа го чиниме. Ние и затоа денеска дојдовме на ова Собрание, за да се договориме да ја прогласиме Македонија за независна, самостојна итн. и ние место под сонце бараме во овој простор во оваа Македонија, во оваа држава. Впрочем, јас незнам али пратеникот што го постави прашањето беше присутен на седницата на

Собранието кога членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија господинот Тупурковски иста таква формулација употреби и рече дека граѓаните на Македонија се обврзни да сносат, секој дел од одговорноста за судбината на Македонија. Добро, тој текст е малку порано даден, меѓутоа коендицира со тоа што е веќе дадено. Јас незнам дали може и дали намерата е таа да се оспорува правото наше да излеземе на гласање на референдум. Ако е тоа така, тогаш треба да се каже. Никакви други конотации нема таа реченица. Никакви, ама баш никакви. Јас незнам какви докази сакате други, нема други конотации. Таа сака да каже дека и албанците како и сите други ќе излезат на гласање, ќе го дадат својот глас за оваа Македонија. Ние нон-стоп ве уверуваме, изгледа дека не сме доволно убедителни да ви кажеме дека ние ја сметаме оваа Македонија за наша држава. Ако вие господа, некој од вас мисли да не испрати негде, како што, впрочем, има такви предлози да се даваат пасапорти за патување во непознат правец, јас тој правец не го знам каде е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали по оваа точка уште некој бара збор.

Има збор господин Неделковски

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Овде за овие неколку дена распра ва за македонската држава нема да дадат резултат и се бесцелни кога Македонија е во рацете на комунизмот заедно со пратечките реквизити на овој систем, знаците и симболите на сиромаштија, тоа се нејзините симболи. За работничката класа тоа се симболи и благосостојба за ораторите, демагози кои 50 години веќе беа учени само на празни фрази, а за нивната неспособност беа виновни и други земји од соседите и сите капиталистички држави во светот. Одговорноста тие перфидно ја префрлале врз партии кои вчера дојдоа во

политиката, а сето тоа го прават со помош на одредени луѓе во информативните средства, т.е. со директорите на овие средства. Одат дотаму што и моменталната ситуација. во Југославија ја префрлаат врз ВМРО ДПМНЕ, а таа криза е производ од 50 години комунистичка диктатура врз народот со специјални мерки и тези за големината на тој систем со грандиозен бирократски апарат. Само за пример работи колку што можеш земи колку што ти треба добредојдена парола за директорите и политичарите да можат колку што им треба да земат а никому да не одговараат. Потоа воведоа колективна одговорност, бидејќи сите крадеа а колективно никој не одговарал досега. Ако работникот беше избркан од работа или сеуште се брка од работа, само затоа што ќе укажеше на кражби и девијантни појави, веднаш во книшката се даваше карактеристики за лош и непослушен работник и го бркаа од работа. Додека директорите и политичарите уништуваа фабрики со 5.000 работници никој не ги бркаше а и не смееше бидејќи беа школувани во Кумровец. Купуваа машини за фабрики половни а овде и преку телевизија ни се трубеше и се претставуваат како посебен збор на техниката. Дел од тие пари одеа во џебот на политичарите и директорите и можеби и нивните синови седат уште овде, Градевте текстилни фабрики во секое гравче и гратче, а памукот, конопот, ленот ги уништувавме, во Македонија врз кои се базираше текстилната индустрија во Македонија. Се градат сеуште свињарски сточни и други фарми, а селанецот се уништува, наместо тој да одгледува добиток. ПО се изгледа дека директорите и политичарите одгледуваат свињи за селата, за сопствен интерес имавме најквалитетни раноградинарски производи а увезуваме од надвор, бидејќи поевтини од нашите само за тоа што Марковиќ не дозволува заштитни препрати да увезуваме од таму каде што с г поевтини, туку мора од Србија и Словенија кои се скапи, па v. самиот производ го чинат скап на пазарот.

Мора земјоделски машини да купува Македонецот од Србија и Хрватска иако поевтините се на запад и тракторите и комбајнот и приклучните машини. Мора Македонецот да вози Југо и Застава 101, Флорида кој е постап од БМВ. Мора грозјето на Македонецот да му го купува Словенецот и како најквалитетно вино да го продава на светскиот пазар како словенско вино.

Македонецот во Македонија има три кланици а нема македонска месна индустрија и мора од Србија и Хрватска да купува месо и месни производи. Мора да купи нишки или горенски телевизор иако светските се поевтини и поквалитетпи.

Мора праксите, кајсиите и раноградинарските производи да одат во Словенија и оттаму да се враќаат како финален производ многу поскапо.

Српскиот, хрватското, словенското и босанското на стопанството на Македонија им должат пет години македонецот да не работи а да добива плата. Тошто одеше македонското злато во Србија. Зошто последниот скандал со нафтата никој не го откри. Дали не се замешани врвни политичари и лица во оваа работа и баш поради тоа што нафтата отиде таму каде што не требаше, во Србија што беше резултатот цената на горивата другиот ден да поскапат за 2 динари. Сето ова е само мал дел од она што Македонија била користена како колонија од овие три републики, само затоа што на чело немавме вистински македонец.

Дали овој колонијален статус не е резултат на тоа што нашите работници одат голи, гладни и боси ако земаат плата, таа е во бонови која мора да се реализира само во самопослуги, додека инкасантните за струја, вода, телефон, телевизија не наплаќаат во бонови туку во готово. Сето ова е резултат на 50-годишно владеење и диктатура на комунизмот. Денешните

партии кои се негови директни наследници, сакајќи да^се ослободат од сето ова вината ја префрлаат, врз некои национални партии. Тие дури се прекрстија за наредните избори за да не знае народот кој се виновниците за неговата сиромаштија. Тие така и го воспитуваа овој народ, да не знае баш многу за да можеш полесно да го пљачкаш. Не е ли сето ова директен бацил кој се размножувал овие 50 години и својата кулминација ја достигна сега со овој хаос во Југославија и војна.

Остатокот на Македонија во било каква Југославија само ќе не доуништи сите нас. Со осамостојувате ќе немаме тутори врз економијата туку сами ќе размислуваме како поевтино ќе произведуваме, а скапо ќе продадеме. Другите југословенски републики со нашиот производ правеа квалитетен и заштитен знак во светот за својата република. Тие републики денес за кои што ние денес плачеме, не ќе можат словенците, србите, хрватите и босанците, т.е. од Македонија да јадат и да се облекуваат на вересија. Политичарите и економистите вазали не ќе можат да опстанат на досегашниот начин на работа. Македонија со осамостојувањето би добила она што давајќи им на другите републики бесплатно би го добила за себе. Некој во Македонија се плаши од богат македонец. Можеби некој е платен за да го осиромаши овој народ. Според мене тоа се сите оние кои што учествуваа во креирањето на Македонија и учествуваат во власта на Македонија и до ден денеска, кои што земаат по 10 и 20 милијарди пензии па и плати, кои управуваа од фотелји со Македонија. Работникот и земјоделецот кој беше по фабриките и нивите има пензија од 300 до 2.000 динари. Па затоа барам високите пензии да се симнат на 4.000 динари!а

максималната, најниската на 3.000 динари.

На некои партии мувата им брмчи на капата па се повеќе трубат каде ќе имаат можност дека ВМРО ДПМНЕ сака војна. Ние не сакаме војна, ние сакаме само како македонци да живееме во македонска држава. А држава не се прави со неспособни. А токму сега на некои врвни места на Републиката седат неспособни луѓе. Па таму каде што е најосетлив нашиот народ тука и пропагираат дека некој ќе му ја донесе војната на вратата, за да не може да гн види сите тие што со досегашните однесувања му ја донесоа војната на овој народ во Југославија.

Овде на оваа говорница исто така се изнесуваат ластегарки, некастрено некое си дрво. Овој народ досега со некои негаторски востанија му се даваше до знаење дека сепак тој не е способен за држава. Само да потсетам на некои востанија кои што досега ги креваше македонскиот народ а некои укажуваат дека се тие вакви или онакви, да кажам дека тие имаат конотација на врховистички востанија. Сите тие востанија, уште пред да се формира ВМРО, онаа вистинската 1893 година, (некој од пратениците реагира) ќе ве молам ако не сте трпеливи да ме сослушате. Уште за време на тие востанија во Бугарија одеа Македонци, бегаа од политичката ситуација која што им беше наложена. И таму одејќи во бугарскиот двор добиваа чинови на капетани и други офицерски чинови. После тоа тие беа испратени во Македонија за да војуваат против македонскиот народ или да креваат востанија. Беа тоа вазали на бугарскиот двор. Што значи дека Македонецот требаше да се прати да војува против Македонецот кој што не можеше ама апсолутно да му донесе среќа, некој македонец кој што живеел 30 или 40 години надвор од Македонија, па сега да го ослободува. Тоа беше истото и тогаш.

VII/14.-

ВМРО, кога се формира 1893 година, во своите услови јасно стави дека никој не може во Македонија и со Македонија да управува кој што живее надвор од Македонија, туку треба директно, тука да живее во Македонија, да ги чувствува последиците од тој систем и од тоа туторство. А денес, нам ни се кажува дека тие македонци биле ослободители или дека им се даваат разни вакви или онакви конотации,што не е сосема вистинито.

Потоа, синојка имаше и коментар на Геншер кој исто така рече дека ќе ика економска санкција против Србија бидејќи е таа која го загрозува мирот во Југославија и е против осамостојувањето на Хрватска и Словенија. Со ништо нас не не спомна во контекстот на осамостојувањето на Словенија и Хрватска, туку не спомна во контекстот на Србија која што го нарушува мирот. Тод Велер кажа исто така пред некој месец дека исто така ќе уследат економски санкции против Србија и против нејзините тарабанти, а ние толку многу се повикуваме на таа економска помош од светот.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ: (**Продолжение)

Потоа ако една Република се отцепи исто беше кажано, од Југославија, тоа ќе го направи и Македонија, ако војската од една република се повлече од Југославија, тоа исто ќе га направи и Македонија. Дека оружјето се зема од териториjална одбрана од Македонија ние укажувавме уште пред 6 месеци, а сега пред некој ден потпретседателот на Владата кажа дека територијалното оружје од Македонија е однесено, дека ни еден војник, ниеден резервист од територијалната одбрана не може да оди надвор од Македонија, а сведоци сме дека во Ниш има наши луѓе од територијалната одбрана и дека двајца од нив се овде дојдени и дека милицијата ги брка и им ги претура становите и тоа таа милиција е од Сингелиќ. Исто така, беше спомнато дека и војската треба да се повлече, па ете и војската не е повлечена. Дали има поголеми резултати од тоа што е кажано, а не е досега остварено.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, настаните што се одвиваат последните денови во останатиот дел на Југославија ги разоткриваат вистинските намери на најмилитантните кругови во Србија. завчерашните разговори со министерската тројка на Европската заедница открија дека раководството на Србија сака да ги наметне, сигурно во тоа и ќе успее војна на цела Југославија, а со единствена цел создавање на голема држава каде сите Срби ќе бидат под еден единствен шатор. Она што со години наназад се експортираше во другите републики како еден вид на револуција со цел"да се зачува единството на Југославија", сега се трансформира во својата најагресивна форма наречена војна, а со

единствена цел проширување на внатрешните граници на најмоќната воена република. Трагичноста на овој чин не се состои само во фактот дека ќе, се војува, туку и во фактот дека таа војна ќе ја наметнат најмилититантните кругови во Србија, додека во армиските редови ќе се најдат синовите на сите граѓани на земјата кои ќе се борат против нивните татковци, мајки, браќа и сестри, а во корист на интересите на друга република. И додека пацифистите се повеќе организираат манифестации против војната, а аналитичарите ги разгледуваат сите можни опции за излез од кризата, на нас политичарите ни останува да донесеме одлуки кои ќе бидат израз на волјата на народот. Најврвните политичари на Македонија досега вложиле голем труд и доста знаење кризата да се надмине со политички средства и преку дијалог на разумните, но реалните состојби покажуваат дека живееме во време на ирационални одлуки и се повеќе се убедуваме дека таквото решение најмалку е можно во дадениот миг. Имајќи го во предвид фактот дека тие што се определиле за војна најмалку се заинтересирани за мирна разврска. Ние мораме да бидеме свесни дека и покрај нашата добра волја за мир, војната може да ни се наметне, па во согласност со таквата логика треба да ги насочиме и нашите опции. Примарно е реално да ја толкуваме филозофијата на Ками дека војната е во можностите на човекот и дека таа не е лош сон кој брзо ќе мине во времето кога наместо да исчезне од лошите соништа, луѓето се тие кои исчезнуваат и непотребно умираат само затоа што не се преземени соодветни чекори. Меѓу тие соодветни чекори што треба да ги преземеме овие денови е судбината на нашите сојници во ЈНА. Наше е да одлучиме дали тие млади луѓе и после мораториумот ќе се борат на страна на хегемонистичките сили, дали тие понатаму ќе се борат за оживотворување на идеалите на начртанието и меморандумот на САНУ за Голема Србија, или ќе се вратат во Републикава да ги бранат нашите

граници. Лично мислам дека ова не е тол^у лесен проблем за решавање, дека тоа бара посебни напори како на економски, така и на политички план Меѓутоа, сме во доведени во состојба кога немаме што да бираме. Во моментот кога мораториумот и не се почитува со доста реални изгледи тој и да се прекине пред да почнат вистинските преговори за иднината на Југославија. Ние активно треба да го подготвиме теренот за нашата иднина заедничка и врз рамноправни односи. Мислам дека секакви преговори, разговори каде преговарачите не се потполно рамноправни се осудени да завршат без успешно. Во овој контекст најмоќната воена сила во Југославија настапува од позиција на сила, додека другите на воен план многу послаби се приморани да се повикуваат на мир. Во ова лудило на мислеа>е, дејствија и опции, нашите напори треба да ги насочиме кон тоа што треба да сториме додека трае привидниот мир за да можеме успешно да се снајдеме во услови на наметната евентуална војна. Каква ќе биде иднината на Македонија зависи од нашата сегашност, од тоа какви односи ќе градиме внатре во меѓунационалните односи, како ќе се однесуваме кон вистинските потреби на ситее националности во Македонија, дали реалните барања за рамноправност ќе ги уважиме, или тврдокорно ќе ги одбиеме, дали нашата определба ќе биде Европа на која с§ повеќе се повикуваме, или декларативна Европа, а фактички јужноафриканска република. Ако со право досега сме квалификувани како најмирна република во немирна Југославија, тоа не значи дека тоа и понатаму така може да биде со оглед на многубројните внатрешни проблеми и тешкотии како на економски, така и на политички и на меѓунационален план. Некои од тие проблеми на вештачки начин ги создавате Владата на Македонија пред се во непризнавањето на резултатите на изборите во општина Тетово и Гостивар. Со тој чин Владата на Македонија залагајќи се за Европа официјално

воспостави апартхејд во Македонија, чин кој веќе не се применува ниту во јужноафриканската република. Разните прекршочни пријави кои достигнале шифра од неколку илјади во овие мигови се во функција на понатамошното заострување на односите Влада Албанци и во функција на дестабилизациони трендови во Републиката. Не мал проблем е оневозможувањето на школувањето на околу 10 илјади ученици во средното образование. Сите овие, а и низа други нерешени проблеми ги наведуваат Албанците на размислување дали Македонија подеднакво ги третира нејзините граѓани, дали Владата на Македонија преку некои нејзини министри работи за оживотворување на програмски цели на некоја политичка партија, или е експертна и дали конечно до Републикава има демократски сили кои ќе се заложат за рамноправен статус на сите без оглед на нивната национална припадност, раса, боја, јазик и пол. Вистинска илузија е ако некои мисли дека Македонија може да биде самостојна, суверена и европски насочена земја ако во неа еден голем број на населението не ужива рамноправен статус, илузија е самостојноста и сувереноста ако и тоа население активно не се вклучува во прогласувањето, изградбата на таа самостојност и сувереност. Негирањето на вољата на еден дел на населението во другите републики допринесе да денеска наместо да зборуваме за мир, војната ни е присутна на секој чекор, наместо проблемите да ги решавање преку дијалог, правиме обиди да ги решиме преку нишанот на пушката.

Албанците во Македонија не се против самостојна и суверена република, ако таа самостојност ја прогласиме и ја градиме со заеднички сили врз потполно рамноправна основа. Тие секогаш ќе бидат против самостојноста која ќе ги негира нивните индивидуални и колективни права во било кој сегмент на животот, почнувајќи од економскиот, културниот,

образовниот, општествено- политиќкиот сегмент и друго. Ние тргнуваме од определбата дека постојат историски, економски, културни и општествено-политички интереси за заедничко живеење врз рамноправна основа. Дали ќе биде така како ги замислуваме работите не зависи само од Албанците и нивната волја за заедничко живеење, туку и од самите Македонци кои време е да докажат дека се за еден таков вид на заеднички живот врз рамноправна основа да докажат дека се против било која форма на нерамноправност и дискриминација врз национална основа, или било каков вид на хегемонија врз другите. Само врз таква основа вратите на Европа и меѓународното признавање на Македонија ќе бидат ширум отворени, во спротивно ќе имаме слични состојби како што ги имаме во цела Југославија. Македонија има историска шанса да ја отфрли хипотеката на репресивна држава, на држава на нерамноправни народи и граѓани која хипотека со децении со голема грижа е градена било под притисок, или влијание на големосрпскиот шовинизам, или поради недостиг на оригинална политика во градењето на меѓунационалните односи. Сметам дека со добра волја на сите во новиот Устав на Република Македонија може да најдеме максимално современи решенија за рамноправна положба на сите без оглед на нивната припадност. Во тој склоп на решенија секако треба да водиме сметка за интересите на сите во Републикава, а не само за интересите на еден народ. Реално и сосема на место е во новиот устав и Албанците да бидат носители на државниот субјективитет, реално и сосема на место е да се креира адекватна јазична политика каде албанскиот народ во Македонија би имал рамноправен третман со македонскиот, реално и сосема прифатливо е Албанците да бидат рамноправни во економскиот, политичкиот, образовниот, административниот и општествениот живот. Со оглед на фактот дека пред нас постојат многу нерешени проблеми во

меѓунационалните односи, Владата на Македонија, претседателот на Републикава, претседателот на Собранието, политичките партии и сите граѓани треба да вложат максимални напори во совладувањето на тие тешкотии со цел да пред прогласувањето на самостојноста на Републикава се креираат добри и здрави меѓунационални односи. Затоа новиот устав на Македонија како највисок правен акт треба да ги нормира на адекватен начин правата и должностите на секој граѓанин или етникум со цел идниот референдум да има свечен карактер. Во овој контекст сметам дека работата околу Уставот треба да заврши што побрзо. Само така ќе се создаваат услови за враќање на довербата на граѓаните кон државните институции.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас нема да промовирам барања како претходникот. Ќе бидам практичен и ми се чини умерен. За актуелната политичко- безбедносна состојба во Републиката ние ќе мораме да расправаме не само до прогласувањето ан самостојноста на Републиката, туку и после тоа. Секоја расправа е плодна доколку нејзината содржина се заснива на реалноста, а таа пак од своја страна е гаранција за вистинската одлука во дадениот момент. Народот во една држава ги надживеал многуте политички партии само затоа што тие почнаа да говорат во негово име, говорејќи во негово име го направија безгласен, а со тоа ја прекинаа врската со народот. Врската со народот се прекинува оној момент кога е очигледно дека одлуките што се носат не се реални, не ја изразуваат вистинската состојба, а народот како природен судија одлучува дека е измамен. Мислам дека кракот и крајот што го доживеа Комунистичката партија на Македонија треба да биде поука и денес за сите партии во Република Македонија толку од овие причини. Народот бара овој

Парламент да носи вистински одлуки, не изнасилени кои во,крајна линија ја постигнувањата саканата цел да го сочуваме мирот и животот на граѓаните на Република Македонија до конечната разврска на југословенската криза и создавањето на самостојна и независна македонска држава. Условите за тоа се создадени и секој избрзан потез кој не води сметка за реалниот однос на снагите во разврската на југословенската криза може да предизвика крајно штетни последици по судбината и опстојувањето на македонскиот народ во овој историски миг. Реалните и мудри одлуки да се заложиме овој пат да бидат вистинскиот сојузник на овој Парламент и врската со народот треба да биде преку овој Парламент.

Во оваа прилика сакам да укажам на некои моменти зошто на политичко- безбедносната состојба во Републиката има влијание и работата на овој Парламент. Лично сметам дека сеуште не сме се ослободиле од манирите својствени на предизборната активност каде и не се водеше сметка за тежината на изречените зборови. Една анализа на однесувањето ов расправите, настапите, содржината и несодржианта на предлозите, непотребните реплики, обиди за надмудрување и слично, директно влијаат на политичко- безбедносната состојба во Републиката, а со тоа и на расположението на народот. Заради таквиот однос овој Парламент се занимаваше самиот со себе и кога ќе се измореше почнуваше да работи и одлучува како Парламент. Од измочениот нема многу корист. Сакам да повторам, кога се работи за суштествени прашања од интерес за Републиката, како што е сегашниот момент нема расправа, реплика, надмидрување на седница, туку тоа мора да биде сторено на комисиите и другите договарања. Овде треба да се дојде со чисти сметки и тогаш ќе почне да ја остварува Парламентот својата функција највисок орган на Републиката. Вистината е таа дека поради ваквата работа на

Парламентот Републиката доста доцни во донесувањето на своите државно- правни акти за нејзината самостојност. И тука Владата не беше доволно енергична. Ова е сигурно трето продолжение на седницата по оваа тема и сметам дека основа за расправа и заклучување треба да биде излагањето на д-р Васил Тупурковсхи и Извештајот на Владата на Републиката затоа што ја даваат во основа целината на состојбите како реална и можните решенија од истата» За мене посебен заклучок е неодложната потреба да се донесе новиот Устав на Република Македонија во овие вонредни околности, а најдоцна до крајот на траењето на мораториумот согласно со Брионската декларација. Овде кој гарантира дека рокот во мораториумот ќе се почитува? Мислам дека веќе тој никогаш не се почитува од никого и дотука како неминовност се налага донесување на уставен закон за прогласување на Република Македонија како самостојна и независна држава. Сведоци сме ако се следи расправата, недоразбирања се јавуваат и по ова прашање. Денеска донесена е одлука за пристапување кон донесување на новиот устав и како се застана на тоа. Роковите кои беа дадени за неговото донесување не се соодветни на времето и условите и мора да се напуштат. Затоа сметам дека во овој историски миг мора да се забрза постапката на носењето на новиот устав и во текот на оваа недела, овој Парламент треба да го утврди Нацртот на уставот и да се обезбеди јавна расправа, а уставниот закон, ќе повторам е неминовност. Мое лично видување е тоа дека ако во рокот со Брионската декларација не се постигне согласност меѓу југословенските републики за евентуалната и можна заедница, или сојуз,-секоја република станува самостојна и целосно суверена држава. Во Федерацијата републиките како држави само дел од својата сувереност ја пренеле на Федерацијата. Ако Федерацијата не постои јасно е дека републиката ја има целосната своја сувереност и самостојност. Ова не треба да биде непознато.

**ТОМЕ СТЕФОВСКИ** (Продолжение):

Југославија постои и ќе постои се додека ја признаваат државите. Мора да се прави разлика меѓу фактичката состојба и правната Зборувам само за правната.

Во однос на политичко- безбедносната состојба во Република Македонија своевидно влијание има и односот кој се искажува према претседателот на Републиката и кон сите оние кои на овие во овој парламент им даде доверба. Мора да се почитува авторитетот на претседателот на Републиката. Сметам дека истиот има голем дел од заслугат, што во Македонија владее мир и каде не се гине. Ние врпочем дадовме поддршка на неговата платформа. Со обидите за рушење на авторитетот на претседателот, сметам дека слабеат преговарачките позиции на Републиката, како во Југославија така и во странство. Сметките за довербата мора да се поднесат подоцна. Потегот што го направи Владата на Република Македонија во манастирот Прохор Пчински е државнички и во прав момент. Единствен заклучок е тој дека на манастирот не присуствуваше народот на кој му припаѓа истиот и дека без народ може да биде милициска станица или сл. но не и манастир.

На политичко- безбедносната состојба во Републиката своевидно влијание има и однесувањето на албанското население во Републиката. Сакам да укажам дека во Република Албанија живее помало по број македонско население од бројот на албанското население во Републиката без доселените иако македонското население во Албанија е коректно како национално малцинство, сметам дека и домородното албанско население, веќе А така се однесува што го цениме.

Во Република Македонија живее и друго население кое веќе ја искажува својата лојалност и определба кон самостојна Република Македонија тоа однесување треба да се уважува, што придонесува за стабилноста на Републиката и основа за нивното заедничко живеење. Никој не треба да се иритира и да создава и да создава непријатели внатре во Републиката. Правата на секого ќе бидат утврдени во Уставот и само со почитување на човековите права има смисол брише&ето на границите и влегувањето во Европа. За да може Република Македонија и натаму да остане настрана од војната што се води во другите републики, потребно е сите граѓани на Републиката со своето однесување да дадат придонес кон мирот со меѓусебното уважување. За Република Македонија голема опасност претставува економската состојба, а од неа зависи и политичко-безбедносната состојба. Дали може Владата да стори нешто на ова поле кога имаме закани за Владата, кога се формираат паралелни влади во сенка, кога се критикува за се и сешто и најчесто неоправдано па и да се руши истата. Во овие услови таквите постапки се непримерни и свесно се турка Македонија во безвластие и граѓанска војна за да стане плен на туѓи интереси. Во вакви услови пред седниците треба да постапуваат со сопствената совест.

Во овој Парламент има пратеници кои немаат доволно содржина на своето искажување па трчаат по она што друг го рекол. Мислам во однос на потпретседателот Љупчо Георгиевски и време е да престанат заради нивниот идентитет.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во рамките на политичко- безбедносната состојба кај нас сакам да укажам на некои од старите методи со кои се

служи новата власт за да се доведат сите демократски сили во зависност од вишата сила, т.е. да се отстранат непослужните, а да се прифатат оние што наведнуваат глава пред "центарот" пред вистинскиот највисок центар кој што не сме ја имале таа среќа да се наоѓа во Скопје, односно Македонија. Нивната илузија беше од наша страна дека старите кадри кои застанаа на нови места ќе ги заборават методите со кои до вчера тие станаа само пожестоки. Ќе посочам само два примера. Како пример бр. 1 говорот на господинот Стојан Андов на прославата на големиот Илинден во Крушево, како и целокупното сценарио на таа прослава.

Во плуралистичките услови се очекуваше да се извлече историската, духовната и културната димензија на прославата, а таа беше искористена за напад во познатиот стерио-тип на мунизмот при што потиснат просторот на Крушево светилиштето на ВМРО-вската борба која имаше свој епилог во независна Република прва во Европа.

Имињата на тие чесни луѓе кои длабоко врзани во високиот идеал на својот народ не беа ни спомнати, а не беше спомнат ни Методи Андонов Ченто првиот претседател на АСНОМ, втор Илинден, водач на Партизанското движење на Македонија трибун на народниот дух, непослушникот и македонската гордост. Со неговата борба во која влегува Вардарска, Пиринска и Приморска Македонија, сите три дела го доживеа својот геноцид на водечките личности од српската, бугарската хегемонија.

Нападот врз политичките партии кои покажуваат непослужност према хегемонијата доби југословенски публицитет на ЈУТЕЛ, не беше отфрлен и заборавен настанот во Прохор Пчински за Иван Андреевски кој не извести дека полагањето на венец беше под притисок на полициските и четничките сили,со тоа беа срушени сите цивилизациски норми за прославата на највисокиот национален...бугарска страна од неофицијално место беше

побарано полагање венец од формулација која длабоко ги навредува чувствата на достоинството на нашиот народ. Продукт на тие делби и притисоци е интелигенцијата која понизно наведнува глава, штитејќи ги исклучиво личните интереси што довело до потполно обезличување и национална зависност. Од таа интелигенција Македонија ги доби денешните први македонски милијардери

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Усогласувањето на дневните редови и по два дена, дискусии без некоја цел реплики и реплики на репликите ќе го натераат и најпростодушниот да се запраша има ли сето тоа некаква смисла и цел. Од каде што таа самодопадливост, ако сакате нарцисоидност.

Дали сето тоа не е дежави дежавеќи. Пред некое време не така одамна Штит беше партијата, се народот. Позади тој Штит на интерпертаторите им е дозволено се. Сакајќи да се влезе во историјата секоја втора седница ја прогласуваме за историска. И тоа не е ништо ново така правеле пред нас, така ќе прават и после нас. Многу луѓе извршиле убиства и злочини само да влезат во историјата. Никој не е имун на власта и славата, колку и да ги прави другите наивни. Се лажат оние што мислат дека тука се натпреваруваат или се раѓаат многу ТВ ѕвезди. Тука сепак се прави историја, затоа е таква турканица на говорница, а и телевизијата и весниците работата ја прават поинтересни. Тие во основа станаа ловци на сензационализам. Телевизиските преноси личат на хорови емисии, весниците на првите страници донесуваат расправии меѓу поедини пратеници, тоа може да се разбере за"Вечер" како булеварски весник кој ги донесе сите сензации околу последното собрание, но затоа за предлог-законот за научно- истражувачката дејност едноставно напиша дека немало никаква дискусија. Има и други примери што можат да се наведат, но не се

работи само за "Вечер". Не велам дека сега овој Парламент е продуктивен и конструктивен, но кај луѓето се создава уште полоша слика од она што е. Емисиите се пренесуваа и се прифатени како хумористични во најмала рака како траги комедии. Во бурни времиња како овие разумот е на посебно место. Важно е да се биде главен ако се може, а народот во чие име се прави тоа може комотно да се слика. Замислете што утре ќе пишува во историјата, Во лето господово 1991 година патот на Македонија и го покажа господин тој и тој, заедно, парламентарна група, партија, коалиција и сл, а даречеме за интелигенцијата немало никој желба ниту храброст да стори нешто. Застапувајќи такви или слични тези покрај народот кој веќе е изманипулиран се прави обид тоа да се направи со пратениците, барем со оние што не се експонираат, за кои погрешно се мисли дека нема што да кажат, немаат свое мислеше. Тие се само повеќе свесни за тоа колку не знаат, за разлика од оние другите. Тоа е причината да не се респектираат оние што повеќе знаат во одредена област. Да се тврди дека само сопствената линија е исправна и највистинската вистина е веќе сомнително и препотентно. Времињата не се за мудрување и надмудрување, туку конечната одлука да му се препушти на најмудриот, на народот ако одбере погрешен пат тоа ќе биде негов пат. Тоа не е бегање од одговорноста, туку свртување кон народната мудрост, ако нешто не знаеш тогаш прашај. Ако тоа го направат и господата Туѓман и Милошевик ќе го добијат вистинскиот одговор од народот што страда и крвари. Ако мене ме праша некој за мислење во оваа ситуација би рекол дека мислењето и авторитетот на господинот Глигоров и Тупурковски треба да се почитуваат од било кои, зашто имаат и искуство и знаење и мудрост и добродетел. Тие се

најлегитимните наши претставители на кои треба да им веруваме, зашто ако немаме вера и планини да преместуваат џабе им е. Сите елементи се тука Македонија да си го оствари вековниот сон по мирен пат, а сонот ни е ист на сите во Македонија. Мир и благосостојба. Ние не сме познати по силата к завојувачките страсти. Убаво Његош ја преточил народната мудрост во своја мисла. На кого правдата му лежи во сојузот, душата му смрти на нечовечност. Затоа гласам за мир и љубов и љубов во мир зошто може и цел свет да се освои ако нема љубов не си освоил ништо. Мирот е можеби само ако постои желба. Не можам да сфатам да таква желба во ова Собрание нема. А ако навистина се мисли дека тука еден покрај друг седат добронамерки македонци и предавници на македонскиот народ колку и да не е вистинито треба да се подзамисли баш тој народот што избрал и да постапи поред онаа народната "првите мачиња во вода се фрлаат".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој има збор?

**ДОСТА ДИМОВА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Консензуалното донесување на Декларацијата за сувереност на Република Македонија во Македонскиот парламент што беше поддржана и од сите политички партии,а со која се изрази стремежот на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија за суверена положба на Републиката во југословенската заедница ја определи содржината на Платформата на Македонскиот парламент за разговорите за идното уредување на југословенската заедница. Во овде и сите други документи кои подоцна ги усвојува Парламентот како и во разговорите на

југословенско ниво изјавите на претседателот на Република Македонија и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија се поаѓаше на секој народ на слободно определување на идната заедница. Притоа определба за сите овие документи и настапи во преговорите беше за создавање на сојуз на суверени држави. А доколку дојде отцепување на само една република од тогашната федерација за Македонија е неприфатлив било каков облик на редуцирана федерација или каков и да е сојуз кој поаѓа од основите на ваквата редуцирана федерација. Со ваквиот став и ВМРО Демократска партија за македонско национално единство исцело се сложува и го поддржува во целиот период. Не само заради тоа што беше и е програмска определба на Партијата туку заради длабокото уверување дека ваквата определба кореспондира како со историските стремежи на македонскиот народ така и со неговиот современ интерес. Меѓутоа во изминатиот период од конституирањето на македонскиот парламент, а потоа и по изборот на претседател на Републиката и Владата на Република Македонија во Републиката не се преземат нужните чекори кои хе ја валоризираат ваквата консензуална определба на политичките партии и на Парламентот. Односно не се извршени ни минимални подготовки на Републиката кои ќе ги материјализираат определбите од Декларацијата за сувереност и другите документи на Парламентот. Во услови на драматични и динамични процеси на распаѓање на идеолошките политичките, и меѓународните основи на кои почиваше АВНОЈ-ска Југославија во услови на општа милитаризација на земјата, се поотворените закани од хегемонистички позиции во земјата, вклучувајќи ги и вооружените како и отворените аспирации таканаречени ревандикациони историски права на Бугарија, Грција и Србија од периодот на балканските војни со сои се загрозува интегритетот и суверенитетот на Македонија. Немањето став,

уште повеќе отстапување од ставовите, усвоени неодамна за кои сите тврдевме дека се израз на стремежите на народот за самостојност и независност и сопствена државност е погубно за Македонија. Динамиката и непредвидливоста на процесите во земјата и нејзиното опкружување се такви што може да се каже дека историјата на Балканот не само што е збиена во месеци и денови туку и во часови и секоја одлука на македонските органи на власта неминовно го добиваат епитетот судбински или историски. Оттука, во вакви услови политиката на чекање на исходи кај другите политиката на непрепознатливост на државотворната стратегија, не само што ги подгрева големонационалистичките апетити кај соседите, туку и внесува чувство на страв, дезориентација и несигурност на граѓаните на Македонија. Воедно тоа ги компромитира официјалните определби за самостојна и суверена позиција на Македонија во однос на другите државотворни субјекти на сегашната југословенска заедница. А Декларацијата за сувереност на Македонија ја девалвира на секој од нас јасно ми е дека е огромна разликата од декларативна сувереност до тактичката автономност во спроведување на самостојна политика на Македонската држава. Исто така, меѓусебните разлики на пратеничките групи околу поимањето на самостојноста и патот до нејзино остварување, колку да се само по себе разбирливи оставија тешки последици по овој процес. ВМРО-ДПМНЕ во повеќе наврати прокламираше дека самостојноста не ја поима како процес на затвораше на Македонија, како увертира на нужни конфронтации со членките на сегашната југословенска заедница и другите соседни држави, како што тоа често во одделни средства се прикажува, а уште помалку како предворје на вооружени разврски како што некои сакаат да не заплашуваат. ВМРО-ДПМНЕ самостојната позиција на македонската држава и нејзината сувереност ја

сфаќа првенствено како нужна и основна претпоставка за рамноправност на македонскиот народ и граѓаните на Македонија со другите од земјата, Како неодминлив услов на нејзиниот државно- правен субјективитет без кој не е можно ниту врз југословенски рамки ниту пред меѓународната заедница Република Македонија да ги изрази и заштити интересите на нејзината државност и нејзините граѓани. Без ваква позиција неостварливи се и другите државотворни права и интереси, а определбите за отвореност, соработка со соседите, вклучувањето во европски економски и други интеграциони процеси, регионалната соработка и сл. ќе останат само неостварени стремежи на македонскиот граѓанин кои извираат од неговата држава.

Тоа што во изминатите месеци се одвиваше во земјата и Републиката беше и е во спротивност со декларативните определби, Имено, иако во Сојузниот собор ги нема делегатите од Хрватска и Словенија и натаму учествуваат во работата на Соборот делегатите од Македонија. Нели е тоа собор на редуцирана Федерација. Натаму се поставува прашав>ето иако во претседателството на СФРЈ се гласаше за повлекување на ЈНА од Словенија по услов како што ни беше речено, ако тоа важи и за Македонија зошто откако почна повлекувањето на армијата од Словенија се молчи и се отстапува од тој став. Напротив оружјето на ТО и натаму е во посед на ЈНА, а според одделни информации тоа во добар дел се трансформира во Србија. И натаму се регрутираат македонски војници и се упатуваат необучени во кризните подрачја во земјата.

Исто така, тука се поставува едно прашање кој раководител им сугерирал на сојузните делегати да гласаат за сојузниот закон за мобилизација и регрутација, кој на македонските момчиња им з даде толку тешкотии. Натаму, два пати најавуваниот референдум во текот на мај.....без објаснување не се одржа. Доколку се одржеше референдумот сега

Македонија ќе беше во многу поповолна позиција и немаше ние да водиме тука бесконечни расправи. ВМРО-ДПМНЕ повторно обнародува дека е за самостојна и суверена македонска држава која по стекнувањето на тој статус и сите обележја на државниот субјективитет е подготвена да склучи сојузи не само во претходните историски рамки, туку сама или во сојуз со другите да биде дел на општиот европски процес на економска политичка и друг вид интеграција.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа,

Добро е што сеуште расправаме за политичко- безбедносната состојба во Македонија, а се надевам дека нема распра за политичко-безбедносната состојба во нашиот Парламент граѓаните на Македонија. Денеска сум и во сета оваа несреќа еден од најсреќните албанци, затоа што први го откривме кривецот за состојбите во оваа таканаречена Југославија. Целта е постигната за кривецот и најголемиот кривец денеска се расправа во Хаг, а таму расправаат најмоќните и најпаметните.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Знам дека тешко е да се води дијалог со условување но исто така знам дека може да се води дијалог ако соговорникот ништо не губи, ако и другите бидат рамноправни со него. Со ова сакам да се вратам на нашиот терен каде што можеме и имаме можности да придонесуваме да имаме и понатаму една стабилна состојба, барем во Македонија, затоа што тука сме најодговорни дури и потенцирам македонците и албанците во оваа Македонија v сите други што живеат во Македонија.

Ако и по секоја цена не го почитуваме принципот на рамноправност во Македонија и продолжиме со нашиот балкански инает свесно ќе останеме вон Европските процеси, а секоја друга алтернатива не носи во пропаст, но со наш придонес. Одговорноста е уште поголема затоа што денес имаме една историска предност сами да одлучиме за нашата судбина во Македонија, значи сите граѓани и ние како Парламент со нашата Влада.

Немаме морално право граѓаните на Македонија да ги вовлечеме во една општа психолошка напетост, навистина да не ги доведеме во една таква злогаласна игра како да е некој руски рулет. И секогаш ние да презентираме со нашите настапи на неизвесност пред народот.

Тоа што се случува во нас и околу нас како Македонија е еден добар алиби македонскиот народ и радикално да го менува односот кон албанците во позитивна смисла, затоа што имаме доста свежи примери дека можеме заедно , само ако имаме волја и ако сакам, . Тоа затоа што албанците досега извонредно дисциплинирано ги почитуваат европските

критериуми за разрешување на југо-кризата по мирен пат, една голема среќа што е водена од една добра и паметна интелигенција. Меѓутоа, ние во Македонија исто така имаме голема среќа што не водат и креатори на една макро-политика. Тоа е една голема политика, да не води претседател што го имаме , господинот Глигоров и членот на Претседателството на сеуште СФРЈ. Затоа денес барем имаме една голема прилика и шанса да опстојуваме затоа што високо котираме веќе во европските домови и во сите европски асоцијации. Затоа по некогаш велам никој нема право па ни македонците да се однесуваат како патрони со диктат кон албанците во Македонија. Барем сега е време да бидеме свесни и совесни во овие односи.

Денес или кога во нашите глави треба да проработи европската свест. Всушност само така како Македонија ќе бидеме инкорпорирани во овие најнови европски опции. Тогаш дијалог и преговори можат да се воспостават само со тие кои имаат искрени желби за една самостојна, суверена и ме^ународна веќе призната Македонија и ќе биде призната ако продолжиме паметно да ги решиме сите наши односи во оваа Македонија.

Јас навистина понекогаш многу не расположен ќе бидам кога слушам разни тенденциозни претскажувања, дури по некогаш велам и пророчни за албанците и нивниот статус во Македонија и пошироко, а не се повикуваме во конкретните барања поднесени на оваа говорница, а до неодамна и во една наша Декларација. Навистина не ни требаат и не се потребни пророци, дури некои сакаат да го, носат епитетот на еден Нострадамус. Па тука е и меѓу нас. Дека албанците ќе бидат автономија, албанците ќе

бараат  ова, ќе бараат она, се зборуваат во идно време. Па барем ние албанците имаме горко искуство со овие автономии. До кога со автономии и окупирани автономии. Ние едноставно јасно секогаш сме го кажале и го кажуваме тоа дека сакаме во оваа Македонија да живееме рамноправно со другите, а ништо друго, а во таа рамноправност се знае дека нашето учество ќе биде во сите органи, па нека бидат и од власта, па образованието, културата и во се што е традиција.

Креатори на една политика навистина не можат да бидат луѓе кои имаат сеуште багаж и предрасуди против се што е албанско, дури и декларативно ниту сакаат да поцрвенеат кога напаѓаат без никакви аргументи. Затоа имам уште некои мои сугестии и барања.

Владата на Македонија, Парламентот и републичките партии на Македонија треба прво декларативно, а после и со конкретни одлуки и акти да го симнат веќе еднаш ембаргото на неправди кон албанците во последните 10-тина година. Треба да се ослободиме од тоа ембарго. Времето што ни преостанува до референдумот иако тоа ќе биде посебна точка јас се надевам нема да ви одземам време за таа точка. Навистина треба да се искористи до максимум , овие односи вака паметно да ги изградиме како што треба. Дури имам едно конкретно прашање. Знам дека при распишување на референдум ќе има и конкретни прашања да се изјаснат граѓаните. Јас имам едно конкретно прашање кое вака гласи: "Дали македонскиот народ сака да живее со албанскиот народ во рамноправни односи". Многу конкретно прашање, може да се одговори на едно вака конкретно прашање.

Ни претстојат денови за запишување во училиште. Тоа прашање го спомнаа некои колеги пратеници. Навистина сакаме да разговараме , дури и затоа се вративме во Парламентот. Ако се условуваме со господа и господин, тогаш навистина да разговараме како господа. Овие денови ќе бидат тешки затоа што почнува една школска година со големи неизвесности. Министерството, министерот во неофицијална оставка, не знаеме дали работи во ова Министерство, дали планира нешто, каде ќе се отвораат тие паралелки и на албански наставен јазик, треба да се објават конкурси, треба да се подготви еден елаборат, затоа што ќе дојде 1 септември денот кога учениците нема да знаат каде да се запишат и еве може да ескалира еден проблем кој навистина и не мора да ескалира. Ако Министерството за образование не може да подготви еден елаборат и тоа за едно поскоро време. Еве ние сме на располагање, дури ако треба и стручно да помогнеме каде и колку паралелки да се отворат на албански наставен јазик за да не се соочиме со вакви проблеми веќе после 10 или 15 дена и понатаму за да можеме да заклучиме.

Јас ќе завршам само со една мисла да живееш заедно значи да живееш рамноправно, затоа само рамноправните можат да живеат заедно.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани претседател на Република, почитувани пратеници, јас ќе настојам да бидам малку пократок можеби заради единствениот факт што во постојната права атмосфера да се

распарав по оваа точка бевме во простории каде посредно ја следевме оваа точка на дневен ред и ако сакам да ве уверувам дека барем морална должност ни е на сите да се грижиме за состојбите било од кој аспект во Македонија и за иднината на оваа Македонија.

Сакам да истакнам дека излагањето на д-р Васил Тупурковски го прифаќам во целост со две објаснувања или дообјаснувања, но бидејќи тој не е тука , тоа да остане така.

Исто така, изјавувам дека извештајот на Владата го прифаќам скоро во целост и моја оценка е дека се работи за сериозен документ каде се вршеа напори сериозно и одговорно да се даде оценка на состојбите во Македонија.

Со дел од Извештајот не би реплицирал но би вршел обиди да дадам мој оценки. Имено во едно место во Извештајот каде се зборува дека партијата е вклучена или членството во некаква автономија, тука изјавувам најодговорно дека во ниедна прилика, во ниедна средба во ниеден проглас, во ниедно обраќање до јавноста во ниеден состанок отворен, јавен или таен не е зборувано ниту е спомнато . Значи ориентацијата на партијата кон некаква автономија што е на мене лично не ми е јасно, но пред тоа да кажам дека треба да сфатите и сум осеќал потреба и да прашувам и да се интересирам подлабоко, дали постои некоја можност спрема сознанијата на Претседателството на Партијата, Партијата не располага со ова сознание.

Квалификативите натаму дека преку таа автономија да, не одолговлекувам, ќе се оди кон некое присоединување кон Косово и понатаму кон Албанија, за мене тоа е ист квалификатив соединување кон Србија, а понатаму и кон Бугарија или Грчка. Позициите сегашни на кои делува Партијата, си дозволувам на себеси за право најодговорно тоа го тврдам односно тоа тука така да го изразам и формулирам.

Понатаму се зборува за една сериозна појава за која постојат индиции дека е така, формирање на некои селски стражи или слична на селски стражи. Мој суд односно размислување околу тоа е, со право и во ред да се формираат селски стражи и во Тетово и во Гостиварско, затоа што создадовме простор да не функционираат органите на власта. Тие селски стражи спрема наши сознанија, на Партијата, иако се многу ретки, не наоружани се во функција на сигурноста и обезбедувањето на граѓаните. Да не предизвикам атмосфера на вжештување, само би прашал дали граѓанинот е во право да нема доверба во шеф на милиција или на милиционери кои креваат рака сред бел ден на малолетни деца и ги гонат по чаршија или селски улици за да ги претепаат.

И едно прашање или работа која вршев обиди да ја одгатнам и праведно да ја протолкувам и разберам, но ми остана со прашалник. Се работи за залагање на Владата на Македонија децидно да и ги изложиме и ние од наш аспект некои гледања и акции на ПДП НДП кои во овој момент го рушат стабилитетот на нашата Република. Тоа се однесува на разговорите што се водени со најодговорните личности на Република

Албанија. Ред е ми се чини и би било сосема во право, јас тоа би го разбрал токму како што треба, кога овие прашања што го рушат стабилитетот на Македонија , а ги предизвикува ПДП е да ни се укажат на нас и на овој Парламент и нас како партија, за да добиеме доказ повеќе дали меѓу зборовите и делата има разлика или се дејствува навистина така како се залагаме и како се изјаснуваме. Мене не ми одговара, некако нејасно ми е од каде потребата на страна држава да и се прво докаже или укаже па дури после на партијата чие членство се граѓани и рамноправни на оваа држава, Македонија т.е. и ние како пратеници тука. Ова ни остана малку недоволно јасно, но оставете ни заправо да верувам дека се мислело и тоа да се постави или да се протолкува во добронамерен прав државнички концепт , т.е. оставете простор недостигот на моја способност тоа да го разберам како што треба и јас затоа не осеќам потреба да кријам ако не сум успеал тоа да го сфатам.

Втора работа, мислам дека непосредно некои негативни појави што на ред со години се повторуваат и не се прекинуваат придонесуваат кон несигурноста или нарушувањето на стабилноста во Републиката.

**ЕШРЕФ АЛИУ**: (продолжение)

Такви појави доживеавме и во овој Парламент, кога без доволни размислувања, без докази, преку кревање на рака се предизвика огромен револт на голем дел на населението и промените на законите за средно насочено образование под итна постапка.

Како фактор кој влијае на несигурната безбедносна состојба цена дека е недоволниот или недостиг на дијалог на меѓупартиска соработка, внатре, во Македонија.

Исто така, меѓупартиски препуцавања и карања пред очите на целиот народ на Македонија, надуудрувањата или надметањата да се добие примат над народот по секоја цена и да се зборува во име на народот.

Исто така, ценам дека негативно делува, свесна или несвесна идентификација на некои министри со поедини партии или со програмските определби на поедини партии.

Неодговорниот однос кон јавниот збор, нарочно кажан на оваа говорница на Парламентот од страна на нас,пратениците. Јавната реч е анархија во име на демократијата и слободата на говорот. Би ве потсетил на контекстот кој се обиде фино да го постави господин Арсов, сосема погрешно го протолкува, односно така како што ценеше дека во дадениот миг одговара на интересите на партијата.

Стеснатиот простор во медиите за јавно информирање, уредувачка политика на тие средства за јавно информирање и понатаму, иако во овој контекст можам одговорно да тврдам дека Телевизијата, колку што може да се сфати, преку емисиите врши напори кон квалитет во овој правец. Јавно или во договор за тоа што сме разговарале, сеуште нема ништо. Продолжува таа 18-20 минутна емисија. Заправо, неколку од емисиите, како

што ви е познато, делуваат доста отровно во заладувањето на меѓунационалните односи. Телевизија Скопје сеуште држи надворешен соработник кој пишува само во случаи кога однапред е поставена целта да етикетира или да деградира конкретна личност од албанска народност или од активноста на партиите. А тоа, протолкувано онака како што му одговара на соработникот. Се работи за соработникот до Тетово. Далеку од него не е од радиото во Гостивар.

Трета работа не декларативно, туку суштински, со сето битие и душа, ние, на оваа возраст и помладите животно, цврсто и целосно сме ориентирани само кон оваа Македонија. Друга опција во редовите на партијата не постои. Денот кога таа ќе се појави или ќе има знаци, најмалку мене ќе ме снема таму. Ние сме за оваа Македонија и тоа е кажано и во програмските определби и неколку пати тука. Сметаме дека со овие простори и со овој народ, многу измачен низ векови, со иста судбина не поврзува далеку, многу повеќе отколку што сите заедно тука можеме да знаеме. Не се обидуваме тука да го раздениме. Изгледа, сеуште тој отворен простор што остана со појавата на демократијата, каде скокна многу што, што по вредност е со голем знак на прашање, и го стеснува односно ја стеснува можноста тоа да го изнесеме.

Потоа, ние сме многу свесни дека и историско и правно право и културно и етничко имаме и заслужуваме за овде да бидеме рамноправни. Тоа, апсолутно во ниту еден аспект, гледано од професионална страна, ниту политичка, ниту правна не стеснува простор на друг да се чувствува загрозен, нерамноправен на своја земја, во своја држава. Ние, многу водиме скроз непотребни дијалози и оставаме многу простор на емоциите. Разумот го оставаме на спиење или намерно настрана. И не сакаме троа

добро што сме го имале со векови, што сме имале и што имаме иста судбина и што ќе имаме иста судбина не сакаме да покажеме доволна зрелост, готовност и желба што побрзо, сите предрасуди, сите пречки да поминат, да направиме една заедничка хронологија на разрешување на проблемите. Се знае веќе. Зарем треба со изјава да се каже дека се преку ноќ не се менува. Сите сме подеднакво свесни во какви тешки економски услови живееме. Ги заборавааме потиснати од страшните глупости што ни се тука, веќе на врата, на наша сопствена земја.

На крајот морам да изјавам дека многу вознемирувачки делува прогласот на ВМРО ДПМНЕ. Сите обиди на говорниците во заштита на тој прогалс ги оценувам како несериозни. Не сакам да кажам нечесен бидејќи должност им е од партиска страна и да се бранат. Нарочно неприфатливи ми се непотребните тешки квалификативи дадени во Прогласот и Обраќањето кон народот. Тоа не е Декларација. Тоа не е обична Декларација. Тоа не е обичен контакт со народот. Впрочем, сосема јавно, совршено до детали се знае што е проглас и до детали се знае што е конкретниот Проглас. Ценам дека предлогот даден тука за да се формира парламентарна група е најразумниот, најблагиот, најдемократичниот. Како пат и начин за расчистување на работите најсодржински. Треба таа група да се формира, треба да работи,треба да се запраша и да воспостави контактна соработка со сите институции и органи на власта и со самиот извршен комитет на партијата, а да се стави посебна точка на дневен ред и на посебна седница да се расправа за проблемот да се расчисти. Се со една единствена намера и цел вистината да излезе на виделина. Не со цел

ниту да го наредуваме ниту казнуваме најстрого или многу строго виновникот или виновниците. Тука не се работи за слобода на зборот или за зборување. Тука се работи за голема не одговорност во име на таа слобода, на слободата на зборувањето.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Арсов бидејќи беше спомнат во дискусиите.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници,

Со неколку зборови сакам да му реплицирам на господин Ханџиски на неговата дискусија, бидејќи тој ме спомна во својата дискусија, но исто така и на последниот дискутант, господин Ешреф Алиу.

Повторно јас ќе застанам во одбрана на Соопштението на ВМРО ДПМНЕ. Повторно ќе ја спомнам потребата за слобода на мислењето, но, одговарајќи на нивните барања дека овде треба, во Собранието да се формира комисија и да се испитаат наодите таму што се дадени и за тоа да се побара посебна точка и да се побара посебна седница на која ќе се расправа за тоа, јас сакам да го кажам следново:

Се привикувам, исто така, во името на македонскиот народ, ако треба во името на македонскиот народ да побараме посебна седница и да поставиме точка на дневен ред, тоа е дека генералот Симовиќ наименуван за министер за народна одбрана на Србија. Неговото седиште е во Скопје. Од тоа нашата партија се оградува и ние не сакаме ..."

(од страна на присутните пратеници се слушаат гласни реагирања на ваквиот начин на дискусијата на господин Арсов)

... ќе ве молам, ние ако сакаме да расправаме и да се оградуваме од нешто, треба да расправаме за тој проблем. Јас исто така сакам да укажам, ако не чувствувате потреба, тие партии што не го прифаќаат таквото оградуваше навистина не знам како можат тие да се оправдаат во името на македонскиот народ. Само толку, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ханџиски бара реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас претпоставувам дека господинот Арсов не можел да не слушне затоа што од позади потешко се слуша. Не предложив формирање на некаква парламентарна група или комисија, туку го поддржав предлогот на господин Змејковски доказите со кои располага партијата ВМРО ДПМНЕ, во една правна држава, да се достават до легалните правосудни органи.

Второ, со оглед на тоа што се спомнува дека ние како партија не чувствуваме потреба да се оградиме од именувањето на генерал Симовиќ за министер за народна одбрана на Србија, изјавувам дека сигурно, жестоко би се придружиле кон ваквите повици ако таа фактичка состојба беше таква каква што господин Арсов ја прокажува, ако траеше.

Имено, генерал Симовиќ е назначен за министер за народна одбрана на Република Србија откако е разрешен од должноста командант на Петтата армиска област и тој веќе замина од Македонија.

Според тоа, иако дојде до една таква непријатна коинциденција, намерно или ненамерно нема потреба понатаму да расправаме за нешто што ие е веќе фактичка состојба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави пратеникот Јумеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници,

Долго време се воздржував да земам збор од проста причина што навистина сметам дека на денешнава седница треба да донесеме важни документи што се поважни од било какви реплики на репликите.

Меѓутоа, на доста провокации што беа овде изречени морам да одговорам. Особено од претходната дискусија и сега дискусијата на потпретседателот.

Беше речено, и во друга дискусија,дека ова не е седница на бившиот Централен комитет на СКМ ПДП, меѓутоа, жалам ако оваа седница се претвори во седница на Централниот одбор на ВМРО ДПМНЕ каде што ќе мора сите да мислиме како нив, инаку ќе бидеме поинаку осудени или како предавници или како незнам кој.

И друга работа која што, со истите методи со кои што се служеше тој бивши Централен комитет на СКМ на Македонија ПДП што сите го осудивме и поради што дојде до овој плурализам очигледно дека некоја партија сака да го присвои или под друго руво да настапи под тоа име односно изнесува Проглас во кој што внесува осуда, пресуда и егзекуција, меѓутоа сега не во името на работничката класа, туку во името на Народот на кој што очигледно сакаме сите да дадеме примат дека е наш. А, народот е единствен.

Друга работа во врска со тој Проглас мислам дека навистина работата е предимензионирана е, ВМРО ДПМНЕ ја почитувам како сериозна партија, ги знае позитивните законски прописи во оваа држава, можеше да се обрати, барем досега ако мисли дека поседува такви докази, а веројатно има, штом тоа го зборува, до јавниот обвинител и да покаже

дека гој јавен обвинител, согласно на постојниот законски прописи односно Кривичниот закон тоа и го провери односно даде докази до ова Собрание. Па, ако треба да се отвори постапка,да се отвори спрема некого, па и спрема некого од нас ако треба.

Името на партијата што овде ја претставувам, Либерална партија, со претходниот префикс што беше речен и Сојуз на реформските сили на Македонија, не сум против никаква слобода на говорот. Работата на Собранието никако не можам да ја сфатам како меѓупартиска расправа, што е и што никој не може да оповргне дека не е освен како барање на компромисни решенија и почитување и на едното и на другото мислење. Бидејќи, ако нема десница, не може да работи ниту левицата ниту пак центарот. Меѓутоа, она што во сите парламентарни демократии во светот е застапено, е одговорноста за ,јавно кажаниот збор, не само во врска со изнесениот Проглас, туку и со јавно кажаниот збор на секој од нас. Па, согласно со прописите, секој од нас да ги сноси и консеквенциите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

.. На претходниот дискутант од партијата на Сојузот на реформските сили на Македонија Либерална партија му се обраќам како и на сите пратеници овде во Парламентот оти цело време тука се спомнува зборот предавство, велепредавство. Дајте да го дефинираме тој збор. За мене предавство и велепредавство спрема Македонија и спрема македонскиот народ од наша страна овде врховната власт што сме ние Парламентот е ако Македонија ја втурнеме во една редуцирана Југословенска федерација, една федерација од 4 члена, па господа пратеници кои не мислите како мене, туку очигледно за едни велепредавство и предавство е едно, а за едни е друго. Ги повикувам господата од реформистичката партија Либерална да се искажат што мислат за редуцирана федерација, за нас, тоа е предавство. Ако тие не го гледаат тоа како предавство, а има случаеви нивни пратеници нас во кулоарите пред добар круг на пратеници ни кажуваат, па и не е така лошо ќе се договориме со Србија и Црна Гора убаво ќе си живееме. За мене тоа е предавство. Нека повелат сите ден по еден нека се изјаснат на оваа говорница што мислат затоа. Се додека тие така размислуваат тоа за мене ќе биде предавство.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Јас ви се молам со името на партијата да не се служиме на ваков начин и кулоарските разговори да ги оставиме за кулоари дома, а ако некој од партијата на Сојузот на реформските сили на Македонија Либерална партија истапи на оваа говорница за редуцирана федерација Македонија да пристапи, барам да го апострофирате. Мислам дека сите наши дискусии,

барем до сега ЈТО беа, беа во прилог на она за кое се залагаат сите други пратеници кај кои не постои дввјбено мислење дека сме за идниот сојуз на суверени* држави на Југославија постоечки 6 колку се денеска во Југославија, а меѓутоа, за никаква редуцирана федерација не станувашe збор. Во случај да не се оствари таа опција самостојна и независна Македонија, како што стои во прашањето на нашата иницијатива претходно поднесена со одлука.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Мојата дискусија од минатиот пат поаѓаше од дефиницијата на оваа точка која ја предложивме, а тоа беше да направиме ретроспектива на политиката која низ документи и активности оваа Република ги прави во однос на државно- правниот статус на Републиката и интересите на македонскиот народ и на сите граѓани и да дадеме одговор на актуелната политичко- безбедносна состојба и мерките кои по тој основ треба да ги преземеме. Очигледно дека дискусијата оди многу далеку повеќе во опишувањето на состојбите отколку во правец на изнаоѓање мерки и патишта за таа политичко- безбедносна ситуација и заштитата на интересите на Републиката.

Мојата реплика се однесува токму на овој дел дискутанти поготово од оваа пратеничка група која ја иницираше оваа точка. Колку подалеку одиме во расправа по број на денови се оддалечуваме од конкретните мерки кои овој Парламент треба да ги посочи, а Владата и другите институции на системот да ги преземе. Тоа е основното прашање околу кое треба да се договориме.

Инаку, овде поготово од оваа пратеничка група постојано барам од официјалните искажувања стои еден нихилистички однос спрема

досегашната активност која Парламентот, Владата, претседателот на Републиката во однос на државно- правниот статус на Македонија ги зазема. Тоа е основната точка на полемика со која може ние уште 5 дена да расправаме, во тие документи кои овој Парламент ги усвоил Реформските сили на Македонија Либерална партија има активно учество и тука ќе ги најдете сите прашања и прашањето за редуцирана федерација дали сме или не сме, а бидејќи ги ставате под знак прашалник сите тие документи ќе морате вие поединечно да се изјаснувате дали сте или не сте.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател. Јасно е кон Социјалдемократскиот сојуз се придружи и ПДП и НДП и дежурниот виновник, како секогаш, бил ВМРО-ДПМНЕ и така продолжува и сега.

Последните 2 дискутанти од албанската нација со последниот во нешто се согласувам, а во другото во ништо не се согласувам. Се согласувам во тоа дека во Западна Македонија навистина бројот на милиционерите е мал и целиот терен е не покриен. Затоа тие мораа да си создаваат селски стражи за да се заштита. Затоа треба и минатиот пат кажав да се појача милицијата и правилна распределба во Република Македонија да има на милицијата спрема бројот на жителите. Што праша претпоследниот дискутант од албанската нација дали сме рамноправни или не и друг пат сме го кажале тоа, а јас го повторувам пак, албанците во Македонија се рамноправни како граѓани и јас тоа го почитувам и ќе го почитувам и натаму,-но како суверен народ тие си имаат своја матична земја тоа е Република Албанија и таму се суверени, а во оваа Република Македонија суверен е само македонскиот народ и нема дилема за тоа и останувам и натаму на истото мнение.

Зборуваме за политичко- безбедносната ситуација. Морам да напоменам нешто. Прво, би ја зел политичката декларација на Собранието на Народна демократска партија или како што ја викаме НДП. Зад таа Декларација исто така седи политичката партија ПДП затоа што со ништо до сега не се огради од неа, што значи потполно е согласна со таа политичка декларација, па да ви кажам неколку члена да се потсетиме од таа декларација.

Во членот 2 вели, само еден затоа што е опширна па да не ви читам "правото за слободно национално определување за самоопределување и со првото на отцепување од тоталитарното и асимилаторско панславјанско ропство", што значи дека тие сметаат тука дека се наоѓаат во ропство.

Во членот 3 "носител на државниот суверенитет во Република Македонија да биде албанскиот народ што живее во Македонија и тоа определен и именуван како национален колективитет".

Македонскиот народ воопшто не се спомнува само албанскиот народ се споменува.

Понатаму, во членот 4 "НДП нема да ги прифати одлуките на ЈУ-самитот без албанците. Решение ќе побара во сенародното здружување и формирање на единствена албанска држава во Балканот".

Понатаму во членот 5 Албанците во Југославија се дискриминирани од српските, црногорските и македонските хегемонисти. Во однос на основање на просветно научни институции на албански јазик.

Во членот 6, ова се само делови, "Македонската власт наместо прогресот го избра регресот".

Понатаму, педагошката администрација ја водиме на туѓа јазик.

Државанта пасивност што се однесува за школување ва албански јазик претставува една активна политика на денационализација и асимилација на албанскиот народ. Замислете и асимилација почнавме.

Има уште ако сакате да ви читам што сум изненаден од оваа Декларација и за оваа Декларација не најде за сходно Социјалдемократскиот сојуз до сега со еден збор да каже за оваа Декларација, но вечито е виновен ВМРО, па ВМРО,а со ова што значи се согласни. Јас како пратеник на ВМРО го кажувам ова, па сега нека види драги пратеници видете кој е во право.

Второто прашање исто така оваа Декларација беше дадена во јуни оваа година, а во јули ни дадоа ПДП и НДП Декларација во Парламентот. Таа Декларација господинот Андов веднаш ја предаде на Владата да решава, а Владата знаеме како решава зашто и јас имав еден предлог за измена и дополнување на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание, па за тоа решение чекав 2 месеци и 6 дена, но уште не ми се одговори. И сега ќе чекаме, а додека денеска веднаш дежурниот виновник се даде за тој повик, веднаш решивме и веднаш критика му дадовме на ВМРО.

Понатаму третото прашање наоѓам овде дека има во нашето државно раководство една несериозна работа што ја спомнав тој предлог за измени на Законот се чека 2 месеци и 6 дена, сакаме да дадаваме некаква двојазичност на албанското население и тоа по предлог на нашето високо државно раководство. Тука се замешани ан врвот сите. Предлогот е нивен и треба сите пратеници тоа да го знаат, а и македонскиот народ да го знае ако треба докази јас ќе прибавам и ќе кажам.

Несериозноста е во тоа што кога почнавме да прави тој така наречен монизам што го нарекувавме во тие 45 години, па 1963 година, па 1974 година со уставите се даваа се поголеми права на албанците. Кога се виде еден ден тие ни стануваат ортаци на македонската земја, бившиот Извршен совет зеде па направи тие грешки да ги поправа и затоа го даде тој амандман 43 од 1989 година. Со тој амандман во службена употреба во Македонија е македонскиот јазик и писмото кирилица. Тој амандман егзистираше 2 години и тој Извршен совет покажа извесно достоинство и на никој начин не сакаше да го покази. Тоа се виде и кога го донесовме законот за предучилишно и основно образование и воспитание беше стариот Извршен совет и тој закон што ова Собрание го изгласа а беа присутни и тие. По 2 месеци нашето раководство, а тука можам да кажам и Владата почнуваме да вршиме веднаш промени во Уставот. За член на закон вршиме промени во Уставот, го газиме Уставот и јас бев тој да го заштитам тој Устав и затоа го дадов тој предлог за заштита на Уставот и наместо да се даде мојот предлог на измени на законот се даде законот на ПДП и НДП и се направи една огромна дискриминација спрема македонското население од северозападна Македонија.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Не е реплика, потребата е на јавно искажаната невистина јавно да се оповргне. Јавните гласила се присутни и сите знаат дека единствено Социјалдемократскиот сојуз издаде соопштение по повод Декларација на партијата НДП. Тоа е една работа, за тоа што е кажано ние не изјаснувајќи се по Декларацијата на НДП станавме предавници на македонското дело и се здруживме со непријателите албанци.

Втора работа на последната седница, жалам што господинот Ковачевски сигурно не присуствувал, цитатите што тој денеска ги изнесе овде од Декларацијата на партијата НДП ги читав на оваа иста говорница.

Трета работа немојте да мислиме дека ако еднаш се случи во повеќе парламентарната историја на македонскиот народ да се направат пресврти за 24 часа и да се постигнат поени за толку кратко време дека тоа ќе се повтори. Во политиката поените и резултатите се добиваат со една трајна,сериозна, конзистентна, перманентна, чесна, одговорна работа и немојте да играме повторно на такви карти носат штета на целокупниот македонски народ, на македонската држава која викаме дека се уште не е застаната на здрави нозе и треба сите да направиме се да ја поставиме конечно на здрави нозе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Садику.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ферид Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, јас би накратко одговорил на мојот почитуван колега, претходен дискутант бидејќи веќе некој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, меѓу кои и колегата мој почитуван се изјасни дека треба да се знае кој е газда, во случајот суверен во Македонија, следствено на тоа. некој мора да биде во ропска положба, а во овој случај тоа се албанците. А газдинскиот однос досега се докажуваше преку донесување на редица закони со надлгаслување. За сега јас само толку знам да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот претседател на Републиката.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Навистина многу внимателно ја слушав овие неколку дена дискусијата. И моментот е таков, и темата е таква, сите да мораме да се замислиме до крај, и што говориме и што чиниме и што ни претстои и во какви услови делуваме итн., итн. Веќе мислам дека одговорноста која во овој момент ја носи овој парламент, не миже никому да ја префрли и не може да добие никакво историско и било какво друго оправдување, за евентуални грешки, кои можат да станат и кои имаат тешки последици.

Некои се загрижени заради разликите. Јас, верувајте не сум воопшто згрижен заради тоа. Разликите се нормална работа. Ние се боревме да дојде до плуралистички парламент, до тоа да се воспостават можности, да. се чујат .повеќе и различни мислења, бидејќи тоа е што во Парламентот претставува оној филтер, онаа брана, за да може да надвладување не само како што велиме едноумието, туку и самозадоволството на една, да

кажеме, партија, која има апсолутно мнозинство, особено во вакви времиња во кои сега живееме. Тоа не е нашата слабост, тоа е, јас мислам, нашата предност. Според тоа плурализмот на мислењата не вознемирува. Не вознемирува и ни упорноста,а понекогаш и жестокоста со која се бранат ставовите, понекогаш и без доволно аргументи. Сосема е разбирлива, по мое мислење, и загриженоста од состојбите во кои живееме. Секој од нас го носи тоа и дење и ноќе во себеси. •Дали ќе го положиме испитот, во овие тешки состојби, во кок сега се живее. И сите опасности, се разбира, што ни се присутни и јасни, што се околу нас и што може да настанат. Верувајте,не се сомневам ни во добрите намери на сите што говорат. Единствено во таа смисла, што ме вознемирува, што понекогаш и болно го доживував тоа,тие неколку денови, кога имав впечаток да не дискутираат помеѓу себе, луѓе кои различно мислат, кои и припаѓаат на различни партии, тука, како да се непријатели, како да не дискутираме сите со сета загриженост и ангажман за нешто што е наша заедничка цел. Тргнувам од тоа и длабоко сум убеден дека сите што седиме во овие клупи, сакаме да дојдеме до тоа да овој историски миг, Македонија го искористи и да стане самостојна и независна држава. И, после тоа да одлучи со кого ќе живее заедно итн.

Ако е тоа така, дали тоа не бара од нас, од сите нас да се однесуваме кон таа цел, кон таа задача, која ете, ни ја ставил народот пред нас во овој историски миг, каков е. И тоа не можеме да го оправдаме со тоа што ќе кажеме, пратеничкиот состав е таков каков е, народот го изгласал, според расположението на народот. Ние во овој момент не можеме на тоа да се оправдаме. Ние, мораме да најдеме сили во себе да го надминеме сето тоа. Моментот е таков. Можеби, тој момент нема да се повтори скоро, ако не го ги искористиме. Да се само, неуспехот на Илинденското востание,

Балканските војни, уште ги чувствуваме во поддленоста на македонскиот народ и којзнае кога тие рани ќе се зацелат. Ако е ова еден од таквите мигови, кога можат да се донесат добри или погрешни одлуки, тогаш мораме се друго на страна и да ги процenуваме аргументите по неколку пати, по неколку пати сами себе треба да се преиспитуваме, со денови, јас верувам секој од вас и со мене е тој случај, размислувам дали еден или друг чекор треба да се преземе тој чекор ќе не доведе побрзо до целта или можеби обратно. И притоа да имаме предвид с§ она што е наше внатрешно и надворешно опкружување. А, во тој поглед, иако е Македонија сега, најмирно подрачје викаме, нашиот министер за внатрешни работи вели денеска и безбедносно ние сме најсигурни итн., се тоа не може да покрие, или да замени она што претставува стратегиско- политичка положба на Македонија во овој дел на Балканот.

Ние имаме соседи такви, едните викаат скопска власт, воопшто не споменуваат ни име,ни Република а камо ли да говорат за тоа дека можеме да бидеме независна држава. Тоа го сметаат за нешто што е најнепожелно што може да се случи на Балканот. Други зборуваат за население. Ние сме уште безимен народ, за некого, или треба да добиеме некое друго име. Третите, силни снаги таму се јавуваат со желба да се врати една положба во која исто така сме биле без име, и сме биле бановина или полошо од тоа, колонија итн. итн. Тоа е нашето опркужување до сега.

Состојбата во Југославија ја знаете каква е. Сосем^. ви е презентна .дека се води една војна итн. Според тоа ако за тие сите работи, не размислуваме не водиме сметка за сето тоа, тогаш нашата желба може да биде и херојска, во еден миг да направиме огромен прескок, да ја

прескочиме зуницата, што се вика, меѓутоа, резултатот треба да биде одговор на тоа прашање, кој чекор е бил кој што сме требале и сме морале да го направиме, имајќи ја во предвид таа одговорност која сите заедно ја носиме.

Легитимно е по мое мислење и прашањето дали правиме се што е нужно, И за тоа треба секој ден да размислуваме,и да видиме што треба да сториме. Легитимно е, исто така, и да се грижиме и за нашата одбрана. Но, пред се, ми се чини верувам дека не се лажам дека прва заштита на секој народ и на секоја држава е добрата политика. Ако проценките за ова што го зборував каква е нашата геополитичка положба, внатрешни и надворешни сојузници и непријатели итн, и ако врз основа на тоа, таква една анализа, донесеме и правилна проценка, кои се методите и средствата кои ќе не доведат до целта, тогаш тоа е добра политика и таа политика мора да успее.

Потоа, веднаш морам да ви кажам, услов за наш успех се добри меѓунационални односи. Јас тоа постојано го повторувам, и денеска имаше разни престрелки на таа линија. Тука би требало сите што можеме повеќе емоциите да ги потиснуваме, а да говори разумот, резонот и да видиме како заедно ќе живееме. Ние сме живееле и мораме да живееме заедно.

Трето, мирољубивата политика, мирољубивите односи кон сите соседи и конечно нашата војна сигурност. Ако почнеме, да имаме незнам каква војна сигурност а лоша политика, резултатот може да биде поразен. Сите тие елементи мора да коинцидираат еден со друг и да бидат поврзани, -за да можеме да ги оствариме нашите цели.

Потоа, имајќи ги предвид југословенската ситуација, а за неа доста зборуваше Васил Тупурковски, постарото правило кое е познато, ако некој

е во неволја треба да се отвораат нови фронтови. Тоа ќе ја олесни ситуацијата на оној кој се наоѓа во неволја. Ние, искрено би сакале да помогнеме на оние народи кои сакаат да се определат, да се борат за сопствен живот,за сопствена држава, за осамостојување итн. но не и по цена да бидеме турнати во вооружени борби за кои нашиот народ нема причина да крвари. И тие моменти мораме да ги имаме предвид. И да се бориме со дозволени средства да ја постигнеме целта. Не се сите средства дозволени. Порако или покасно ќе се покаже дека оние средства кои што не се дозволени, а се употребени за политички и слични цели, тие се враќаат како бумеранг на секого.

И заради тоа сметам дека е важно, нашите одлуки, вкупната наша политика, јас си дозволувам, без оглед на партиските разлики, во овој момент дека мора да постои една вкупна наша политика, заедничка политика за остварување на тие основни цели што ги спомнав и тоа не може да биде само гледањето на една или на друга страна, туку мора да биде синтеза, зрела и рационална, која што не води кон остварувањето на нашите цели.

Се вели за Македонија не се зборува денеска, таа е заборавена. Според тоа, и постои опасност што ќе стане со нас и дали ние нема да го пропуштиме моментот кога треба да донесеме значајни одлуки за нашата иднина. Вистина е тоа, за нас сега не се зборува на начин како се зборува за Хрватска и доскоро за Словенија. Сега Словенија скоро ја нема како и нас. А Хрватска е на првите страници со она што се вели "хеблај", големите наслови во сите листови. Таков публицитет нам не ни треба. А верувајте, таму,во тие средини/во тие структури, каде што се донесуваат"стратегиски политички одлуки, Македонија ди нејзината политика е и те ако присутна. И знаат, сосема добро знаат дека ние нема да останеме во остатокот на Федерацијата дека им е тоа соопштено икс пати, и на господинот Бејќер и

на господинот Геншер и на господинот Дима. Во Франција и весниците сите тоа го објавија. И на тројката сега непосредно, пред два-три дена во Белград најофицијално како став на Македонија, бидејќи тој став ние го утврдивме. Тој е дел на нашиот документ, кој што мораме да го почитуваме. Не случајно тоа сме го запишале. Тоа личи по малку морам да кажам, не само по тоа прагаање, на чувството на еден мал народ кол, се разбира, има илјадници причини заради тоа, бил во историјата измамуван, манипулиран, го изалгале којзнае колку пати итн., итн., и постојано му е страв и треба да повтара и своите сопствени уверувања и своите сопствени цели сам себе си да се уверува, дека нема да остане во остатокот на Федерацијата. Зошто ни е тоа потребно? Но, се ова го реков претходно за да кажам, се ова што преска го говорев, толку не ме загрижува, би ме загрижувало ако не знаеме што сакаме и по кој пат ќе ги оствариме своите цели. Тоа е основното прашање на кое ние треба постојано да мислиме и да ги проверуваме нашите досегашни ставови и одговори што сме ги давале. А кога е збор за тоа, само сакам да потсетам, што беше основната задача на овој Парламент и основната на крај краишта мандатот што го доби од народот да се изврши пораката на народот, во овој историски миг да го довршиме делото на нашите претчественици. Особено, да ги реализираме сите оние заложби што се во основата на одлуките на АСНОМ, македонска држава која треба да стане суверена и самостојна и потоа да донесе одлука со кого и како ќе се здружува, со другите народи со кои досега живееле, со балканските народи, со европските народи, во најширок контекст.

Второ, донесовме за реализација на таа порака в народот, донесовме Декларација за суверена Македонија. Во преговорите со другите републики

се определивме за Сојуз на суверени држави, како наш интерес и желба за една конструктивна соработка и конструктивни разговори за иднината на овие народи спрема кои ние не сме рамнодушни, заради тоа што пак треба да живееме заедно, без оглед дали ќе бидеме во одделна држава. Тука сме, на овие простори и пак ісе мора да градиме односи. Но, таа заедница мора да биде заедница, ако до неа дојде, на сосема рамноправни субјекти, суверени и самостојни држави.

Потоа се изјаснивме да не останувaме, ова што го спомнав во остатокот на Федерацијата. Потоа дека сме готови да учествуваме во сите преговори по мирен пат. Тоа постојано го нагласувавме и досега тоа ни успеваше, барем на нас и по мирен пат да се најде излез од кризата.

И најпосле се боревме и мораме до крај да опстоиме на тоа, секој народ да си ја изрази слободно својата волја и да одлучи за својата судбина. Затоа одлуката за референдумот, без оглед како, кога овој Парламент ќе ја усвои и конечно ќе одлучи за тоа, но референдум е потребен во кој целиот народ треба да се изјасни, ја поддржува ли таа политика и дали е за суверена и независна Македонија која има право и можност, сеедно како да се каже , да стапи во Сојуз на суверени држави. Тоа е тој историски чин демократски и одговорен. Секое парцијално искажување и донесување на одлуки, без овој чин е преземаше на себе на прерогативите кои што само народот може да ги има во овој историски миг. И затоа без референдум било какви одлуки ние не можеме да донесеме, а да имаме потоа извршено, потврдено или искористено она право кое денеска ни ЌЕБС ни било која меѓународна институција на ниеден народ не му го кажува/ а тоа е да секој народ има право да самоопредели. Може да се каже дека ние имаме држава. Сме се определиле 194ј4 година да, но

сме живееле заедно во една Федерација и немаме надворешно правен субјективитет. Тој меѓународно правен субјективитет заснован на таа веќе кај нас создадена државност на Македонија, тоа може да се добие само со еден референдум, кој што до крај ќе ја изрази волјата на народот. А јас не се сомневам во тоа дека народот ќе се изјасни со ДА, за таква една одлука.

Нашата заложба, како што спомнав беше и останува сите промени да ги извршиме во мир и раздружување и здружување.

**КИРО ГЛИГОРОВ** (Продолжение) :

Тоа е наш врвен интерес, с£ дури можеме. Најлоша варијанта е ова што се случува сега во Хрватска тоа не би смеело нам да ни се случи. Потоа да не заборавам, можев да почнам со прво и второ ова што сега ќе го кажам сб ова сега да се изврши а да ја сочуваме демократијата во Македонија, демократските односи и да ги градиме тие односи, да се слушаме и да се обидуваме да ги градиме заедно оние ставови кои само во едно демократско општество можат да се градат макотрпно, со често пати со долги седници итн., но единствениот пат кој може да не сочува од грешки и од тоа да се вратиме на некои односи во општеството кои мислам дека на крајот на овој 20-ти век и пред сите промени што настануваат во Европа би била права катастрофа за нашиот народ.

Според тоа, сите одлуки да бидат донесени, кога се работи за одлуки од ваков карактер, кога год тоа е возможно, со консензус со нужна подготовка на јавноста, одлуки за кои може да се каже дека се созреани. Да не бидат искитрени, да не бидат инспирирани во еден момент од еден настан, или од 5 настани, или од една ситуација која во тој момент изгледа решавачка. Да имаме секогаш една дистанца. Кога ги проценуваме тие работи за нашите одлуки да бидат проверени. Денеска чув во колуарите дека за 5 можни одлуки кои верувам после половина час или час повеќе не живеат, а може во таков момент многу лесно да не опфати сите нас таква една опсесија, дека еве сега ако го направиле сме го решиле чворот. Тоа се тренутни инспирации, овој народ многу препатил, има доволно и интелигенција,и искуство да може да ги проценува работите и да може да донесува созреани одлуки. Да ги изведеме сите промени е нужно и во агрономската и социјалната сфера, ние не ја ни ....во овие наши расправи

или тоа ретко се спомнуваше, да бидам пораведен. За жал ние сме далеку од оваа задача, постојано отстранување од неа со настаните во Југославија. Тоа има и објективни причини се разбира во ваква состојба тешко е било која економија да постига незнам каков прогрес, но и во тие услови ние мора да чиниме она што е нужно, што е возможно, заради тоа што влошувањето понатаму на таа ситуација може обратно да делува врз политичката и безбедносната состојба к да не довеле во многу тешка ситуација. Се друго како лат и начин за реализација на оваа наша основна цел и на оваа наша ориентација е опасност за нашата држава, за нејзината сувереност и нејзината иднина. Потоа нашата определба за мир и соработка со соседите. Нашата отвореност и желба да живееме во мир, да се затворат балканските досиеја на омраза на присвојвуање на македонскиот народ и претензии спрема него и неговата држава. Балканот е измешан и мир ќе има ако се респектираат сите народи и се создава заедничко мирно живеење, а всушност ништо не ги дели тие народи, освен напластените наследени историски заблуди. Сите се мали држави и никој не треба да има хегемонистички претензии и мегеломански апетити. За секого на овие простори има место за живот, пред нас е историска задача, овие балкански народи кои заостанале да ги стигнат другите народи да обезбедиме еден просперитет без кој ние не можеме да се вброиме во европските народи. Сожителство со народностите е наша прека потреба.

Јас се радувам денеска на тој момент на денешната расправа што се присутни овде пратениците на ПДП и НДП. Тоа вистински ме радува. Не верувам дека судбината на Македонија како и нивна татковина да не ги

обврзува и нив да обезбедиме заедно заедничка иднина. Албанската народност и до сега се изјаснуваше и денеска слушав тоа, за македонска суверена држава, тој факт треба да го имаме предвид, треба да се одбележи и во овој историски миг треба заедно целиот народ што живее во Македонија, сите граѓани без оглед на верска,национална и културна припадност да се здружиме во напорите, во овие бурни времиња да ја сочуваме Македонија и да ја довршиме зградата во која се втемелени борби, жртви и труд на нашите предци, а ние како современици ја имаме чесната должност да го довршиме тоа дело.

Со еден збор, суверена и независна Македонија со спремност да стапи во сојуз на суверени држави,да ги исползува сите можности за што потесна соработка со соседите, со Европската заедница, како за сите нас единствено пожелен европски дом, тоа се благотворни цели кои длабоко сум убеден ќе бидат поддржани од целиот наш народ.

Исто така, сум убеден дека нашиот народ ја цени консеквентноста на нашата политика која не сака кавги, судири со било кој наш сосед. Не сака никому да се заканува, не создава паравоени формации. А тоа не значи дека нема да се грижи за својата безбедност. Ништо не мисли да решава со сила, туку со дијалог и Meѓусе6Но разбирање. Денеска ова становиште изгледа архаично, можеби некому тоа се чини вон временска работа. Но ние со упорноста да одиме по тој пат, ќе ја постигнеме својата цел. Еве сега некои страни кои беа многу воинствено расположени сега настапуваат со

миротворни акции.

Односот по мирен пат да ги решаваме прашањата со соседите е исто така внатре во нашата сопствена држава. Тоа не може да биде заменето со било што друго. Почнаа веќе непосредните средби со нашите соседи, повторувам дека Македонија сака со сите соседи дијалог, соработка на сите и на највисокото ниво. И најпосле таква наша политика која никого не загрозува, а секому подава рака, широко е валоризирана во странство и поддржувана како разумна и во согласност со врмето во кое живееме. Времето бара такви методи. Ова што се случува горе во Северниот дел тоа е антивременска појава. Тоа е антиевропски чин. Се таму што се случува. Затоа во земјата и надвор со доверба се примаат тие наши заложби и желба да се чуе нашето мислење. Уверен сум кај овој наш денешен чин, ако се одлучиме и како ќе се одлучиме во останатите точки околу осамостојувањето на Македонија, ќе биде и примен и разбран и во Југославија и во странство. Самиот чин на распишувањето на референдум ќе одекне и европски и на југословенските простори, како една решеност да се исползува правото за самоопределување.

Во сите мои средби, кога сум ги изнесувал овие наши становишта сум наидувал на поддршка,па и завчера со тројката на Европската заедница.

Морам да кажам, бидејќи секој ден паѓаат жртви, кај нас ги нема, тук таму осеќаме некои од тие последици, само читаме и гледаме стравични телевизиски слики, но овој дом треба да се искаже и во тој поглед дека жалиме за сите жртви кои паѓаат секој ден. Мирот во Македонија не не чини спокојни, кога знаеме дека гинат луѓе на овие простори на сила ништо не се решава. Најмалку денес таа може да донесе среќа на било кој народ. Затоа

повикуваме на прекин на огнот, тоа е сепак првиот приоритет, се што сега настојува Европската заедница и се бори за интернационализација на судирот кој дојде за жал во Југославија е да се прекине огинот. Се разбира со прекин на огин уште ништо не е решено, но тој чин значи една пресвртница, создавање на услови да се помине на отворени и конструктивни разговори, на постапки кои можат да донесат договор, со цврста решеност да се прекине пред се крвопролевањето. А до тоа ќе дојде порано или подоцна, само цената ќе биде страшна, ќе остави нови историски лузни и трауми и пепелишта, а во исто време и зародиши на нови пресметки во иднината.

Со враќањето на пратениците од ПДП и НДП во Парламентот и нивното вклучување понатаму во донесувањето на најважниот државен документ Уставот, а тоа треба да го направиме што побрзо, до крајот на септември или порано ако можеме ако смогнеме сили, ако бидеме кооперативни, ако тие утре отворени прашања и околу уредувањето на земјата, а пред се, околу меѓунационалните односи ги расправаме во мир, со разбирање, со едно трпение, тогаш би можеле ние Уставот да го донесеме и во релативно кратко време. Тоа би бил голем успех. Тогаш би имале веќе само определба на народот, би имале сопствен нов устав, а морам да кажам дека тој устав, барем колку можев до сега да го запознаам е модерен устав, демократски и во основа со него ќе можеме да се гордееме како со еден либерален устав, со сите човечки права и со демократско уредување.

Неговото донесување после чинот на референдумот треба да стане наш прв приоритет со спремноста на сите за тесна соработка и творечки придонес од секого. Ничиј придонес не треба да одбиеме да направиме навистина устав кој ќе биде за долго време темел на оваа наша држава.

Денес можеме во врска со тоа да констатираме дека во ова кратко време и при сите тетшкотии, Владата ни приготви нов устав, а и ја изврши и обврската да биде готов со сите нужни документи кој може да ги наложи времето. Критикувајќи ја често пати таа влада, дајте да и дадеме признание за еден од основните документи кои се работи со месеци, кој е добро направен и кој ни е тука сега направен при рака да можеме да бидеме ефикасни во нашето разгледување и работење да го донесеме на време и да ги симнеме сите овие наши спорови, недоверби и сл. кои произлегуваат од тоа да немаме устав и уште да не сме оделе на референдум.

Се рече зошто не сме распишале референдум. Јас морам да бидам отворен. Настаните ми овозможија да можеме да одиме сигурно во тој референдум. Положбата во Македонија, расположбата на определени слоеви на народот, некои заблуди од минатото, надежи дека може да се сочува она што гледано не може да се сочува итн. сето тоа беа моменти кои можеа тој референдум не да го доведат во прашање јас верувам и во тој случај во позитивниот исход, но не секој позитивен исход нам сега ни е потребен. Ние мораме да покажеме цврста волја на огромното мнозинство, на сите што живеат во Македонија дека се за самостојна и независна Македонија. А тоа ќе го направиме ако~ сфатиме дека тоа е пресфртница која не смееме да ја испуштиме од раце.

Би било прекрасно на пр. сите партии да издадат заеднички проглас, како највисок патриотски чин да се оди и да се гласа на тој референдум позитивно. Да покажеме дека сите наши расправи, се расправи да се дојде до едно заедничко решение, да се дојде до една мудра одлука. А кога ќе ја донесеме дајте да покажеме на народот дека е тоа зрела одлука, зад која сите стоиме. Тогаш не се сомневам во таков резултат кој им овозможи на пр. на моите колеги, кога се водеа разни тешки расправи да кажат едноставно, ве молиме кое не обврзува референдумот, ние немаме право за било каква друга одлука за било каков друг став освен овој кој го дава референдумот. Тоа е нашата легитимација, тоа ќе се почитува и надвор, тоа се почитува во земјата и тоа во исто време ќе ја смири оваа наша нервоза, која е плод, морам да кажам, на настаните во Југославија. Ние не можеме од нив сосема да се оградиме дека не постојат и дека не влијаат тие врз нас. Само треба да имаме толку сила во себеси да не подлегнеме на тие настани. Или се вели утре ќе ги признаат Словенија и Хрватска, а ние останавме непризнати, или во остатокот на Федерацијата. Нека ги признаат, тоа е сосема добра работа. Добар факт и за нашето признавање. Најпосле правото да биде признат еден народ и една држава, не може друг аршин да се примени на друг народ и на друга држава. Според тоа не треба од тие причини да бидеме нервозни дека ќе задоцниме и дека нема да ја извршиме својата задача итн. Сега сме определиле јасни чекори, сме одредиле дури и временски, пред завршуваше на мораториумот, да не чекаме ни крај на мораториумот, како што пишува во нашиот заклучок, да ги спроведеме тие чекори и да можеме тогаш мирно да кажеме пред народот, заборавете ги сите оние наши расправии, кавги и недоразбирања и се она што во една таква вжештена атмосфера тешко човек да издржи. И јас на

моменти почувствувам исто така. Би пламнал, би рекол зошто така зборуваш или зошто така ги поставуваш работите итн., меѓутоа, од друга страна мислам а како во ова време можат поинаку да реагираат луѓето, кога е таква ситуацијата во која живееме и кога секого мораме да разбереме. Да го сфатиме како човек. Но тоа не значи тоа да ни стане манир, да мислиме дека на тој начин ќе ги решиме работите. Работите ќе ги решиме ако после сите тие расправи мирно и разумно процениме кога, и во кој временски период ќе го направиме актот, а за тоа тука сме близу да се договориме. Тоа нетрпение и нервоза што побрзо да го направиме нужното е сосема разбирливо, како што реков, да побрзаме заради тоа неопходните уставни чекори да ги направиме и тоа ми е разбирливо. Верувам дека тоа е израз и желба во ова тешко и матно време да не се задоцни, да не бидеме излажани, да ги следиме оние кои на спектакуларен начин сакаат историски гледано преку ноќ да ги остварат своите цели, понекогаш и неводејќи сметка за другите и за сложениот процес и од внатрешни и од меѓународни причини/ но истовремено последиците ги гледаме. Ние никому не сакаме во врска со тоа да даваме било какви забелешки, ниту наши совети. Секој народ денес е исправен да ја проценува својата положба, ниеден не е во иста положба. Ниеден народ, ниедна држава не е во иста положба. Ни внатрешна ни надворешна. Ние не сакаме било кого да имитираме, ниту да бидеме од било кого инструментализирани ја цениме нашата ситуација со своја глава и сами одговараме за своите постапки и своите одлуки.

**КИРО ГЛИГОРОВ**:(Продолжение)

Кога се размислува дека Македонија нема своја физиономија итн., се заборава дека Македонија одамна не била толку своја колку е сега. Тоа не треба и не може да не задоволи додека не го завршиме и последниот чин, но политиката на Македонија не се гради веќе ни во кој центар, се гради овде и тоа е онаа врвна придобивка на нашиот народ. Никој не може да каже ниту има спомен за тоа дека ние следиме било чија политика и никогаш Македонија и во ваква Југославија каква е сега р&стурена, така да кажам, но сепак мора да се разговара за сето наследство за се што уште постои итн., никогаш немала поактивна и посамостојна улога. Овој народ и сите на овие простори многу крвареле и биле објект на туѓи интереси. Денес кога нашиот народ има своја држава и созреана, длабоко сум убеден, македонска свест и свест за заедништво и заедничко живеење во Македонија со сите народности длабоко сум убеден дека нема да сториме ништо што нема да е зрела, промислена одлука која ќе биде прифатена како разумен чин и како право на секој народ во ова*инаку неразумно време да решава сам за својата судбина. македонскиот народ е зрел сам да решава за својата судбина, а јас мислам и ова Собрание без оглед какви квалификативи денес сами на себе си дававме, убеден сум дека е Собрание зрело и способно да ги донесе оние одлуки кои овој историски миг од нас ги бара. (бурен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да дадеме пауза.

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Ако никој не се јавува за збор, предлагам да донесеме само два заклучоци.

Првиот заклучок би бил она мислев>е од Владата по втората точка , Собранието да заклучи и да ја задолжи Комисијата за уставни прашања и се обврзе уставот да се донесе до 30 септември.

Второ, да се договориме Собранието да упати апел за прекин на непријателствата и на воените дејствија секаде во Југославија каде сеуште се пука.

Дали се согласувате со вакви заклучоци? (се согласуваме)

Има збор господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Во врска со заклучокот во кој е определено донесувањето на уставот до 30 септември, имам едно прашање.

Прашањето го упатувам до претседателот на Уставната комисија да ни го објасни календарот за донесувањето на новиот устав. И тоа: кога ќе биде тој утврден како нацрт, до кога ќе трае јавната расправа по него, кога ќе биде доставен предлогот па во него ќе се вклучат предлозите и забелешките што ќе бидат изнесени од јавната расправа и на крајот дали навистина до 30 септември ќе можеме во Собранието да го усвоиме уставот.

Ова прашање го поставувам затоа што овој рок е сврзан со третата точка од Предлогот што го даде Владата во врска со уставниот закон и пакет законите. До колку овој рок не е реален и не се оствари тогаш

навистина постапката во однос на точка 3 ќе ја актуализираме и ќе сакаме по неа да разговараме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За утре е закажано седница на Комисијата за уставни прашања, а инаку беше закажана за 29 јули, но поради седницата на Собранието не можевме да ја одржиме. Изгледа ние и денес не ќе можеме да ја завршиме оваа седница, па ќе ја презакажеме Комисијата за уставни прашања за во четврток. Ние намераваме во сабота да се испрати работниот текст на Нацрт- уставот до пратениците и некаде веројатно 20-21 август да држиме седница, односно 19-20 , можеби ден или два, се зависи од расправата што ќе биде овде и некои усогласувања ако има и потоа треба веднаш уставот да се даде на јавна расправа. Јавната расправа можеме да ја определиме не повеќе од 30 дена, а може и 25 дена, за да има време после јавната расправа да се состане Уставната комисија да ги сумира резултатите и да закаже седница. Ако некаде околу 15 септември заврши јавната расправа тогаш е сосема можно на 26 , 27 или 28 септември да биде уставот донесен. Еве ова е редоследот кој може и кој би требало да се договориме да го оствариме. Ќе мораме да разработиме некои механизми на одредени спорни прашања. Ние сега веќе можеме да наслутиме каде може да бидат спорните прашања во уставот и треба да се договориме на кој начин нив ќе ги надминеме. Тоа посебно ќе го разработиме во Комисијата за уставни прашања и таму ќе постигнеме договор за таа работа. Според тоа сето тоа е не само можност туку сосема е во ред и сосема нормално.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Во заклучокот стои , ако се одолжи донесувањето на уставот до овој рок, тогаш и еден ден од тој рок се одолжи нас не обврзува владата и ние тоа ќе го бараме во врска со уставниот закон. (има негодување од пратениците).

Оваа ситуација ние треба да ја расчистиме затоа што ова е нереален рок што ни се наметнува, а во тој рок кас ве обврзува точката 3 што Владата овде предлага ние да расправаме за уставниот закон, а овој рок што се предлага е многу нереален. Тоа треба да го расчистиме бидејќи ние со тоа го обврзуваме претседателот за што ги дава овие рокови, токму со оваа точка. Ако тие не се придржуваат ние ќе бараме за тоа непридржување последиците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира тоа зависи од Собранието. Ние на време ќе го свикаме овде Собранието ќе му дадеме текст, меѓутоа, ако Собранието го одбие нацртот тоа е друга работа. Немојте така. Еден човек не носи ништо. Јас сум должен да ви предложам редослед кој е остварлив и прифатлив. Ако ми дозволите јас да го носам уставот јас носам и одговорност. Меѓутоа, тоа се разбира, е неприфатливо и невозможно. Овде треба да се донесе уставот и треба целото Собрание да преземе одговорност и да го донесе во овој рок во кој можеме да го донесеме.

Да Ви кажам и да не е референдумот во прашање и да не е оваа третата точка, ние заради општите околности би требало да го донесеме во такви рокови уставот. Ова не го правиме под притисок на некоја точка, туку

заради потребите кои сега  искрснаа и сега може да се видат и можеме да го донесеме уставот во такви услови. Тоа е работата.

Минуваме на **точка 2** - Одлука за распишување на референдум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говорам сега како претседател ка ЗПК. Ќе треба да минеме на втора точка, односно да расправаме каде треба да се изјаснуваме дали да го распишуваме и да гласаме за која варијанта на референдум или не.

ЗПК цени два основа. Прво, дали тоа е уставно и можно допуштено и дали има потреба.

Текстот што се нуди сега пред ЗПК не минал и стои законска пречка да може Собранието да одлучува. Затоа предлагам јас мислев дека ќе се расправа уште по точката 1, мислев на одлагање па ќе имавме време да расправаме. Но допуштете сега да кажам. Ако е ова , јас го ова кажувам како законска пречка на едно законодавно тело. Ако минеме преку оваа работа јас да се согласам. Меѓутоа, не можеме да минеме, па ако ми дозволите како претседател сега да ги повикам членовите на ЗПК да расправаме по оваа работа, а Собранието да продолжи да работи по точка 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние првата точка веќе ја завршивме.

Има збор Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Со целосен респект спрема претседателот на ЗПК, само претседателот заборави да каже вешто. Ние вчера имавме седница на ЗГЈК, каде што една од предложените точки на дневниот ред беше и оваа точка, Одлуката за референдум. На вчерашната седница на Комисијата донесовме заклучок таа точка да се одложи и да се одржи после седницата ва Уставната комисија откако ќе го апсолвира прашањето за одлуката за распишување на референдумот. Бидејќи тоа се случи денес околу 13,00 часот мислам дека претседателот на ЗПК беше должен поради рационалноста и целисходноста, а знаеше за утврдениот дневен ред, барем во овие две три паузи што се случија, да не свикаше и да седнеме и да расправа по тој проблем, а сега можеме да дојдеме во ситуација со оглед што ЗПК веќе е конституирана и со надворешни члеови да немаме и кворум за работа, затоа што од тие надворешни членови нема ни еден присутен кој може да дојде во оваа сала и да седнеме да расправаме. Според тоа мислам дека е несериозно и дека имаше дел на намера и на некој начин и ова прашање на ваков процедурален начин да се отежне оваа постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас верувам дека можело, меѓутоа и сега не е ништо лошо да се состанете и да расправате (негодување на пратениците). Ние немаме друг излез.

Има збор Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од вкупно 13 членови на Комисијата ние овде имаме 8 присутни. Јас ова не го кажувам, не сум имал намера на некого нешто да чинам или не чинам. Ако еден пропуст е направен , навистина таков беше заклучокот, но ако јас го пропуштив овој рок па господинот На£е Стојановски требаше да ме опомене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се работи за утврдување на виновник. Ве молам да се смириме и да дадеме пауза да расправа ЗПК.

Предлагам пауза од 10 минути.

(После паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да ги заземат местата.

Му давам збор на Томислав Стојановски како известител на ЗПК да го каже извештајот од работата на Комисијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Оваа пречка што ќе се јавеше во работата, во континуитетот, е од формална и содржинска гледна точка, ја отстранивме. Но, поради немање временски термин извештајот не е отчукан, умножен и поделен.

Ве молам да се послужите со текстот на Одлуката за распишување на референдум, ако дозволувате јас да ги прочитам само исправките.

Поради подобрување на текстот и усогласувањето, во уводниот дел каде стои "и член 318", се додава "став 1 точка 8". Подобрувањето е со "став 1".

Во името "Одлука за распишување референдум", да се знае каде, "во Република Македонија".

Во член 6 "оваа одлука", место "стапува", треба да стои "влегува" како што е законскиот текст и потврдено од лектори е македонски термин. Вршиме подобрување во таа смисла.

Додаваме, одоздола е испуштено "Собрание на Република Македонија", "Претседател на Собранието Стојан Андов'/ со потпис, овде стои"СР", меѓутоа ќе следи на оваа одлука, овие одлуки и недостасуваат од формална гледна точка за што моравме да извршиме додаваше бидејќи не можеше да оди.

На левата страна е бројот и датумот под кој се објавува, местото на објавувањето.

Во членот 2, "самостојна и независна"...

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: (Се јавува од место)

Нашиот текст е"суверена и самостојна". '

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, "суверена и самостојна".

Е сега, дозволете, кога ќе влеземе во расправа, ќе ми дозволите да се јавам по однос на ...

(од страна на пратениците во салата се слушаат реагирања да се прочита извештајот на Комисијата и да се одговори на прашањето што беше спорно пред паузата дали има основ за донесување на ваква одлука за распишување на референдум).

Тоа е сега извештајот.

Во право сте, дозволете, заклучокот по двата основи што треба да ги гледа ЗПК, се заклучи, неспорното прашање дека има не основ, ние решивме прво дека има потреба за донесување на оваа одлука. За основот за донесување е со надгласување 6 према 2 дека има и основ. Јас, како претседател на Комисијата го изнесувам ставот на Комсијата, а не својот став по однос на ова прашање.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ**: (се јавува од место)

И во вториот ред во членот 1 треба да стои "суверена и самостојна".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, суверена и самостојна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, во првиот член стои "за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи,

Во вториот член, каде се формулира прашањето "дали сте за"; треба да стои "суверена и самостојна". Отпаѓа "независна", бидејќи суверена е независна. Тоа е предлогот на Владата. Во ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само сакам да известам, кога ќе биде на дневен ред да не велите дека пак се јавува, по однос на извештајот на Уставната комисија ќе ми дозволите да се јавам после по однос на тој извештај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само една интервенција, пречистениот текст го имате пред вас. Известителот на ЗПК се што кажа, ја кажа фактичката состојба на заклучувањето на ЗПК, со исклучок на измена во членот 1 и членот 2. Предлогот на Владата беше во членот 1 "граѓаните за суверена и независна"...

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: (се јавува од место)

Не е точно.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

"Суверена и самостојна". Додека во тој исти член, Комисијата за уставни прашања го даде овој текст што го имаме пред нас,"за самостојна и независна држава". Само сакам да кажам.

Додека ЗПК воопшто не навлезе во оваа расправа.

Така ли е претседателе на ЗПК? (Томислав Стојановски претседателот на ЗПК од место одговара дека е така).

Исто така и во прашањето, каде што пишува "дали сте за самостојна и независна", тоа е текст утврден на Уставната комисија, мимо предлогот на Владата. Да бидеме јасни. Исто така ЗПК воопшто не расправаше за измена на тој член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, имаме ние...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (се јавува од место)

Тогаш требаше да дадеме амандман. Штом нема амандман, тогаш нема што да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот тоа нека го образложи, тоа може да го даде како амандман и сега, веднаш.

Има збор претседателот на Владата господин Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Владата предложи, имавме доста дискусија околу тоа, прашувавме и правници, самостојна и независна е тавтологија. А, суверена и самостојна во полнотата своја ја искажува смислата на целата наша денешна дискусија, а и гледањето на Владата.

Кога го добив текстот на Уставната комисија помислив дека е грешка во чукањето. Ве молам да го уважите предлогот на Владата дека станува збор дали сте за суверена и самостојна држава Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи предлагачите на оваа формулација на Комисијата за уставни прашања го прифаќаат ова мислење на Владата, предлагам да влезе сегашниот предлог што претседателот Кљусев го даде.

Дали се согласуваме со тоа? (се согласуваме.

Тогаш е тоа прашање формирано. Да се прилагодат двата назива во двата член

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Поднесов одделни предлози во врска со расправата за актуелната политичко- безбедносна состојба во Републиката и земјата, меѓу кои е и Одлуката за самоопределување на македонскиот народ за самостојна и суверена Република Македонија да може да пристапи во сојуз на суверени држави со другите републики на СФР Југославија. Сметам дека ова не е само едно обично политичко прашање за да постои согласност, да се прекрши Уставот и да се донесе било како, туку е и правно прашање и треба да има уставно- правна основа.

Бидејќи моја лична определба е, недопустиво е Република Македонија која својата самостојност и сувереност ја постигнала уште за времето на АСНОМ со изградбата на сопствена држава на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија допрва да ја ставаме на референдум за да граѓаните се изјаснат дали се за самостојна и суверена Република Македонија.

Во преамбулата на Уставот се вели:

"Тргнувајќи од историскиот факт дека македонскиот народ, заедно со народностите на Македонија, во заедничката НОБ со другите југословенски народи и народности ја создаде Социјалистичка Република Македонија" односно сега Република Македонија "како национална држава на македонскиот народ во која се остварија историските стремежи на македонскиот народ за национална слобода и државна самостојност".

Ако некој мисли дека е политички мудро овие определби и историски стремежи на македонскиот народ да ги стави на коцка и на ревизија за да допрва македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија се изјаснуваа дали се за самостојна и суверена Република Македонија, сметам дека воопшто е неприфатливо...

**НИКОЛА КЈБУСЕВ** : (се јавува од место)

Кој го праша народот тогаш?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не упаѓајте.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прашањето и проблемот е, што лично сметам дека и во Декларацијата за сувереност во член 7 го утврдивме, е дека предлог беше да се донесе уставен закон, Меѓутоа зошто?

Уставен закон не да се прогласи самостојност и сувереност, туку уставен закон со кој ќе се утврдат прашањата од уставно правен карактер со што Република Македонија, како самостојна и независна држава, ќе го преземе извршувањето на суверените права што ги пренела на федерацијата. Прашање е сега што Република Македонија не е за отцепување од Југославија. Друг ќе го наметне отцепувањето на Републиката. Проблем е во истиот оној обем и мерка во која што другите републики ги преземаат во ингеренција на Републиката суверените права што ги пренеле на Федерацијата во иста мерка и обем, тоа да го стори Република Македонија заради заштита на животот и имотот на граѓаните и нормално, својата материјална основа на стопанството.

Сметам дека е многу ризично ако се поставува прашање "дали сте за самостојна и суверена држава Македонија", од можноста за евентуален

неуспех на одржаниот референдум. Дури тогаш ќе станеме едно обично подрачје D кое» граѓаните рекле дека не сакаат држава, а народ кој не сака држава фактички не постои, за да се зголемат аспирациите на сите соседни држави спрема Македонија и македонскиот народ.

Затоа сметам дека пристапот кон донесувањето на една ваква одлука за распишување на референдум е за мене лично неодржива. Тоа од политичка гледна точка.

Меѓутоа и од уставно- правна гледна точка, предложената одлука не сакав да ја објаснувам правната заснованост сметам дека Одлуката што е понудена е противуставна. Тоа што јас го предложив одлука за самоопределување, она што претстои пред народот, на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија, тоа е да ни дадат со референдум легитимитет на политиката што во континуитет ја води ова Собрание за преземање на суверените права што Република Македонија што ги пренела на Федерацијата, повторно назад, во сопствена ингеренција.

Затоа, прашањето кое би требало да отиде на референдум е граѓаните да се изјаснат дали се самостојна и суверена Република Македонија да пристапи во Сојуз на суверени држави на републиките, со другите републики на СФРЈ. Тоа е идниот договор за кој народот и граѓаните треба да се изјаснат за да се потврди во континуитет политиката што ја води ова Собрание, а не допрва да се изјаснуваат граѓаните дали се за самостојна и суверена Република Македонија. Ако некој дава толку цврсти гаранции дека тој референдум навистина ќе биде успешен после сите информативно- пропагандни влијанија дека од самостојноста овој народ и граѓаните се плашат, дека тоа ќе биде автархија и создавање држава со кинески ѕидови оградена на сопствените граници, сметам дека резултатот од тој референдум ќе не изненади сите и покрај очекувањата. Ако ништо друго, можеби, заради инат на ефикасноста на овој Парламент.

Токму заради тоа, заради избегнување на опасностите од евентуален неуспех го предложив прашањето што го дадов иако сметам дека постои и расположение и одобрение кај сите субјекти и политички и кај граѓаните за спроведуван»е на референдумот. Референдум што ќе се одржи, нормално и по предлогот што лично нема да го прифатам, ќе ме обврзе со граѓанска должност да излезам на референдум. Меѓутоа, дали е целисходно, дали е оправдано и уставно пред граѓаните да се излегува со едно вакво прашање. Не ја објаснувам уставно- правната заснованост на Одлуката, бидејќи има платено за тоа лице, меѓутоа доколку, по мое мислеше, се изгласа противуставна одлука, не заради тоа што сум против референдум, туку заради тоа што во една правна држава мора да постои ред и поредок, давам ветување пред овој парламент дека ќе побарам Уставниот суд да ја оцени уставноста на одлуката во онаква форма каква што ќе биде поднесена.

(на дискусијата на Петров се слушна аплауз од еден присутен во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Анастасовски.

Ќе расправаме ли сега? Имавме договор да не расправаме?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ми се чини дека тука ќе најдеме еден јазик.

Меѓутоа, јас предлагам уште нешто, ако може во таа одлука, како ја викаме сега, еден член да влезе, да напишеме уште еден член, декларативен, кој ќе гласи дека Република Македонија ќе постане и не неутрална држава на Балканот. Затоа што во тој случај запазувајќи го

неутралитетот не ќе има право некој да не нападне. Ако некој не нападне, Владата да има право да побара помош од било која држава. Е сега, ако може да влезе тоа во оваа накнадно да се донесе после една такво-декларација

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

При излагањето, направив пропуст во однос на извештајот на ЗПК.

Во воведниот дел, кога го спомнав член 318, став 1 точка 8, а потоа и член 2 и 10 од Законот за републички референдум, подобрувањето е да се брише "член 2". Нека м» опростат и членовите на Комисијата и јас се извинувам за една недоследност што ова не го забележав при излага&ето и направив пропуст. Во членот 2 таква потпора нема. Значи, останува текстот "и во член 10".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**,

За господинот Петров, во врска со уставноста и законитоста на Одлуката за референдум, уставноста и законитоста ја ценат надлежните органи. Оваа говорница не би требало во таа смисла да се злоупотребува, барем во стартот кога ја донесуваме одлуката, пред да се донесе одлуката и на некој начин да се сугерира на пратениците на составот кој треба овој орган да го донесе на еден посреден начин дека не треба да гласи затоа што носиме незаконски и противуставна одлука. Всушност,господине Петров, о;  а уставност и законитост Македонија изгуби некаде  околу пет-шест милиони долари...

(од присутните се слушаат поединечни аплаузи).

А мислам дека прашањето е многу едноставно. Требаше да кажете дека сте против тоа да ја чуеме волјата н^ народот претходно за да се утврди државно- правниот статус на Република Македонија. Се плашам дека со овој политички маркетинг што направивме овде дека дефинитивно можеме да одиме и во друг правец да ја изгубиме и Републиката.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Пановски се јави за збор.

**МИХАИЛ ПАНОВ**СКИ:

Не се јавувам за реплика туку за дискусија.

Веднаш на почетокот да кажам дека во најголем дел го поддржувам излагањето на пратеникот Петров и според мое лично мислење чувствувам должност да кажам тоа мислење овде, мислам дека воопшто не треба да биде поставено прашањето, вака како што е формулирано. Сам за референдум, бидејќи на мислење сум дека за Македонија да добие меѓународно признат политички субјективитет е потребен референдумот. Но, да се прашува народот дали е за самостојна и независна држава Македонија, по мене, тоа се коси со, ние веќе сме самостојна и неазвисна држава со самите одлуки на АСНОМ. Тоа е мое длабоко уверување и не би сакал за тоа да спорам со никого.

Исто така сум за тоа прашањето да биде формулирано прецизно. Да не дојде утре, после референдумот до некои забуни. Тука вели "дали сте за независна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени

држави на Југославија Тој сојуз утре може да брои четири члена: Србија, Црна Гора, Босна и Македонија. Јас сум апсолутно против таков сојуз. Или ќе биде тој сојуз од шест конститутивни сегашни републики или Македонија ќе си се прогласи за независна и самостојна држава. За да не доаѓаме до разни несогласувања после тоа, тоа мораме да го дефинираме тука и да го напишеме тука.

Треба исто така да се стави една забелешка до информативните медиуми бидејќи вака како што сега известуваат јас мислам дека за да успее референдумот треба една голема пропаганда во медиумите да се оствари. Барам од денешнава седница на Парламентот бидејќи постојат сериозни индикации, а тоа можеме да го видиме и во информаторите што ги добивме од Министерството за информации дека овие денови многу лесно може да дојде до признавање на државноправниот субјективитет на Словенија и Хрватска од денешнава седница да се обратиме до сите европски институции, ЌЕБС, Европската заедница и министерскиот совет на Европската заедница итн. да сметаат на тоа дека доколку ги признаат Словенија и Хрватска, дека следен нивни чекор ќе биде дека и Македонија треба да ја признаат како суверена држава. Да им ставиме на знаење на Европа и на Светот дека не се согласуваме да влеземе во никаква "србославија" и во никаква редуцирана федерација и никаков редуциран сојуз на суверени држави.

За македонците треба да постојат само две алтернативи: или сојуз на 6 суверени држави, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Македонија или втора варијанта, суверена и независна, самостојна држава Македонија. . Немојте да си играме играчки, бидејќи јас ви кажувам, преска реков и пак ќе кажам, тука има пратеници што седат, кои мислат

дека нам ќе ни одговара некоја редуцирања федерација или редуциран сојуз на суверени држави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, сакам да обрнам внимание во еден правец малку да бидеме поконструктивни, бидејќи по овој проблем Уставната комисије1 работеше четири дена и четири дена ова Собрание имаше застој. Сите дискусии и сите проблеми кои беа на Уставната комисија сметам дека во голем дел скоро сите пратеници се запознаени со тие проблеми и сега пак ги повторуваме овде.

Пред Уставната комисија беа поставени две точки за иста суштина кои денеска во дневниот ред се во една точка, а порано беа две точки. Тоа произлезе од самото усогласување меѓу предлагачите на овие две точки, овие две одлуки со различни правци, а за иста цел.

Сега ме поттикна пратеникот Пановски, а таквата дилема ја имавме многу на Уставната комисија дали Македонија ќе прифати во редуцирана Југославија. Таква редуцирана Југославија нема. Се знае дека Југославија е со 6 републики и две автономни покраини кои сега го губат својот легитимитет според Уставот на Србија.

Прашањето со право да стапи во иден сојуз на суверени држави во Југославија тоа значи ако се постигне сојуз со сите држави доколку таков сојуз не се постигне, ставот на ова Собрание е јасен, многу одамна ние тоа прашање го дискутиравме.

**ЕФТИМ МАНЕВ**: (Продолжение)

Сметам дека во тој дел не би требало да има плашеше. По однос на првото прашање дали сте за самостојна и суверена држава Македонија, сметам и за тоа прашање прилично изгубивме време дали треба така, дали треба како што го постапуваше пратеникот Петров, си го поставуваме прашањето дали не сме до сега суверена држава. Ние сме суверена, но сепак сме во составот на една федерална држава. Со ова изјаснување значи нешто друго. Тоа што го предлагаше и групата ВМРО-ДПМНЕ зошто се бараше тој уставен закон ако сме самостојна. Зошто го баравме тогаш. Значи имаше нешто што ние бараме да се ослободи таа наша самостојна да биде поголема.

Уставната комисија застана на становиште дека треба да се оди со ваква одлука, со претходно изјаснување на граѓаните што е далеку поголема гаранција да го слушнеме мислењето на граѓаните на Македонија, а кое мислење треба да биде вградено во Уставот, бидејќи уставот е во фаза кој треба за неколку дена да стапи пред ова Собрание на усвојување како Нацрт, не би требало и од тие причини се откажавме од донесување на Уставен закон, затоа што е скоро иста процедурата. Во тој случај ако не постигнавме консензус во Уставната комисија ми се чини овде треба за Македонија и за сите нас, за нашата иднина.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Во врска со извештајот што го слушнавме мислењето на подносителот. господинот Манев, меѓутоа јас ќе кажам дека овој извештај на Уставната комисија не е целосен и не одговара на тоа и што ние го

заклучивме и како што расправавме и како таков мислам дека е нецелосен и неприфатлив.

Овде во вториот пасус по извештајот стои дека во расправата не поделено било мислењето дека ова да се спроведе референдум меѓу членовите. Ние гласавме, ова не одговара на вистината. Ние и претставниците на пратеничката група на ВМРО и другите гласавме дали сите сме за референдум. Тоа прашање беше неподелено. Овде не стои. Ние гласавме овде ништо не стои. Тоа беше посебно издвоено, па вие го прифативме тој предлог затоа што цврсто стоевме и претходно разговаравме за нашиот предлог односно за донесувањето прво на уставниот закон и на пакет законите и кога стоевме на вашиот предлог рековме дека референдумот не е спорен, затоа што и со уставниот закон се предвидува референдум односно потврдувањето на уставниот закон и пакет законите што Владата ги достави дека тие се потврдуваат со референдум и затоа рековме дека пратеничката група не е против референдумот како што и по другиот предлог сите се изјаснија за тој референдум и затоа ние го издвоивме и од едниот и од едниот предлог и од другиот тоа прашање за кое имавме согласност. Затоа, ова не одговара на реалноста и затоа рековме дека имаме согласност во однос на референдумот. Референдумот не е според, сит го прифаќаме, но, спорно беше дали пред донесувањето на уставните закони и пакет законите или откако ќе се донесат уставниот закон и пакет законите, па тогаш тие да се потврдат на референдум. Тоа беше условот тоа прашање кога беше поставено на гласање да го прифатиме што овде не е кажано. Тоа сега нас не спречува овде да се произнесеме и да водиме расправа зошто бевме за референдум. Сега ни се наметнува само одлуката што нас на изнесел начин не ограничува ние да расправаме и да го образложиме нашиот предлог И да ја кажеме вистината зошто се залагавме. Тоа е едното.

Второто прашање овде во последниот пасус на првата страница стои дека пратениците од повеќето политички партии и надворешни членови сметаат дека е потребно да се обезбеди претходно изјаснување на граѓаните врз основа на она што Собранието ќе стекне легитимитет, а се има предвид дека сето ова се однесува на првиот предлог што го поднесе пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и Реформските сили, а во извештајот воопшто не стои дека исто така членовите на Уставната комисија и надворешните членови на Комисијата се произнесоа и по вториот предлог, тука стои само првиот, а тоа е факт дека се произнесоа и по вториот предлог и тие сметаат дека е потребен и вториот предлог да се разгледа и да се прифати уставниот закон и пакетот- акти и за тој предлог се изјаснија 8 "за", 8 "против" и неколку беа воздржани. Тоа овде исто не е внесено. Не може само едната вистина да стои, а другата да биде изоставена така што тој не беше отфрлен, ова воопшто не одговара на текот на седницата и на она што го констатиравме оти ако 8 членови од Уставната комисија и надворешните соработници се определиле и за вториот, тоа значи дека и тој имал поддршка, а овдека да не ја спомнува, а колку време и колку простор посветивме на тој предлог, а за тоа секако треба овде да ја известиме јавноста и за тоа да разговараме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници ќе бидам краток ќе ја внесам дискусијата на пратеникот Петров оти може да создаде некоја забуна не само во салата туку и пошироката јавност, бидејќи седницата се пренесува. Бидејќи недецидно беше изнесена целата идеја на пратеникот Петров за пошироката јавност што ја следи седницата неговиот предлог е овој Парламент денеска донесе одлука за користење на правото за

самоопределување до отцепување односно за* суверена и самостојна и со право да се здружи во сојуз на суверени држави во Југославија, а потоа да се оди на референдум. Всушност нешто слично што предлагаше и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со предлаган»е на уставен закон па потоа да се оди на онаа верзија што ја дадоа на референдум.

Скоро сите пратенички групи и поголемиот дел од независните пратеници всушност не го прифатија овој предлог мислам овој пристап да се обезбеди референдум на претходно изјаснување да за врз база на плебисцитарната изразена волја на народот овој Парламент мериторно донесе таква одлука.

Прво, во постапката инаку предлогот што пратеникот Петров го дава тој е неспорен со оглед на уставните решенија амандманот 74 каде е предлага со 2/3 мнозинство Парламентот да донесе одлука, а потоа таа одлука оди на потврдување на референдум кај граѓаните. Меѓутоа, ние повеќето од парламентарните групи односно пратеници во Парламентот се определивме и на Уставната комисија да не го користиме амандманот 74 во смисла на донесување на одлука туку пред се да организираме референдум како претходно изјаснување на народот за да врз база на тоа може мериторно овој Парламент да одлучи. Значи, се работи за два различни пристапи и мислам дека не само потврда на мислењето на Владата, туку и на Уставната комисија и другите надлежни комисии потврдија дека уставниот основ не е спорен за претходно изјаснување во функција на одлучување на Парламентот.

Втората нејаснотија која се прави точно е дека македонскиот народ во поновата историја со АСНОМ прв пат форкчра своја суверена и национална држава. Меѓутоа, исто е точно дека тој македонски народ како што пишува во преамбулата на Уставот користејќи го правото на самоопределување до

отцепување се одлучи да не формира самостојна држава, туку заедно со другите народи на Југославија да се здружи на рамноправна основа и другите народности во Југославија да формира Социјалистичка Федеративна заедница на слободни... значи користејќи го тоа право македонскиот народ на самоопределување до отцепување со АСНОМ не се определи фаформира самостојна држава, туку заедно со другите народи во Југославија формира федеративна заедница во која на рамноправни основи да се вклучи. Оваа ситуација која ја имаме се по АСНОМ за прв пат македонскиот народ го доведуваме во ситуација повторно да го користи своето право за самоопределување со отцепување и да се одлучи дали ќе формира самостојна држава или ќе формира држава како сојуз на суверени држави во рамките на Југославија. Дали ќе влезе во таков сојуз на суверени држави. Во таа смисла бидејќи ставот 2 од членот 1 од Уставот СРМ и натаму е во состав на СФРЈ. Дел од суверенитетот СРМ со пристапување во федеративната заедница го пренела на федерацијата она што господинот Петров говореше. Со оваа одлука ние ја потврдуваме декларацијата што ја донесовме за сувереноста тој дел од сувереноста го пренесуваме и стануваме суверена и самостојна држава која сега одлучува дали ќе формира самостојна држава или ќе влезе во сојуз, во предлогот ние сега го користиме тоа право на самоопределуваше всушност ние преземајќи го тој суверенитет и како суверена и самостојна држава одлучуваме да го користиме тоа право за пристапување во сојуз на суверени држави на Југославија.

Според тоа, одлуката е во ред, бидејќи со тоа ние го санкционираме она што Декларацијата за сувереноста ја донесовме  го преземаме со ова праша е односно го прашуваме народот со ова прашање дали да преземеме дел од сувереноста што сме ја пренеле на федерацијата

едновремено го прашуваме дали македонскиот народ и граѓаните во Македонија прифаќаат така суверена и самостојна Македонија влезе во сојуз суверени држави на Југославија. Според тоа, мислам дека ова прашање се темели комплексно врз база на користењето ва право на самоопределување до отцепување, она што е направено по АСНОМ со влегувањето во федеративната заедница. Сега се одлучуваме наместо во федеративна заедница во сојуз на суверени држави на Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Фаик Абди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Му заведувам на пратениците правници, многу умешно знаат како да постапат и во овие случаи, кога сме веќе при крај на исцрпени со едни дискусии по првата точка. Зборевме, наоѓавме чарки, како да биде, односно како да не биде. И сега дојдовме при крај и пак наоѓаме, до крај се бориме од петни жили и сили напнуваме за да не биде нешто ако треба да биде. Имаше овде искажувања, јас ги почитувам тие искажувања од пратеникот Тодор Петров зашто тоа на некој начин значи негација на негацијата. Видете уште од 2 август 1944 година, уште од тогаш сме суверени, постои македонска држава, а цело време овде зборуваме како да не постои. Јавноста знае дека другите партии кои што немаат овде претставници, одделни партии зборуваат дека ве постоела никогаш македонска држава, и сега не постојат тврдат, во едни меѓупартисхи договарања, така се изразија, не е важно кој се. Сакам да речам, која е оваа Република Македонија? Таа постои. Ако имаме Влада експертна, со правници доктори по право, имаме правосудство, сите овие акти ги виделе, од сите аспекти и кажале што треба, па што е сега ова, кој кого вози, така да речам на народен јазик. Јас би молел, ајде да се заштедиме себеси, мислам дека се ни е јасно, па или едното или другото, а никако повеќе надмудрување. Зашто еве да потсетам на една работа, Македонија не е мома за мажеше а таа е мајка. Мајката нема да ја мажиме ниту да ја премажиме. Таа ќе остане наша.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господин Јакимовски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Пратеникот Петров имаше право кога се посомнева во уставната основаност на овој акт, бидејќи амандманот 74 ќе претставува сериозен камен ва сопнување во натамошната постапка на спроведувањето на оваа одлука. Ако пратениците како што рече Киро Поповски, пронашле друг пат, некој споредeн пат за спроведуваше на оваа одлука, тоа е членот 314 кој што предвидува дека Собранието може да распише референдум по претходно изјаснување на граѓаните околу прашања од општ интерес за Републиката. Третиот став од амандманот 74 вели дека одлуката за остварување на правото на македонскиот народ за самоопределување, вклучувајќи го и отцепувањето од заедницата на југословенските народи се применува откако за нив на референдум ќе се изјасни мнозинството граѓани на Републиката. Сега не ни е јасно, дали ќе имаме референдум, ќе донесеме потоа одлука на Собранието и дали ќе го почитуваме уставот или ќе спроведеме уште еден референдум. Тоа е третиот став од амандманот 74. Што ќе ја активира одлуката на ова Собрание. Во тој случај мислам го кршиме Уставот. Меѓутоа ова е многу децидно и овој амандман се однесува токму на таа проблематика.

Потоа исто и за прашањето што е формулирано во оваа одлука никој не ни дал право граѓаните да ги ставаме во една ситуација да му поставиме две прашања со еден одговор. Конкретно дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во идниот сојуз на суверени држави на Југославија. Моето лично гледање на оваа работа е дека прашањето треба да заврши со зборот "Македонија". Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, затоа што сојузот на држави засега е само чиста фикција и овде никој не може да каже каков сојуз имаме ние и со кого. Мислам дека шансите и надежите за евентуален сојуз со југословенските држави засега се никакви дека Словенија и Хрватска после

се она што го доживе.... територии нема да се согласат никако на сојуз, а ние нашите граѓани ги ставаме во ситуација да гласаат Сојуз на суверени држави. Непотребен е овој дел на прашањето. И ако излеземе пред граѓаните да ги прашаме дали сте за сојуз, треба да кажеме за каков сојуз и со кого. Во таа насока тоа би можело да се дефинира или барем како некакво одредување во сојуз на шест суверени држави.

Потоа исто така протестирам излагањето на Наќе Стојановски дека рече оти Тодор Петров ќе проба да не заведе тука пратениците, божем ние сме малолетни деца и јас ќе му кажам на Наќе Стојановски дека ќе си гласам по сопственото убедување, ниту по твоето ниту по на Петров препораката. Мислам дека амандманот 74 се однесува токму на оваа материја за која расправаме и дека , е многу конкретен и дека веројатно ќе се најдеме во ситуација да распишуваме и втор референдум.

За активирањето на одлуката што ќе ја донесе ова Собрание не ми е јасно кому му пречеше и зошто толку пречеше, ако знае некој нека ми одговори кому му пречеше ова Собрание претходно да донесеше еден акт хако израз на волјата на ова Собрание. Сега ние не знаеме што сакаме овде а ќе одиме да ги прашуваме граѓаните што сакаат, а потоа нивната волја тука ќе ја спроведеме, а немаме, не можеме, не сме во состојба 120 луѓе колку сме да се изразиме со еден акт како што беше предложен во уставниот закон, нашата политичка волја и нашата политичка определба. Затоа ќе бевме многу поподготвени и многу подостоинствено ќе излезевме пред народот и на тој референдум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво збор бараше господин Стојков, с, за збор се јави Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво за господинот Јакимовски, јас зборував за полнолетните пратеници. Второ, никој не го спори амандманот 74 и тој во текот на постапката ќе дојде. Проблемот е тоа што прво треба да се примени амандманот 79 во претходното изјаснување. И во зависност од позитивниот резултат на изразената волја на народот на референдум, кој исто во оваа сала и во овој состав треба да ја утврдиме таа одлука на референдумот, после стапува на снага амандманот 74, или устав каде што се предвидува 2/3 мнозинство од вкупниот број на пратеници за потврдувањето на таа одлука. Значи никој не го дезавуира, да бидеме начисто, амандманот 74. И амандманот 74 не зборува за правото, туку зборува само за процедурата, за квалифицираното мнозинство под тоа прашање што треба ова Собрание да го донесе. По сите други прашања утврдува право на просто мнозинство а по ова прашање утврдува право со квалифицирано мнозинство. Тој амандман ќе дојде во примена кога ќе дојдат резултатите од одлуката или кога ќе го донесуваме уставот, новиот устав на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува повторно Јакимовски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Господинот Стојановски рече дека никој не го дезавуира, никој не го заобиколува амандманот 74. Во втората точка од овој амандман во вториот став го кажува јасно тоа дека ова Собрание со 2/3 мнозинство може да донесе одлука за отцепување, самоопределување вклучувајќи го и правото на отцепување од заедницата на југословенскиот народи. Меѓутоа, ставот 3 од истата точка е како што реков и камен на сопнување што е услов за активирање на таа одлука. Ја не знам дали ова Собрание не најде друг па активира својата одлука или едноставно ісе ја изгласаме оваа одлука која

веќе стапува во сила, кога следниот амандман предвидува дека таа одлука треба да се потврди, да се применува, дури по изјаснувањето на референдум. Тогаш ќе треба да се дезавуира барем третиот став од овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На тоа имаме одговор меѓутоа, четири дена тоа го расправавме и сега повторно овде се покренува.

Господин Петров, бараше збор само за реплика.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас се јавив за реплика веднаш после другарот Киро Поповски за да го демантирам, бидејќи кажа дека ова се пренесува и на средствата за јавно информирање. Јас не предложив одлука за самоопределување со отцепување на РМ од СФРЈ. Ако некој е писмен може да го прочита и да види дека гласи- одлука за самоопределување на македонскиот народ, самостојна и суверена Република Македонија да може да пристапи во сојуз на суверени држави со другите републики на СФРЈ. Што значи ова што го кажав не е точно.

И второ, мене ми се чини дека се водат одделни перфидни игри на политички маркетинг, заради тоа што и правата одлука која предлагачите на оваа иницијатива ја предложија токму врз основа на амандманот 74. Зашто тоа не се кажа. Првата верзија што ја понуди Социјалдемократскиот сојуз и Реформските сили- ЛБ беше одлука за самоопределување на РМ како самостојна и суверена држава и стапување во ССДЈ. Меѓутоа треба да се каже и она вториот дел што граѓаните не гледаат што се случува овде. Бидејќи ВМРО донесувањето на оваа одлука го врза со изгласување истовремено во пакет на декларацијата за прогласување на самостојност и сувереност, а бидејќи оваа одлука се носи со мнозинство од 2/3 од вкупниот број пратеници Социјалдемократскиот сојуз сакаше да пронајде друг основ заради кој не е потребно 2/3 мнозинство и побара и друг предлог понуди

одлука за распишување на референдум. Меѓутоа, бидејќи таа одлука од втора верзија беше врз основ на 163 од Уставот и бидејќи пратеникот Стоиле Стојков, веднаш предложи контра одлука со која кажа дека таа одлука што ја предлага Социјалдемократскиот сојуз член 163 не го дава правото да се распише референдум, бидејќи член 163 ги опфаќа работните луѓе а не поимот граѓани. И добивме трета верзија на одлука за распишување на референдум врз основа на член 314. Што значи три вида на одлуки беа во оптек на ова Собрание, се со цел некој на некој начин нешто да изигра, односно, сепак на крајот, незнам каков ќе биде резултатот од гласањето, а сепак на крајот да се постигне резултат со надгласување, а не со политички консензус. Меѓутоа за заснованоста она што го предлагам си има надлежен орган, судски институции и ништо не прејудицира, секој со сопствена глава размислува и гласа. Законите ги пишуваат експерти меѓутоа ги пишуваат за обични луѓе, а како обичен пратеник во овој Парламент сметам дека таа одлука што е понудена сега е противуставна.

И да му одговорам на другарот Наќе кој пред малку ми реплицираше колку ја кошта уставноста на пратеникот Тодор Петров на оваа Република, сакам да му одговорам дека тогаш поздравни телеграми и посета од лидерот на оваа партија добивме при организираните блокади и од Демократскиот сојуз односно СКМ-ПДП. Од вас не.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Другарот Петров сигурно не ме чу добро. Ве молам за внимание. Јас правилно го прочитав вашиот предлог бидејќи го имам и писмено. Јас само направив разлика дека вие предлагате да се донесе одлука. Овој

Парламент денеска не носи никаква одлука. Носи одлука само за распишување референдум. Вие предлагате да се донесе одлука согласно амандман 74 и таа одлука да оди на референдум. Овој Парламент денеска донесува само одлука за распишува&е на референдум, и го утврдува патењето по кое народот треба да се произнесе. Ова вие што предлагате е потполно во согласност со амандман 74 од Уставот и се е во ред. Никој не го спори тоа и е во согласност. Исто и овој предлог што се предлага да се донесе одлука за распишување на референдум е во согласност со уставот, со наведените членови како претходно изјаснување. Парламентот не носи ни сега ни подоцна одлука. Одлука ќе се носи откако граѓаните ќе се изјаснат. И не е никаква манипулација ниту предлогот што беше од СДС, од РС-ЛП што оди како вашиот предлог. Предлогот на Социјалистичката партија во јавната дискусија беше што истиот се совпадна со новиот предлог на СДС и РС-ЛП претходно да има изјаснуваа»е на народот. Според тоа не е никаква манипулација, туку овој Парламент да одлучи откако народот ќе се произнесе по ова прашање. Според тоа не е манипулација туку напротив одлуката нема потреба исто за втор референдум и примена на амандман 74 бидејќи дознавајќи го плебисцитарно изразената политичка волја на народот овој Парламент ќе го донесе новиот устав, меѓутоа нема потреба од примена на амандман 74 ниту од нов референдум, туку со новиот устав таа волја ќе биде вградена како решение во новиот устав на РМ.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Репликите траеја подолго време но само да го потсетам господинот Поповски да го види член 1 од Уставот став 2 на РМ, па ќе му стане јасно зошто бараме да се почитува уставниот амандман 74.

XVIII/8.

Поаѓајќи од начелото на правната држава за почитувањето на Уставот и законите на РМ и нејзино дооформување како суверена и самостојна држава, заклучоците на Собранието точка 3 од 6 јули 1991 година, декларацијата за сувереност донесена со акламација овде во ова Собрание и надоврзувајќи се на одлуките I заседание на АСНОМ пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ поднесе и е на мислење дека Собранието на РМ по однос на нејзините граѓани треба да се изјаснат за натамошниот статус, својата иднина и иднината на РМ во евентуалниот сојуз на шест суверени држави на Југославија. Начелото на Собранието на РМ да одлучува за правото на македонскиот народ на самоопределува&е и непосредното изјаснување на граѓаните по пат на референдум за идниот државно правен статус на РМ, амандман 74 точка 2 треба да се почитува. Пред извесно време овде усвојувавме закон за внатрешни работи и ми се чини пратеникот Туше Гошев поднесе еден амандман кој се однесуваше исто така на почитување на Уставот на РМ. Јас исто гласав за почитување на Уставот на РМ.

Меѓутоа, наоѓајќи се во историски моменти а чествувајќи немоќ за позитивно влијание на текот на настаните за кои мора да признаеме се менуваат како на филмска лента, се прашуваме што да се направи. Граѓаните како никогаш досега слушаат и гледаат емисии на радио и ТВ, за иднината на своите деца, роднини итн., иднината на својата татковина, таа вечно проколната и вечно посвоена Македонија, каде е судбината на македонскиот народ судбината на граѓаните на Македонија. Слушајќи ги изјавите на скоро сите наши политичари дека РМ во никој случај нема да сака да остане во остатокот на Југославија кој не без основа се нарекува Србославија, се прашуваме дали не е време, она крајно време, сите ние што на некој начин учествувавме во креирањето на македонската политика, уште еднаш јавно да се изјасниме за ова прашан»е и така на некој начин

чесно и без задкулисни игри, без уцени и закани го подготвивме овој народ на македонско државно единство без разлика на вера, пол или народност за да можеме помирно и соседски да живееме во овие кризни и тешки времиња, за кои ние граѓаните на РМ сме најмалку виновни.

Неслогата што е присутна во ова Собрание уште повеќе ги прави граѓаните да се чувствуваат понесигурни, па дури да не проколнуваат да најдеме заеднички јазик за доброто на македонската држава, за просперитет на нејзините граѓани, кои мора да признаеме се помалку имаат средства,за живот, а некои примаат и социјална помош. Слога веднаш порачуваат, изненадени од нашите ситни меѓупартиски надитрував»а. Но дали слогата односно консензусот беше постигнат. Јас велам беше постигнат и тоа на 27 јули 1991 година. Како ќе се запрашате. На 26 јули пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз и РС-ЛП поднесоа предлог на одлука врз основа на уставниот амандман 74 точка 2. При утврдувањето на дневниот ред на седницата а кој беше со нескриени симпатии и честитки и од мене лично прифатен како и од координаторот на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ госпоѓа Ратка Димитрова, стенограмите може да ги види секој што ќе посака да нека ја види и Нова Македонија од 27 јули 1991 година страна 4. На истата дата беше најавена и Нацрт-декларација од нашата пратеничка група за осамостојување на РМ која коинцидираше со Предлогот на двете пратенички групи се разбира со некој битни разлики. Ние како пратеничка група бевме спремни да го повлечеме нашиот предлог но на 29 јули 1991 година двете пратенички групи поднесоа нов предлог повлекувајќи го првиот. Сега од нивна страна е третиот предлог кој пратеникот Тодор Петров многу добро го објасни, на кој начин дојде сега третиот предлог кој битно се разликува од првиот предлог за распишување на референдум.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (Продолжение).

Битно се излегува од еден предлог за распишување на предлог согласно Уставниот амандман 74 точка 2. Не сакам да обвинувам никого. Тоа ни најмалку не ни е потребно сега во овие тешки и кризни времиња. Но ме зачудува како новинарите акредитирани во ова Собрание не го видеа и почувствуваа тој долго очекуван консензус кој беше постигнат. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го повлече од дневниот ред предлогот за донесување декларација за самостојност на Република Македонија и поднесе нов предлог истоветен со Предлогот од двете пратенички групи на 26.07.1991 година, со мали техничко стилски разлики, базирани на уставниот амандман 74 точка 2.

Исто така, баравме ова Собрание да ја задолжи Владата да се активираат последните заклучоци од 6.07.1991 година како и претходните со предлог на уставен закон на прво место.

Ме чуди упорното повторуваше на нас медиумите дека едната страна е за, а другата секогаш е против референдум, но тоа изгледа беше само од многуте недоразбирања на релација ВМРО-ДПМНЕ и средствата за информираше. Се надевам дека ова повеќе нема да се повтори.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Во интерес на времето и на трпението и на пратениците и на македонската јавност,не се јавив да реплицирам после дискусијата на господин Петров. Меѓутоа, бидејќи по втор пат беа изнесени истите аргументи, во тој случај морав да изнесам,бидејќи на два пати беше споменат предлогот на социјалдемократскиот сојуз, кој што не е предлог на социјалдемократскиот сојуз ни на реформските сили,Либералната партија

туку од пред неколку дена на предлог на ВМРО Демократската партија е предлог и на партијата за целосна еманципација на ромите, е предлог на странката на Југословените, е предлог на ПДП,НДП и дури на меѓупартиска средба, предлог на Социјалистичката партија на Македонија, Предлогот на двајцата од тројцата независни пратеници, а од неодамна одржаната средба каде што беа поканети и вонпарламентарните партии и предлог на Работничката партија, на Социјалдемократската партија, на Македонската народна партија, на друштвото на екологистите на Македонија и е предлог на демохристијанската партија.

Зошто се јавив да реплицирам? Се јавив да реплицирам бидејќи се споменува некакви перфидни игри итн. од страна на предлагачите, кои се иницијатори на предлогот, меѓутоа, не се работи за тоа. Социјалдемократскиот сојуз и Реформските сили, Либералната партија дадоа предлог по кој се изјасни Владата на Македонија. Предлагачите го уважија мислењето на Владата на Македонија и го преименуваа својот предлог. Од така како што беше даден во предлог за распишување на референдум со претходно изјаснување ценејќи ја и стручноста на Владата и мислењето дека таму сепак преовладува едно поголемо сознание од областа која што е битна за донесување на такви одлуки. Впрочем би сакал да напоменам инспириран од тоа што овдека и господинот Петров и господинот Стоиле Стојков си дадоа за право да толкуваат што сака да направи Социјалдемократскиот сојуз и да ги толкуваат потезите на Социјалдемократскиот сојуз дека ова Собрание има 20 комисии, работни тела и меѓу тие комисии постои Уставна комисија и Законодавно- правна комисија.

Проблемот од аспект на Уставната основа треба да се препушти да го анализира и да даде соодветен предлог Уставната комисија. Таа заседаваше 4 дена и тоа и го направи. Ние сега како Парламент треба да се определиме ќе го респектираме ли ставот на Уставната комисија, или нема да го респектираме. Ќе го почитуваме ли ставот на нашите собраниски тела, или нема да го почитуваме к тогаш се поставува прашањето зошто тие воопшто постојат. Од законодавно- правен карактер имаме Законодавно- правна комисија. Дали таа донела одлука со 6 према 2 или б према 4. Меѓутоа ЗПК има свој став. Ќе го почитуваме ли ставот на ЗПК или нема да го почитуваме и ако не го почитуваме зошто постои таа. Ние имаме став на Владата, имаме став на Уставната комисија, имаме став на ЗПК. Од сите овие 3 тела тоа мислење можеме да го респектираме или не мораме да го респектираме, меѓутоа тоа е посериозно прашање дали ќе го респектираме ставот на Владата или не, или на овие комисии од сите тие три комисии за предлогот на Социјалдемократскиот сојуз, либералната и сите оние што пред малку ги набројав, стои позитивно мислење. Сега ние можеме да се инатеме но тоа не можеме да го порекнеме. И цела штета е што целата македонска јавност го следи ова, што ние сега се наоѓаме во една ситуација кога треба да донесеме веројатно историска одлука и сега ние се фаќаме за некои ситници. Се инатиме до бесвест, до крај ќе ја искористиме и последната можност ако можеме запирка да најдеме да го турнеме предлогот и да не завршиме вечерва успешно по таа точка.

Господине Петров, вие одевте пред Уставен суд, го имате тоа право. Јас незнам зошто ви е тоа потребно да го најавувате пред македонската јавност, однапред пред да се донесе одлуката. Зошто е тоа потребно пред време да го направите? А сега тој консензус на кого сите се повикуваме е некое единство и национално, а јас ќе речам и парламентарно бидејќи не сме од една нација, нам ни треба успех со висок процент. До тој успех нема да дојдеме ако не сме сите заедно, односно ако не застанеме зад тој референдум. Уште утре треба да ги повикаме сите парламентарни и вопарламентарни партии да се собереме и да го повикаме народот да излезат во што поголема масовност на тој референдум и да го даде својот глас "за".

Секој оној кој што нема да го прифати таквиот предлог, кој што нема да го повика народот, не може да го убедува народот дека е за самостојна и независна и суверена македонска држава, а да не застане во редот на тие кои што ќе го повикаме тој народ и сите граѓани на Македонија да излезат и да се заложат референдумот да успее. Нема посилно оружје пред европската јавност, пред југословенската јавност да донесеме устав како највисок државно- правен акт и да имаме референдум изјаснуваше на граѓаните. Кој може тоа да го порекне и во Европа и во Југославија. Кој може тоа да го сруши? Нели е тоа најрационалниот, најефикасниот пат да дојдеме до таа цел за која што се надевам дека постигнавме некое заедништво дека тоа е целта. И сега што е битно тоа дали 74, дали 316, дали 163. Има мислење на Уставна комисија, има мислење на Влада, имаме мислење на ЗПК. Јас не сум правник и не си дозволувам такво право да јас сега земам и да го толкувам уставот и законот итн. Од такви

политичари ние дојдовме до таква ситуација. Направивме уставна комисија правниците се стручњаци за таа работа. Дајте да го цениме нивното мислење. А сега сите сме стручњаци овде и за Законот за трансформација на капиталот и за Законот за шумите и за Законот за семето и за устав и за закон и за се.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас ги спомнав двете партии заради тоа што ако социјалдемократскиот сојуз осеќал потреба да ги именува сите партии кои застанале зад тој предлог, требало да го направи уште за време кога овој извештај од Уставната комисија се отпечати и беше даден овде. А во овој извештај на стр. 2 се вели: По начелниот претрес Комисијата гласаше по предлогот на одлуката за распишување на референдум, поднесен на 29 јули 1991 година, поднесен од Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и реформските сили на Македонија Либерална партија. И по предлогот на одлуката за прогласувaв>е на самостојност, поднесен од Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, при што мнозинство доби Предлогот на одлуката за распишување на референдум. Ако тоа му сметало што не ги спомнав сите, можеше да го каже при овој извештај. А дали некој е експерт или не е експерт токму секој пратеник овде совесно сам треба кога крева рака да мисли дали гласа за или против, дали е заснован или не е заснован на законот. Тоа е мое лично мислење. Си го кажав и сметам дека политика на водеа»е инат е различни мислења, тогаш сме ја промашиле и парламентарната демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во дневниот ред на седницата овој предлог е уврстен како предлог на^двете партии, затоа така сегде се води. Инаку накнадно се придружија, така да во право сте и господин Црвенковски.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВСКИ:**

Кога беше постигнат договор за состанок во ЦК имаше претставници скоро од сите партии на Македонија. Но јас забележав една дискусија ој еден господин и тоа господин на правен факултет кој рече нашите роднини тогаш ќе не може во Врање да одат. Што значи дека тој консензус не беше постигнат, затоа што л^ето дискутираа таму и околу прашањето, прашањето не им беше понудено. Не мислеа сите за исто така понуденото прашање. И уште една работа. Консензусот кога беше поднесен фактички на 2б-ти сега сме 6-ти 10 дена се малтретираме овде и го малтретираме народот, а консензусот беше на повидок. Во тоа се состои мојата реплика господине Бранко Црвенковски. Инаку 10 дена се малтретираме го одложуваме прашањето за консензус. Зошто? За да се наметне дека некоја партија е прва, втора или трета. Не е битно. Битно е овој народ, овие граѓани на Република Македонија да се изјаснат дали се за влегуваа>е во сојуз на сите 6 суверени југословенски држави. Тоа е битно, а ние губиме 10 дена,а консензусот беше постигнат.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа реков дека се јавив еднаш како претседател на Комисијата "и го имам ставот на Комисијата во која не бевме еднакви. Меѓутоа, ќе почнам каде заврши господинот Црвенковски дека од оваа говорница треба да јавиме на македонскиот народ и ...на Македонија дека ќе одиме на референдум.  Ова го најавуваме веќе 5 дена и тие го слушаат.

Да се знае едно. Не е спорно дека дојде време и има место за распишување на референдум. Треба да се направи разлика дали едната опција предложена дека треба да се оди ва претходно изјаснување, или е подобра или другата опција која ќе треба да дојде после е подобра. Нема потреба да говориме. Кој е за референдум кој не е. Тука без оглед на одлуката на Собранието ќе има државнички однос, овде треба да се договориме и да најдеме заеднички јазик, дали ќе ја прифатиме едната или другата опција. И нема потреба за некое одвоено повикување на референдум. Јас мислам дека тоа не е чесно. Зарем може некој да манипулира, Ете јас сум за референдум а овие други кои даваат друга опција тие се против референдум. Законитоста ако треба да ја бараме, ќе се повикаме и за едниот и за другиот случај во постојните законски одредби. Предлогот на парламентарни и вонпарламентарни групи се заснива на член 14, и вели дека ќе треба да се чуе мислење претходно од општ интерес. Ние во ВМРО немаме против да се чуе мислеше на никој,а најмалку немаме против да се чуе гласот на народот. Ова е недвојбено. Еднакво право и еднаква должност имаме сите партии овдека, па и оние кои не се во парламентот. Меѓутоа ќе треба сега да одиме дали сега овие предлози што ги даваме ќе имаат законска можност, и ако се кои се и дали имаат политичка можност и ако кои се политичките претензии. И третото прашање. Дали ако има политички има и законско или само едното е. Кога се говори да е Законот законски во него е вградена и политиката. Затоа што законот било која држава или која партија да го донесува во Законот ја проведува и "својата политика. Во тој смисол значи да појдеме од фактот дека политиката е една што ни произлегува од овластувањето во Законот. Овластувањето во законот ни произлегуваат што е општ интерес. 314 од Уставот не упатува на член 2 од Законот за републички референдум. И таму децидно кажува што е општ интерес. Затоа, Законодавно- правната

комисија одлучи дека нема место член 2 да оди, затоа што законодавецот кажал кои се општи интереси, па ги распишал, кога  во прашање јавен заем на Републиката и за измена на границите, таму не говори за државни, туку говори за граници на Република. Ве молам како секој што имаше место да сослуша дали има право или не, што значи став 2 од член 1, дека тој не е изменет и дека таму употребува СРМ е составен дел на Југославија. Овој дел остануваа на сила. Значи, ако ние сакаме било што да правиме, дали со претходно или после ова изјаснување на народот, ќе треба да донесеме акт кој ќе каже дека не сме составен дел по член 2 став 2 од Уставот. Во тој случај императивно ве налага да го примениме Амандманот 74.

Во Амандманот 74 доаѓа за правото на самоопределување. Ние не говориме за вториот дел, за отцепување. Говориме само за самоопределување и за правото во секој случај ќе треба одлука на Парламентот. Дали Парламентот нашол политичка зрелост дека во тој момент ќе треба нешто да се менува. Ако е тоа вели да се менува што има политичка дејност од содржина на државност ќе оди со уставен закон со одобруваше со поголем број на граѓаните. И во овој случај опцијата на ВМРО оди до тоа да се почитува ако мислиме на ваква државничка одвоеност, да го почитуваме Уставот и Законот за референдум.

Ако бараме политичко изјаснување, сондира&е на терен, а таа сондажа да ни даде право што не ни го ни бара, да го донесеме сега Уставот, со проверка на јавно мнение, тогаш така да се однесуваме. Овде немаме ништо различно, освен на пристапот. Господа, што да донесеме одлука, Одлуката ќе биде на овој Парламент државничка одлука, па Ве молам да се однесуваме како државници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Арсов кој сакаше да реплицира.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Бидејќи бев учесник на вонпарламентарниот состанок што се одржа во бившата зграда на ЦК СКМ сакам да го кажам нашето видуван»е наспроти она што овде го изнесе господинот Црвенковски» Тас го разбирам дека тој овде зборува од свој аспект и ја кажа својата вистина, меѓутоа, мене таа вистина што он ја изнесе реалната вистина која одговара и на нашето гледање. Тој упорно овде инсистира од кои се пратенички групи и независни пратеници и политички партии бил прифатен нивниот предлог, меѓутоа сакам овде да спомнам, секогаш тие тоа го изоставуваат дека Декларацијата за самостојност и независност на Македонија што ја понуди Пратеничката група на ВМРО исто така беше прифатена од Демократскиот сојуз на земјоделската партија и од МААК, а исто така и од еден независен пратеник. Така да се има поинаква претстава и за едниот и за другиот предлог.

Не сакам овде да спорам за тоа како што тој инсистира да бидеме за она што е најрационално, најефикасно итн. Нема монопол за тоа што е најрационално и најефикасно, господин Црвенковски. Ако тоа за вас што вие го тврдите за вашиот предлог дека е најрационално и најефикасно, дозволете да кажеме дека тоа е исто најрационално и најефикасно ние тоа што го нудиме. Во прилог на тоа ќе кажам дека најрационално и најефикасно е затоа што над нашиот предлог стои и заклучокот на Собранието овде што го донесе со кој заклучок ние Владата ја обврзавме

да го подготви уставниот закон и пакет придружните закони за самостојност и независност на Македонија и овде ги достави, а ние нив веќе ги имаме. Ние за тоа треба да расправаме и инсистираме за тоа да расправаме, а наспроти тоа што веќе го имаме во Парламентот, а јас овде ќе изразам и еден протест. Иако Владата ги достави и уставниот закон и пакет законите, не знам под чија волја овде тие на пратениците уште не се поделени. Не знам кој си го земал тоа право тие закони да не бидат поделени и се чуваат во фрижидер. Ако знаеме ние дека има таков случај за тоа што некој предлог што бил овде доставен до Собранието и само за два саата што бил задржан некој од стручните служби е суспендиран. Затоа сметам дека најрационално и најефикасно е ние овде да го прифатиме предлогот на Владата, ако зборуваме за таквата рационалност и ефикасност како што вие се повикувате за Вашиот предлог.

Се согласувам дека треба да се почитува Уставната комисија итн. на која што се повикувате за вашиот предлог но треба да ја почитуваме исто така Уставната комисија која се произнесе и по нашиот предлог таму. Сите бевме едногласни дека во однос на референдумот кој што го издвоивме и од едниот и од другиот предлог дека не е спорен и дека ние тоа го прифативме. Тоа е спојката која што и едниот и другиот предлог ги поврзуваше и тоа не е спорно. Затоа треба да се извлечат одредени елементи односно позитивните и од нашиот предлог.

Понатаму рековте да се прифати она што веќе постои некаков консензус. Консензус не постои ако имаме ние предлог кој се определиле и други политички партии така да ние не можеме да ги генерализираме работите иако вие го повикувате народот да го прифати тој предлог, да ја

прифати предлог одлуката за референдум, ние исто го повикуваме народот да го прифати уставниот закон и пакет законите, а потоа тие да бидат потврдени со референдум, со истото право, затоа што сметаме дека, сега да не ги повторувам сите оние констатации кои Владата со предлогот што овде ги понуди со законот заедно, ги наведува причините и од кои причини ние треба да цениме за итноста за донесување на уставниот закон и на придружките акти за самостојност и независност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што се однесува до овие закони за кои зборува господин Арсов кои не се испратени од Владата до оваа седница, ќе каже секретарот.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Пакетот на закони што се добиени од Владата се степеновани, строго доверливи. Испраќањето на вакви материјали до пратениците оди со посебна пратка и тие штом ќе бидат умножени во доволен број ќе бидат испратени. Сега се во фаза на умножување. Овие материјали не се за денешната седница. И затоа немало потреба да бидат поделени ниту можело да бидат поделени вака степеновани како строго доверливи.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Очигледно некои сака да не турка во меѓупартиски дискусии. Ова е во мојата потсвест свечен чин сфатен. Ние дојдовме овде да се договориме за

доброто на македонскиот народ, независно од која партија потекнуваат. Како граѓани и како пратеници достоинствено да се однесеме пред чинот историски сакаме ли или не сакаме да добиеме доверба од народот за самостојна и суверена Македонска држава.

Се прашувам која е таа сила што ве турка во меѓуппарткски дискусии? Која е таа скала што ви наметнува комплекс да се докажувате. Дури и процедурата ја оценувам да е промашена. Вие требаше денес да се изјасните за владиниот предлог. Се турнавме во уставните мисии , изгубивме три-четири седници, таа уставна комисија ни дава предлог, а фактички се се сведува на предлогот на Владата. Меѓутоа во преамбулата пак да се покаже пристрасноста на оваа или онаа партија се именуваат пратенички групи, партии. Слушајте, кога ние ви доставивме материјалот ние рековме Собранието на Република Македонија да ги прекине бесплодните партиски дискусии и веднаш да донесе одлука за распишување на референдум за осамостојување на Македонија. Ние бевме свесни дека тие дискусии нигде не не водат, а периодот на предвиденото тромесечие кое се оценува да биде мораториум па дури велиме може да биде мошне неизвесен поради што се налага потребата Република Македонија за да не биде затечена да го реши статусот на своето осамостојување. Оценувавме во моментот дека е брз , да треба да го цениме секој ден. Решавањето на осамостојувањето на Македонија Владата го гледа во контекстот на осамостојувањето на другите републики, Словенија и Хрватска, затоа што секое задоцнување на осамостојувањето

на нашата Република надвор од овој контекст може да биде фатално за нашата Република. И конечно решавањето за осамостојуваше на Македонија заеднички со другите републики ќе влезе во единствениот и акутен напор на меѓународната акција, Европската заедница, механизмите на ЌЕПС. Затоа осамостојувањето на Македонија не може да се третира надвор од решаваа»ето на ова прашање на Словенија, Хрватска и другите републики.

Оценувајќи ги овие моменти ние ви дадовме технологија на редот како треба да се одвива процесот на референдумот, устав или уставниот закон. Вие упаѓате драги и почитувани пратеници во непотребна дискусија. Може ли, кога се донесува чин за референдум да се надмудрувааме овој член оној член, онаа одлука оваа одлука. Помина низ многу правнички тела сето ова. Се докажа многу правна мисла. Може ли пред чинот на донесувањето на оваа одлука Вие да бидете тормозени дали овој или оној член бил вака или онака толкуван.

Сега се обраќам кон почитуваниот мој колега Тодор Петров. Тој вели дека Македонија има своја сувереност и самостојност, па сака да го измени прашањето што Владата го предлага.

Се поставува прашање дали во праксата тоа навистина е така, или во изнасилените устави кои постоеја до сега, се претпоставуваше да имаме самостојност и сувереност. Некои ни говори и ден денес дека Македонија е некоја коминтерновска измишљотина. Други. ни зборуваат дека е тоа фетеристичка АВНОЈ-ска проекција, па дури ни заговараат дека со настанувањето на АВНОЈ-ска Југославија не постои Македонија. Можеби ќе постои она кое некои апетити аждајски гледаат кон нас, да е тоа Јужна

Србија. Ние за прв пат во својата црторнја го поставуваме пред народот прашањето за самостојност и сувереност како држава. АСНОМ, неговите светли идеали и борците кои стоеја на видувањето на Македонија, тогаш што денес ние зборуваме, ја знаеме нивната судбина, многу од нив станаа жртви, ги исполнија логорите и ја платија високата цена на нивното барање. Денес кога имаме ние слобода да сами во својот Парламент изгласаме одлука за да одиме на референдум, ние почнуваме сега да се враќаме на разни правни формули, а од друга страна да фрламе сенка на сомнение дека ќе одиме на Уставниот суд да докажуваме исправноста на одлуката. Таква сугестивност која создава дефектизам е премногу од непотребна на овој Парламент. Ве молам станува збор за мошне сериозен чин кој треба вечерва да го донесеме.

Владата оценувајќи ги сите овие состојби укажува на потребата што побрзо да донесеме одлука за распишување на референдум. Тоа од своја страна значи да се забрза процесот на донесувањето на уставот, паралелно да течат тие процеси. И умешно постави господинот Арсов прашање. Кога е тој календар кога ісе се донесе новиот устав? Ако тој не го поставеше Владата тоа ќе Ви го поставеше затоа што Владата уште пред два три месеци да зборуваме ние за осамостојување на Македонија велеше уставот, уставот да дојде што побрзо за да може нормално да изградиме нов правен кривичен и економски систем. Оттука Владата ќе притискаше врз уставната комисија да се забрзаше процесот на донесувањето на

уставот. Но рековме ако се одолжи тој процес на донесување на уставот, еве ви шанса уставен закон со комплетно сите правни акти. Ние синоќа бевме на седница на Уставната комисија со потпретседателот Ристевски и укажавме да тој календар било да се оди по едната или по другата опција, за мене тоа е иста технологија. Тие временски се подудараат. Според тоа се исполнува со полнота, со комплексност на решавањето ако после референдумот дојде уставот, затоа што тогаш да го имаме и уставниот закон, штом дојде уставот престанува он. Се поставува прашање кој е тој временски период што треба тој да ни нешто донесе? Дури реков и следното. Важно е да имаме ние изјаснување на македонскиот народ, неговите народности и етнички групи дека сака самостојна и суверена македонска држава. Доволно е тоа, да не дај боже утре што да стане, да станеме и да ја браниме таа Република и таа самостојна и суверена држава. Нема потреба да се измачуваме. Дајте му еден свечен тон на овој чин. Доста беа тие дискусии цела недела не може да работи Владата само сме во некое исчекување. За нас драги пратеници е важно да не смее да се поделува ткивото на македонскиот парламент и не смее да се фрла семка на сомнение на македонскиот народ дека тој се поделува за референдум. Јас имам осеќај дека сите пратенички групи се за референдум. Прашав»ето беше само, колку го разбрав дали да одиме веднаш по референдумот уставот да се донесе или да ги ставиме актите со уставниот закон, а после тоа референдумот.

Бидејќи оценивме дека временски се поклопуваме, а имаме позрел документ но комплексно ги разрешува и со својата полнота дава авторитет на македонската држава, а тоа е уставот, тогаш доаѓаме до сознание за овој месец додека да дојдеме до референдум да се забрза процесот на уставот и рековме до 30 септември, што значи може да биде 20, 25, 30 , а тоа во исто време значи да ве смее да оди понатаму. Тоа го расчистивме во дискусијата пред малку, всушност тоа зависи и од самите вас како членови на Уставната комисија да се борите да го донесете уставот што побрзо. Значи станува збор за некои сериозни проблеми да му дадеме свечен чин на оваа седница на Парламентот за достоинствено сите да станеме на браникот на заштита дека оваа Македонија за прв пат во својата историја сака да изгласа своја сувереност и самостојност. Македонскиот народ така не беше прашуван ниту во АСНОМ се до денеска.

**НИКОЛА КЈБУСЕВ**: (продолжение)

За првпат се бара таа согласност од народот, а тоа е најголемата легитимација за било кој правен акт утре. Тоа е уште поважно пред нашето опкружување кое не негира, тоа е важно и пред меѓународниот фактор кој е мошне заинтересиран за судбината на југословенските народи, па во тој контекст и македонскиот. Оттука, треба да бидеме целосно сплотени еден дух да не носи. Идеологиите, политичките погледи ќе ги затворите во своите гради. Љубовта кон татковината не повикува кон тоа да бидеме сплотени и единствени. Не треба сега многу да водиме дискусии. Дајте свечано да ја донесеме одлуката за референдумот. Оставете ги правните надмудрував»а. Доволно е и Владата да ве повика да одите на референдум, вие тоа да го прифатите. Тоа е знак дека еднодушно се определуваме# како Македонија за сувереност и самостојност и што ни треба повеќе од тоа. Ве молам, почитувајте го предлогот на Владата и дајте што побрзо да се реши овој проблем. (аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не би требало да има дофрлувања од пратениците бидејќи ова ми е прво излегување и тоа како реплика, меѓутоа и како момент на вистина.

Потполно е во право претседателот на Македонската Влада, денеска во еден замор, практично и дозволив да дојдам во ситуација на сомневање дека сум изманипулиран по малку заради тоа што ние вчера, дискусијата по предлогот на Владата постигнавме партиски консензус освен ВМРО

ДПМНЕ, значи на иницијатива на Владата дадов  согласност во името на ВМРО-ДП и не е случајно тоа во текстот на Уставната комисија што се провлекува името на Социјалдемократската и Реформските сили, сметам дека авторот на тој текст нечесно постапил, а не од невнимание.

Тоа не е во спротивност, во суштина со претходниот консензус за што зборуваше господинот Црвенковски. Иста е суштината меѓутоа чувството дека нешто се случило нерегуларно останува. А, бидејќи сум отворен и сметам дека сум чесен, барем јас така мислам за себе, не можам да го пропуштам овој момент а да не кажам за тоа и да не се приклучам на повикот на Македонската Влада што сметам дека укажува на единствен пат, а тоа, ако се сеќаваат членовите на меѓупартиското усогласување, го кажав на лице место, дека треба да се сплотиме околу предлогот на Владата. Со тоа ќе престане секое партиско надмудруван»е. Тоа се заборавило, Уставната комисија разговарала за друг предлог, други адреси итн.

Затоа се приклучувам кон предлогот што го даде претседателот на Македонската влада да престанеме со оваа циркусијада да бидеме сериозни заради моментот и да прифатиме да разговараме односно да се изјасниме по Предлогот на Владата кој е пологичен, така како интегрално е даден, таков беше ставот што го усвоивме тогаш меѓу партиите, еден, два, а ако се укаже, според проценката, дека настапила ситуација, да стапи и три, тоа ништо не не спречува уште утре или на полноќ да не викне и да разговараме точката 3 да влезе како приоритетна. Меѓутоа, сметам дека ќе прифатат и од ВМРО ДПМНЕ да почне еднаш иницијативата по еден логичен редослед заради тоа што треба тој чин да содржи една правна сериозност, а со тоа не е спречено правото да реагираме како Парламент, доколку настапи некоја кризна ситуација и мораме на друг начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Георгиевски побара збор.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Во оваа дискусија ќе се обидам да кажам неколку мои размислувања и сфаќања и покрај тоа што сум свесен однапред дека целата моја дискусија ќе биде прифатена и Iсе биде претставена во мас-медиумот како смешна, авантуристичка, наивна, неспособна, иако сум свесен дека во еден огромен дел на оваа сала воопшто нема и да допре ни да се чуе, со тоа искажувајќи дека моја разочараност што се повеќе и повеќев8вој наш македонски Парламент се огледа една коалиција на неколку партии што можат навистина се живо веќе да сомелат и во таа смисла може секого да направат и авантуриста и смешен и неспособен. Во таа смисла можам само да му потврдам на господин Петров, колку и да беше неговото излагање логично, колку и да се повикуваше и на законите и на правото, колку и да се повикување дека она што го правиме е неуставно, навистина ќе испадне и тоа за тебе смешно, затоа што во секој случај ќе имаш барем најмалку 80 луѓе што ќе гласаат против целата таа твоја логичност и против целото она што викаш дека е неуставно.

Значи, ќе се обидам да ти се придружам, господине Петров, на вашата дискусија колку ќе можам да ве следам, зависи од моите сфаќања односно од моите ставови.

Најпрво, доста се зборуваше за компетентноста на пратениците. И на оваа седница и на неколку седници кога стануваше збор за тој референдум, многу пратеници излегуваа и постојано повторуваа дали ние можеме тоа да го направиме, дали сме легитимни за тоа, дали сме избрани за тоа. Секогаш кога се донесуваат големи историски одлуки оној што ги донесува си го поставува тоа прашање. Така беше минатата година кога германските

пратеници од Источна и Западна Германија го поставува тоа прашање во своите парламенти дали сме ние тие кои можеме да одлучиме да ја споиме Германија односно овие во Источна Германија да ја изгубат Источна Германија и на крајот одлучија дека се способни бидејќи тоа уставот им го гарантира и затоа се избрани од народот да бидат пратеници. И, нивната одговорност е тоа, да го претставуваат својот народ и да можат да гласаат во негово име.

Таквото прашање може да се сретне и на АСНОМ. Неодамна ги прегледував документите на АСНОМ"и рефератите што беа поднесувани. Таму, во рефератот подготвуван за АСНОМ исто така еден од уводничарите си го поставува прашањето дали ние овде делегатите на АСНОМ можеме да ја одлучиме иднината на Македонија. Заклучува ние и покрај тоа што не сме избрани на тајни избори, сепак сметаме дека можеме да ја одлучиме иднината на Македонија. Значи, пратениците тогаш гласачите односно делегатите на тој АСНОМ, иако не биле бирани на тајни гласања се прифатиле за таа одлука, си го земале тоа право и ја одлучиле иднината на Македонија.

Сега, постојано се повикуваме овде на волјата на народот. Како некој да сака да ја одбие таа волја на народот, а некому многу му е до таа волја на народот. Јас само сакав да потсетам дека и Пилат, кога го судел Исус Христос му рекол на народот -. еве, вие судете му, а народот му пресудил на Исус, па потоа си ги измил рацете вие народе му пресудивте на Исуса.

Што сакам да кажам: пред два месеци имавме трагична смрт на Сашко Гешовски. Никогаш како до тогаш порано македонскиот народ во сите градови на Македонија не излезе и не побара од овој Парламент да донесе некои соодветни закони со кои барем малку од малку ќе може да гарантира односно ако не друго барем оние две генерации што отидоа

регрути после смртта на Сашко Гешовски и си останаа во Македонија. Тогаш никој не се повикуваше на волјата на народот. Тогаш дури и викавме народот може да бара се, меѓутоа дали ние можеме тоа да му го одобриме.

Значи, сега, кога се судираме со една вистинска наша одговорност, прв пат можеби се судираме со една права одговорност како пратеници, да застанеме пред некоја одлука, ние се повикуваме пак на тој народ иако прашање е колку навистина ќе се држиме до тие негови одлуки кога ќе биде тоа донесено.

Во секој случај, мојот став е дека овој Парламент е избран, има легитимитет и самиот Устав му го дава тој легитимитет да одлучи било што и да не си поставуваме знаци на сомнеж. Ако некој сам пред себе не е доволно чист, дали може тој да биде одговорен за нешто што ќе гласа, тоа е сосема друга работа. Значи, тоа е за компетентноста на пратениците.

Вториот дел на кој сакам да се задржам, тоа е морално суштинската основа на овој референдум. Ние ја превидуваме таа основа на овој референдум ако ја многу јасно ја потенцираше Тодор Петров. Односно, се поставува прашањето што ставаме на овој референдум? што гласаме? Дали ние фактички го гласаме АСНОМ? Дали нешто што пред 45 години некој го изгласал во Македонија ние повторно го ставаме на гласање ? Па со кое право ние тоа, ве молам, го ставаме на гласање тоа што пред 45 години АСНОМ го изгласал на гласање. А, фактички испаѓа дека тоа го ставаме. Македонија е држава и што сега да го прашуваме македонскиот народ дека е држава?

Она, што според мене многу логично го кажа господинот Петров е токму тоа да констатираме една работа што е нарушена. Многу детално ги листав сите документи на АСНОМ пред 45 години, кога тие македонски граѓани влегувале во Југословенска федерација. Верувајте можете сите тие

документи да ги прелистате. Секаде се поаѓа од позиција дека Македонија е сама ослободена, дека никој не ја ослободил дека Македонија се изборила за тоа што го иам во тој момент и дека тоа никој не може да и го земе. Влегувањето на Македонија во Асномските документи е внесено само во не~ колку документи и тоа во Манифестот и во Прогласот издаден на тој АСНОМ ,при што дури самите хроничари, а тоа можете да го погледнете во книгата "Документи од македонската историја", даваат забелешка дека делегатите на АСНОМ ниту со еден посебен документ не се определе дека влегува Македонија во федерација. На пример, имале посебен документ за македонското писмо како официјален јазик на Македонија, меѓутоа, дека Македонија влегува во федерација, нема посебен документ. Во објаснувањето долу пишува во една заграда, дека тоа се подразбира од контекстот на другите документи.

Меѓутоа, и таму каде што го пишува, а тоа е Прогласот односно Манифестот на АСНОМ, на можеби четири- пет страници во само три- четири реда пишува на едно место АСНОМ објавува дека во името на македонскиот народ, сега најпрецизно не се сеќавам, не можам да ги цитирам прецизно, меѓутоа можам да се повикам на тоа, објавува дека Македонија влегува во федеративна Југославија на принципите на АВНОЈ. Значи, една слободна македонска држава, една изборена македонска држава влегува во една федерација на принципите на АВНОЈ.

Што е сега што треба да го направиме ние, ако имаме политичка волја? Меѓутоа, проблемот е што немаме политичка волја и сите несогласувања доаѓаат токму од тој проблем. Едноставно можеме само да констатираме дали тие принципи на кои АСНОМ пред 45 години се "определил да влезе во една федеративна Југославија уште постојат? Дали тие принципи на АВНОЈ постојат. Јас велам дека тие принципи не постојат.

Можеме да дискутираме дали постојат тие принципи. Значи, ако не постојат тие принципи, можеме да го направиме само она што господинот Петров го предложи, а јас го поддржувам. Да ја вратиме онаа сувереност што тогаш ја предадовме на некаква федерација. А, таа сувереност можеме да ја вратиме со Уставниот закон и целиот тој пакет ни закони што произлегуваат од уставниот закон односно враќање на одредени суверени права што некогаш сме ги предале на таа Федерација, во името на Авнојските принципи, меѓутоа, бидејќи сега тие Авнојски принципи не постојат, она што можеме само најлогично да го направиме е да си ги вратиме тие суверени права.

Зошто на сето тоа инсистирам? Затоа што она што ние , ќе го ставиме сега на референдум е премногу скапо, премногу се і бореле за него, за да дозволиме било каков ризик да не успее тој референдум. Не можеме ние да го гласаме она што пред 45 години некој го изгласал. Не можеме ние овој македонски народ под ризик и да успее, меѓутоа да не успее, да го доведеме во еден ризик на рамноправност. Ми се чини дури ни самиот народ го нема тоа право тоа да го изгласа. Својата нерамноправност кон она што некогаш кон се некој одредил кон она што некој се борел.

Тоа е морално содржинската основа, морално суштинската основа на овој референдум што го бараме. Впрочем, пред два дена и Националната партија МААК го кажа тоа во едно соопштение. .Што ќе гласаме ние на овој референдум? Да го прашаме народот дали сака слобода? Па тоа е тоа што ние сега го бараме, односно што сакаме да го направиме.

И, конечно да го видиме и правно уставниот основ на референдумот. Сега јас ќе повикам на Амандман 74 и знам дека некој ќе ме направи смешен зошто се повикувам зошто се повикува на Амандман 74. Меѓутоа, првиот предлог на некои партии кои сега  инсистираат на нешто друго, беше

токму повикувањето на тој амандман 74. Потоа, под некој притисок, се повлекоа од тој амандман 74. Да се повикаме и на член 7 од Декларацијата за сувереност што ја донесовме. Зошто ја донесовме таа Декларација на сувереност? Таму има исто така член 7 од кој можеме слободно да се повикаме. Јас велам дека во прашање е само волјата. Во прашање е само политичката волја, меѓутоа која за жал ние ја немаме.

Конечно, што сега инсистираме со тој референдум? Треба јасно и гласно да се каже дека инсистираме фактички на два референдуми. Прво, проблем референдум, па после од кога ќе се нешто добие на тој референдум да се донесат уставните закони, па потоа пак да се оди на референдум. Зошто тоа? Од каде причината? Меѓутоа, тука гледам реакции1 Се повикуваме дека истовремено ќе го донесеме и Уставот кој ќе го реши и тоа. Меѓутоа, јас не сакам да прифатам како личност, незнам вие како, референдумот во најмала мерка да го сврзувам со донесувањето на Уставот, од многу причини. Затоа што ако референдумот го сврземе со донесувањето на Уставот, терминолошки, односно роковно, тогаш ќе ги врземе рацете на пратениците и на партиите слободно да се искажуваат за тој устав. Слободно да се бунат против нешто. Слободно да бараат нешто друго. Зошто? Затоа што кога ќе дојде после месец дена, ако има некој забелешка против тој устав ќе може веднаш да му се залепи етикета значи, ти си против Уставот, против референдумот, против народот си! Па, тоа е веќе врзување на раце. Зошто еден така значаен момент, Уставот на Македонија да го врзуваме со еден референдумот и да г врзуваме рацете на референдумот и Уставот, едно со друго, односно да дојдеме во

ситуација каде што можеме да се уценуваме потоа, заеднички референдумот наспроти Уставот.

Тоа е она што сакав да го кажам од морално- содржинската и правно-уставната основа. Тоа, за жал што Тодор Петров го вели, може да го побие Уставот. Јас нема да се повикувам, нема да се повикувам ва тоа и кажувам дека доколку се прифати предлогот за референдум, а :ќе~се прифати затоа што мнозинството може да сруши тогаш јас морам да одам на тој референдум. Меѓутоа, пак ќе се повикам каде е проблемот? Проблемот е во нашата политичка волја. Проблемот е во тоа што Гоце Делчев рекол пред многу години: "Ропството се должи пред сб на самиот роб". Стравот од слободата е филозофски поим со што огромен број на филозофи го обработувале и размислувале за него. Стравот од слободата! Стравот дека можеме да имаме сопствена држава! Стравот дека можеме да бидеме слободни и само да одолговлечуваме некои работи и да чекаме, да чекаме, да чекаме, а што ќе дочекаме?

Зошто инсистирам на Уставниот закон пред референдумот? Инсистирам затоа што тоа ќе биде пред се поттик пред Европа. Утре и други ден во Хах и во Прага се случуваат две важни конференции на кои Европската заедница разговара а во кои едно од прашањата е и признавањето на Словенија и Хрватска. Ако тоа се случи само уште повеќе ќе бидеме сведоци на декласираноста на овој референдум на кој инсистираме сега.

И на крајот зошто овој сомнеж кај мене кој се јавува од сето тоа? Прво, сомнежот се јавува затоа што,за жал, сеуште не огромен рој, меѓутоа еден дел од партиите што значат нешто во македонската јавност и што можат да предизвикаат односно... зад себе маса и народ, сеуште јасно се

немаат дефинирано дали ќе го поддржат тој референдум. Јас мислам дека основната работа која требаше да се направи пред да се настапи на тој референдум е барем оние партии што значат 5-6 или барем оние што се овде во Парламентот да седнат и да се договорат, да кажат ние сме за тоа и сакаме да го поддржиме тој референдум. Ќе одиме за тоа сите. Меѓутоа, тоа сеуште го нема.

Пазете, за мене е еден огромен авантуризам што ќе му го приредиме на македонскиот народ ако партиите секоја влезе во посебна програма кон тој референдум и ако барем една од овие партии што значи овде излезе на телевизија и каже ние им даваме слободна | волја на народот да,гласа. Само една партија е доволно и веќе ќе ! имаме еден голем расцеп во тоа македонско гласачко ткиво. А, да не зборуваме за политичарите кои нешто значат.

Зошто не сакам да го врзувам, зошто сомнежот кај мене? Понатаму, од врзување на референдумот со Уставот и оддолжувањето?

Затоа што јас еве просто се плашам навистина да ви кажам, кога ќе дојде тој временски теснец помеѓу Уставот и референдумот, одредени партии како што се ПДП и НДП да не направат отворена уцена на другите македонски партии. Или така ќе го направите уравот или нема да ви гласаме за Парламентот. И, сакам да се оддели ставот кон референдумот со ставот кон Уставот навистина на два различна пата и да нема мешање. Да не дозволиме мешање. Секој нека се искаше на чисти карти, на чисти основи.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

Зошто тој сомнеж кон референдумот? Затоа што во едно Куманово каде знаеме сите каква е расположбата до сега дозволивме српската држава 10 пати повеќе да работи отколку што работи македонската држава. Ќе биде катастрофа за Македонија само ако 51% во Куманово ако се изјаснат против тој референдум. Како потоа да не гласала цела Македонија, потоа секој може да не влече за нос и да ни го покажува тоа Куманово и да не прави проблем кога сака во тоа Куманово. Да речеме и Тетово или некој сомнителни краишта овде по Скопска Црна Гора за кои ништо ненаправивме да ги подготвиме ва тој чин.

Конечно, зошто сомнежот кон сето тоа? Извинете ама јас навистина не гледам шанса да успее овој референдум во Македонија кога во средствата за јавно информирање во Македонија се води односно се бранат теснопартиските интереси на СК- Движење за Југославија. Со такви средства за јавно информирање верувајте тешко дека нашите референдуми ќе успеат. Тоа се моите мотиви за еден голем прашалник. Свесен сум дека мнозинството овде ќе го надлага тој став, меѓутоа, ако не друго го кажав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислев дека аргументите што во претходната точка господинот Киро Глигоров ги изнесе за референдумот ќе прозвучат многу објективно и прифатливо за нас. Уште по аргументирано беше излагањето на претседателот на македонската влада за потребна за референдум во овој миг за Македонија. Јас на сето тоа би дода: дека со ваков референдум Македонија преку овој Парламент ќе ја зајакне и својата позиција. Искрено да кажам обратно да го поставам прашањето и од

г. Георгиевски и од Петров што би се случило ако донесеме уставен закон за отцепуван»е на Македонија па не добиеме потврда на таа одлука на референдумот? Кој ќе биде легитимитетот на овој Парламент, но во тоа јас не се сомневам само поставувам обратно праша&е од она што беше поставено.

Излегоа на оваа говорница да кажам дека треба да ги користиме искуствата и од другите. Овде беше доведено во сомнение дали со излегувањето на референдум ја доведуваме во прашање македонската сувереност односно македонската државност.

Словенија која прва донесе таков акт во Југославија го постави следното прашање на референдумот за самостојност и независност. Дали Република Словенија да постане самостојна и независна држава? Па, зарем Словенците не знаеја досега дека исто така како и Македонија имаат статус обезбеден на државност и дека влегоа кога и ние влеговме во Југословенската федерација, а пак отидоа да го прашаат народот дали во овој момент треба да излезат од југословенската заедница. Мислам дека само можеме да добиеме и само може овој Парламент да си ја зајакне позицијата, а и сите одлуки да добијат многу посилен легитимитет отколку тоа би го направиле без референдум.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Мислам дека еднаш засекогаш треба да се престане со инсинуација на градот Куманово дали спаѓа во Македонија или Србија. Куманово како било кој друг град во Македонија дали централна, западна или источна е македонска територија (аплауз во салата) во кој што живеат и Срби и припадници на други националности, меѓутоа никаква инсинуација во врска со неуспех на референдум и во врска со делуваше на Србите во Куманово не му служат никому, а најмалку на нас можеби и на комшиите.

**МИХАИЛ ПАНОВ**СКИ:

Јас сакав да реплицирам на другарот Тито Петковски но госпоѓицата Јумеровскха не слушнав дека некој кажа дека Куманово се наоѓа во Србија. Вие така се искажавте, слушајте добро кога ќе реплицирате.

За другарот Тито Петковски сакам да кажам дека Словенија кога одеше во референдум фактички и уставно- правно си постоеше Југославија и тие за тоа одеа да се издвојат осамосталат. Сега веќе не постои Југославија кога 2 републики се осамостоиле и тука треба да правиме разлика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас би кажал нешто ако ми дозволи господинот Абдурахман.

Никако не бев убеден дека по 4 дена заседавање на Уставната комисија, расчистување и приближување на гледиштата дека вечерва по зборувањето на претседателот на Републиката и претседателот на Владата дека ќе западнеме во една ваква ситуација.

Јас апелирам да бидеме посериозни, се работи за македонистката држава и секој изречен збор останува. Јас мислам дека оти македонскиот народ тежнеел во историјата кон своја самостојна држава и сам да одлучува понатаму за судбината на таа држава заедно со граѓаните припадници на националностите кои овде стално живеат и на етничките групи и стално знаел да изгради потребни односи со тие свои комшии, соседи и сограѓани. Исто така тоа тежнение, тој стремеж бара од нас секој збор што ќе го искажеме многу да тежи. Јас морам да ви кажам не го велам сомнежот дека граѓаните на Македонија, особено македонскиот народ дека масовно ќе излезе и ќе гласа за овој референдум.

Друга работа е дали некоја од политичките партии овде , ќе се обиде нешто друго да му вметне во умот, меѓутоа, не го делам тој страв. Јас мислам ^дека македонскиот народ верува на оваа политика и верува дека токму низ неа по мирен, демократски пат со слободно изјаснување ќе ги оствари своите стремежи.

Ве молам, никако не ми е мило ем драго што овде некако се раѓа сомнеж како да ние навистина народот ќе успееме да го залажеме на тој начин што ќе муречеме вие сте веќе суверена држава па за тоа еве не морате да се изјасните. Видете, тоа што го направиле Словенија и Хрватска, тоа што нам треба да ни даде можност да кажеме уште со посилен аргумент отколку што во тие републики е направено, нам ни е неопходно за да ги елиминираме сите оние закани што нам овде ни ги предочи претседателот на Владата и пред тоа зборуваше претседателот на Републиката. Ние кога ќе завршиме со расправите овде и ќе се одлучиме понатаму каков ќе биде патот на остварување на македонската државност, треба да сфатиме дека не ќе имаме работа меѓу себе, туку во едно извонредно компликувано опкружување кое не ќе можеме веројатно непосредно лесно да го убедиме и тогаш ќе биде страшно значајно на чија страва ќе биде светската јавност. А тоа само значи оти ние постапката за изведување и заокружување на нашата државност да изведеме на начин како тоа светот не го спори. Оттаму мислам сите меѓупартиски и партиски кавги и надмудрувања, посегања по првенство во оваа или онаа активност да ги ставиме во втор план и да обезбедиме најголема можна легитимност. Јас морам да ви кажам дека за вака сериозни работи, подготовките што ги водевме иако нас ни одзедоа доста време требаше да доведат до консензус и усвојување овде на Одлуката 90 акламација. Само на тој начин ние на светот ќе му кажеме дека ние во народот веруваме, народот нам ни

верува и ни еден од нас нема намера било какви сомневања во народот да побудува, нити па има основа за тоа. Јас уште еднаш велам, јас сум уверен дека референдумот ќе успее ако ние овде сите што носиме одговорност на народот му кажеме дека тоа е нужна постапка да се заокружи државноста на Македонија.^ Оттаму јас би молел да стално бидеме свесни за што станува збор, за колку крупна работа станува збор и оти денес е моментот кога и народот е свесен сосема за што се работи и кога народот нас навистина ни верува. Ако тоа го пропуштиме и тука бидеме разбиени тогаш, ве молам, големо прашање е за што ние тогаш работиме и кој ќе бидат последиците за нас. Оттаму јас повикувам да се договориме, да минеме на донесување на одлука и ако е можно да тоа го постигнеме со што повисок резултат во гласањето, а најубаво би било, барем така беше идејата на господин Кљусев пред ова продолжување на седницата дури и да не гласаме, туку да одиме со акламација.

Инаку, се што е овде кажано, сите дилеми правни, сите тие сомневања и незнам што, сите тие беа речени на Уставната комисија, затоа 4 дена останавме. Поголем дел беа и во меѓусебните убедувања на пратеничките групи. Ништо повторно овде ново нешто нема да се каже, само се повторуваат аргументите и се исцрпуваме. Ако сме за овој пат јас предлагам ова што и претседателот на Владата го сугерира, претседателот на Републиката што образложи овде, одлуката сега ја подесивме сега спрема предлозите на Владата сосема да одиме на изјаснување по одлуката. Тоа е моја сугестија.

Има збор господин Неделковски па Јакимовски

**БОГГЛН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Вака како што е поставено во член 2 прашањето за одлуката за референдум јас искрено не би гласал. Зашто не би гласал? Затоа што пред некоја недела на телевизија, мислам дека беше Јовиќ, битно е дека е политичар од тој ранг на Србија, изјави дека доколку Србија и Хрватска си одат, ние останатите ќе се договориме во Југославија како ќе живееме. Значи, овде исто треба да стои во 6 југословенски држави суверени. Колку не чини да го ставиме зборот шест. Три сантима простор да одвоиме и да го ставиме. И пратеникот Миљан Миљаниќ не дојде случајно во Македонија овде за да ја види Македонија, него дојде активно Македонија да ја вклучи преку спортот во игрите во југословенската скратена лига.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Абдурахман, ве молам многу одамна бара збор, јас му се извинувам, стално некои реплики имаме.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

После 3-4 дневна дискусија во Уставната комисија мислев дека разбрав за што се работи. Сега се убедив дека навистина незнам за што се работи. Сите тврдиме дека сме за референдум, сите тврдиме дека сме за самостојна, независна и суверена и незнам каква Македонија, и упорно инсистираме секој на своите аргументи кои јас по четврти пат денеска ги слушам. Истите, сосема истите. Има конкретен предлог на Владата. Предлогот на Владата беше уште еднаш објаснето од страна на претседателот на Владата. Инсистирањето за примена на точката 3 од заклучоците, односно од предлозите на Владата е според мое убедување само за да губиме време и за да губиме живци тука, затоа што Владата е сосема... Владата кажува дека доколку се оцени дека процесот н?

усвојувањето на Уставот на Македонија ќе се оддолжи, тогаш ќе се постапува така и така.

Имаше многу мислења и на Уставната комисија и тука дека тој предлог на Владата е оптимален и како таков беше и оценет. Незнам, навистина незнам, во каква функција е денешната дискусија. Кому служи оваа дискусија? Инаку, немав намера да земам збор по овие прашања, меѓутоа, одделни дискусии експлиците и имплиците упатуваат на тоа еве како некој некого ќе уценува за некакви права. Јас сум должен да му кажам дека тука не се работи за никаква уцена. Се работи за права кои што според сите норми припаѓаат на еден граѓанин, на една демократска земја. На една демократска држава, бидејќи упорно тврдиме дека се залагаме за самостојна и суверена Македонија како демократска држава тоа, ние Албанците, јас си земам и такво право да кажам со право и очекуваме дека оваа Македонија ќе биде и демократска и суверена и дека тие права ќе ги гарантира на тие што не се Македонци. Не е тајна да кажам дека ние сме определени и со дух и со тело за една таква демократска Македонија, инаку, ќе кажам јавно пред овој Парламент, за друга Македонија, за Македонија во која би биле дискриминирани навистина немаме никаква причина и да гласаме. И веројатно дека никој паметен не очекува од нас за да гласа за својот господар. Тоа сигурно дека не го очекувате од нас, меѓутоа бидејќи се работи за јасна и недвосмислена определба Македонија како суверена и демократска и независна држава да биде и демократска заедница на рамноправни граѓани, за таа Македонија ние ќе гласаме сите. И во што е спорот сега? Ако во овие мое согледувања има некои спорни прашања јас би ве замолил да кажете кои се тие.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас 4-5 дена се обидувам да разберам каде е тој вистински спор околу оваа материја и зошто не можеме едногласно, со консензус или со акламација пред вака значајно историско прашање да се определи овој Парламент. Но морам да речам дека ни до овој момент после толку бројни дискусии сепак не можам докрај да доразберам зошто вечерва не можеме со акламација да донесеме одлука со која што за месец дена бараме македонскиот народ, граѓаните ва Македонија да се допрашаат дали една таква солуција прифаќаат или не прифаќаат. А навистина се трудев сериозно да проникна во сите аргументи кои што доаѓаат и од едната и од другата страна но еве можам да речам тоа е може резултат на некој претходно рече се повторувам на, или Ешреф беше, рекол на мојата можеби недоволна интелигенција, но, едноставно не можам тоа да го разберам. Но, има една проста логика во целава работа што мене ми се чини вака прифатливо, како се што е логично не мора да биде и точно.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение)

Прво, секоја одлука на овој Парламент може да биде во принцип погрешна. Но мислам дека секоја одлука на овој Парламент ве може да биде погрешна ако овој Парламент одлучи за било кое прашање од животен интерес на граѓаните на Македонија, да ги допраша да ги праша тие граѓани на Македонија, дали со една солуција се согласуваат или не се согласуваат» Значи, верувам дека ако постои еден промил на можност да се згреши тогаш грешката би била повеќе ако во претходниот случај се определиме да не го прашаме македонскиот народ на почетокот, дали се согласува со вакво решение или не се согласува. Меѓутоа, тоа не е најбитното во врска со ова што јас сакам да го кажам, ниту пак се обидувам, сега да изнесувам некои нови аргументи, да и ги додадам на оваа расправа, или оние аргументи кои што ги изнесувавме и на Уставната комисија за сето ова време. Едноставно слушајќи го сето ова не може да смислам нови аргументи за или против една ваква одлука, бидејќи во дискусиите на бројните учесници во оваа расправа, членови на Парламентот по мислењето на Владата, во дискусијата на Претседателот на Републиката, во дискусијата на претседателот на Владата и во дискусиите, дури и на оние што не се согласуваат со овој ред на потезите, не со конечната цел, бидејќи сите констатираме дека конечната цел ни е иста. Нееедноставно содржани се сите оние аргументи што, воопшто можев јас да ги смислам. Едноставно немам други аргументи. Но, сепак, би сакал само да го кажам следното: Во настанатата ситуација во Југославија овој референдум не ние е потребен за да се убедуваме ние дали сакаме Македонија да биде суверена, самостојна држава и јас верувам дека од оној аспект од кој што го поставуваат тоа прашање некои другари дека можеби звучи смешно дали сакаме македонскиот народ да го прашаме дали сака да биде слободен

или не. Од тој аспект прашањето може да изгледа и нелогично, бидејќи нема народ и нема човек што не сака да биде слободен, самостоен, суверен и сл. Ние, ова прашање нам ни е потребно, резултатот од тој референдум нам ни е потребен да им го сервираме на сите тие господа во Европа, кој што ќе ги замолиме да ја признаат независна и суверена Македонија. За тоа ние е потребеа нам, а не заради нас самите г туку заради другите и тој резултат нам ки е потребен за сите овие што со децении и стотици години го негираат овој македонски народ. Само заради нив тоа би го направиле, а ве заради нас самите. (Од салата се слуша некое упаѓање). Добро јас како човек се определувам а и на Уставната комисија инсистирав, да се определиме ние најсилните правни лекови, меѓународно признати лекови, што се потребни во вакви ситуации. А, нема посилни лекови од меѓународната практика и од изјаснување на плебисцит или изјаснување на референдум од донесување на Устав, на начин кој што е, се разбира легитимен, легален. А ние се определуваме со овој предлог, всушност, за тие два чина. Меѓутоа, во контекстот на дискусијава или во поттекстот на дискусиите, па дури и експлицитно искажани, стои ставот дали Македонија може да задоцни во врска со донесувањето на овие одлуки. Јас исто така размислував во врска со тоа прашање и разговаравме, и во ходниците и на самите седници. Македонија ќе задоцни ако не се подготви комплетно за успешно преземање на сите функции на една суверена држава. Ако не биде оспособена, тие функции со преземањето од страна на сојузната федерација, да ги обавува успешно, веднаш од моментот на донесувањето на одлуката. Но, македонец не верувам дека може да задоцни со самиот чин на прогласување на својата самостојност и сувереност ако тоа го направи да речеме, за 15, еден месеца или два месеци. Не може да задоцни. Дали тоа може да биде некој

факт пред меѓународната заедница. Таа меѓународна заедница ако го признава плебисцитот, уставната постапка за едни држави, тоа мора да го признае и за други држави. Таа не може да одлучува за едни, според едни мерила и критериуми, за други според други мерила и критериуми. Едноставно мислам дека најдобра е онаа искажана желба за вечерашнава расправа што претседателот на Владата ја изрече, да го направиме овој чин вечерва да биде малку посвечен, колку е тоа можно после сите овие дискусии, да ја донесеме оваа одлука со акламација и станати од своите места.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, господине Јакимовски, Претседателот се јавува за збор, дали ќе му дадеме предност. Ајде, господине Јакимовски еве дојдете уште вие последен сте од списокот на пријавени.

**ЉУБОМИР ЈАЌИМОВСКИ:**

Добро, јас пред малку кажав дека никако не можам да се согласам со ваквата формулација што е на прашањето дадено, бидејќи се работи за референдум многу значаен акт а прашањето е толку повеќеслојно, повеќесмислено така не дозволиво. Пред малку имавме можност да чуеме за примерот на Словенија каде што прашањето беше толку конкретно и јасно дали сте за тоа Словенија да биде суверена и самостојна држава. И нормално со одговор да или не. Меѓутоа, овде во нашево прашање имаме две прашања фактички и тоа, дали сте за самостојна и суверена држава Македонија, и второто прашаше со право да стапи во иден сојуз на суверени држави. Тоа најблагоречено не е логично семантички, недоследно, бидејќи се работи за две дејствија. Првото дејствие е насочено кон себе, тоа е онаа самостојност, второто дејствие е насочено кон надвор, свртување кон другите. И јас сега како граѓанин и како гласач сум за

суверена и самостојна Македонија, но не сум за сојуз на држави. Па незнам како ќе гласам во тој случај. Мислам дека, ете тека, ако бевме склони овој документ да го прогласиме за историски, дека ете ќе влезе во витрините на историјата ваму или таму, треба да внимаваме на генерациите да не им оставиме таков, еден, некој неписмен документ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Претседател на Републиката.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Јас сосема накусо бидејќи, немам некоја нова аргументација, за се ова што расправавме и што се убедувавме. Само на три- четири работи би сакал да укажам неколку збора.

Прво, предлогот на господин Петров, внесе забуна дека сега, бидејќи ние сме држава сме го прогласиле тоа уште на АСНОМ зошто сега одеднаш повторно ќе се прогласуваме за држава. Јас сум еден од учесниците на тоа Заседание и создавање на таа држава. Ние, навистина, сакавме и донесовме такви акти да бидеме самостојна и суверена држава, Република. И постојано тоа го тврдиме дека Република Македонија има сопствена државност. Таа датира од 1945 година, дури влечеме генеза и порано, но да не навлегувам сега во тие историски согледувања.

Меѓутоа, постои еден проблем. Држави има и во други федерации и ни една од тие држави нема меѓународно правно признат субјективитет. А ние сакаме да бидеме држава во полна смисла на зборот и тука ништо не ни помага да преземеме само некои функции од досегашната федерација, бидејќи треба да бидеме признати како држава суверена и држава самостојна. Ако застанеме на становиште, дека, навистина, ние сме држава и нека веќе кој што да го прашаме било народот, било воопшто во тоа да

имаме било какво сомневање. Тогаш сите овие расправи досега што се водеа кај нас и кај некои други републики кои се борат да добијат меѓународно правен субјективитет, се апсолутно одвишни, непотребни. Зошто се правеа сите тие напори? Се правеа заради тоа што ниедна од тие држави, ние бевме држави во една федерација, немаа меѓународно правен субјективитет. Ако тоа не е така, ако е вака како што вели, инаку за мене ценетиот правник господин Петров, тагат треба само да се пријавиме на Обединетите нации и да не прима како членка на Обединетите нации, и да побараме да не признаат веднаш европските држави итн. И ќе видиме на какви проблеми ќе наидеме. Тоа е многу сложена материја за меѓународно-правниот субјективитет на секоја држава и нејзиното признавање. И нема посилен аргумент од оној кој го почитува ЌЕБС и сите други меѓународно правни документи, вклучително и Повелбата на Обединетите нации дека мора да се почитува правото на самоопределување на секој народ да има самостојна држава. Така да добра беше намерата и да ни олесни животот, да не мораме да се изјаснуваме за нешто за што сме се изјаснувале, но за жал тогашните наши документи што ги донесовме не се реализираа во поглед на меѓународно правниот субјективитет на Македонија, а тоа е единствено спрема светот признатата, така да кажам,функција или суверенoст на било која држава/па и на нашата држава. И затоа потребно е и добро е да добиеме една таква согласност од народот.

Второ, сега одеднаш испадна како да само овој предлог кој е за гласање овдека, пледира за тоа да се прогласиме за самостојна и суверена држава. И потпретседателот на Републиката го употреби тој аргумент, меѓутоа, јас ги погледнав документите, почнувајќи од Декларацијата од уставниот закон што беше предлаган и сите други документи, сите тргнуваат од тоа Македонија се прогласува за самостојна и суверена држава.

Според тоа, ова е само еден ваков предлог од господинот Петров кој смета дека ние и вакви какви сме можеме да бидеме суверена држава и меѓународно призната. Инаку сите досега други предлози тргуваат од тоа дека е тоа неопходно.

Трето, овие наши дискусии сакале или нејќеле вака како сега се продолжуваат и на прашања кои веќе немаат никакво суштинско значење за нашата конечна одлука, само водат кон тоа да го намалуваме значењето на овој акт самите ние, а од друга страна пак, изразуваме сомневање дали народот ќе се изјасни за суверена самостојна Македонија. Извинете тоа е до крај нелогична работа. Од една страна, самите ние како да не сме уверени оти треба оваа македонска држава еднаш да добие меѓународно правен субјективитет. Да дојде до документи кои никој нема да може да ги негира во било која смисла. А од друга страна пак, сметаме дека можеби,нашиот народ ваков каков е, можеби, нема да се изјасни за суверена и самостојна Македонија. Јас тоа не го разбирам и морам да кажам сум длабоко убеден дека македонскиот народ нема да се откаже од државата, за која што, навистина, како овде беше речено, многу пати сум го повторувал, сам се изборил, со сопствена војска, никому ништо не должи. Јас не верувам дека л македонскиот народ и од таа држава правен субјективитет ќе се откаже, а камо ли ако има шанса да стане навистина држава со полн, правен, меѓународно признат субјективитет. И затоа и јас се придружувам кон искажаните молби, мислам дека тоа ќе биде извонредно значајно за одлуката за овој референдум, да ја донесеме едногласно или со акламација и да станеме на нозе, со уверување оти македонскиот народ ќе потврди таа наша одлука. (Бурен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имам еден предлог како пратеник, али ќе го прифати Собранието или не, тоа е негово/ а предлогот е следен:

Имаме две варијанти, сметам дека е доволно и исцрпено искажувањето за и против едната и другата. Дали ќе одиме на гласање или со акламација, да се постават двете прашања на изјаснуваше и Парламентот ќе донесе одлука а државничкото поштување ќе не врзе за оние за кои после ќе се одредиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да гласаме тоа ли е предлогот. Господин Арсов сака да зборува. (Салата бурно реагира по пријавата на Арсов за дискусија- не, ее). Човекот сака да зборува, ве молам. Не, не можам да го запрам. ги молам пратениците да останат што повеќе овде зашто наскоро ќе гласаме.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Навистина се извинувам поради реакцијата, не од друга причина, туку од тоа што кај сите стрпливоста попушти и вниманието и сигурно дека и многу работи сега што ќе ги кажеме се повторуваат. Меѓутоа, ако останува само на фактот дека таа одлука а тоа е видливо дека вечерва поради некакво овде обезбедено мнозинство ќе се усвои на нас дозволете ни ја таа можност,барем, да го кажеме она што го мислиме пред таа одлука да биде донесена. Дозволете, ние повторно ќе повториме, го прифаќаме референдумот. Меѓутоа, дозволете дека тој референдум ние го поврзуваме со нашиот предлог со донесувањето на уставниот закон и на придружните акти овде што се понудени од страна на Владата. Зашто се определуваме за таа алтернатива? Дозволете, (реакции,затоа што сметаме дека фактичко правната положба. во Југославија е каква што таа го наложува донесувањето на овие акти што ни се понудени од страна на Владата, затоа што тоа е обврска ја што Владата ја презеде со заклучоците што ги

донесе Собранието затоа што овде и Владата во своето обраќаше до Собранието поаѓа од една оценка за таквата моментална правно политичка состојба во Југославија, да не не најдат да не не ситуацијата најде затечени, задоцнувањето да биде фатално за да можеме ние да влеземе во меѓународната акција, кога се решава за меѓународниот субјективитет на Словенија и Хрватска а исто така во таа акција да се вклучи и Македонија. Да не ги повторувам и другите аргументи во однос и во прилог на тоа зашто е актуелно ние да се определиме за донесувањето на уставниот закон и придружните акти.

**ДРАГИ АРСОВ:** (Продолжение) !

А тие аргументи секако се изменетата ситуација на Југославија, односно и раздружувањето на две држави, а тоа се Словенија и Хрватска, а со тоа Југославија го губи оној сегмент на држава која што беше конституирана од 6 републики.

Ние значи во овој момент можеме да зборуваме за една југословенска редуцирана заедница, дезинтегрирана, нејзиниот уставно- правен статут е битно изменет. Тоа се факти. Сакам да укажам дека од југо-фолклорот ништо не остана ништо не остана освен динарот. Тоа се непобитни факти и аргументи кои мораме ние да ги почитуваме и кои инсистираат на итноста на донесувањето на Уставниот закон и придружните акти. Зошто посебно се нужни овие придружни акти? Затоа што Република Македонија во овој момент е со ограничени овластувања и со ограничени надлежности. Ако состојбата е таква, ако надлежностите се ограничени, како и овластувањата, ние не можеме да зборуваме за целосна сувереност, туку дека е ограничена нејзината сувереност. Ова е дотолку позначајно што со Уставниот закон и со придружните акти, од нив посебно ќе го издвојам актуелноста на Законот за воена обврска со која ќе обезбедиме да не ни се случуваат оние немили сцени пред Собранието, а исто така да можеме да создадеме основа на она што од ова а говорница постојано инсистираше и министерот за народна одбрана дека ги нема тие овластувања за да може да ги решава проблемите во сферата на народната одбрана во Македонија кои што се однесуваат на регрутација и имобилизација. Да не ги спомнувам другите значајни области каде што на Владата треба да и ги дадеме да се обезбедат тие овластувања.

Тоа е причината што ние инсистираме да пристапиме кон оваа алтернатива, односно да се прифати овој член 3 што го нуди Владата, а во прилог на тоа само ќе спомнам дека референдумот не го отврламе, но го поврзуваме токму со изјаснувањето на уставниот закон кој што истото тоа го предвидува.

Услови за референдум во овој момент можеби ќе повторам не постојат и од оваа причина што во средствата за информирање постои монопол. Во едни такви услови не верувам дека исходот на референдумот ќе даде позитивни резултати, затоа што тој во информирањето ние не можеме да го негираме. Уште еднаш ісе повторам, ако сакаме една ваква одлука да донесеме, ние тоа можеме да го сториме, но не ја гледам логиката таква одлука вечерва да донесеме, а од утре да расправаме по Уставниот закон кој што исто така, како што овде и од секретарот беше најавено дека ќе биде овде меѓу пратениците, за кој уставен закон и за кои придружни акти треба да расправаме, а се сврзани со сувереноста и независноста на Македонија.

Добро треба да размислиме дали сме го обезбедиле потребниот консензус и услови за акламација. Јас мислам дека тоа не сме го обезбедиле.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Драги пратеници, на ова исто место на ден 28 јануари оваа година предложив за донесување на еден документ, тоа беше Декларацијата за сувереноста на Македонија да одлучиме со акламација како значаен документ за Македонија.

Сакам од свое име и од име на Македонија како држава да предложам на ова Собрание и референдумот да го распишеме со акламација . (Бурен аплауз) .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господо пратеници, мислам дека овој аплауз е прифаќаше на одлуката. Ви честитам за храбрата одлука. Тоа се донесува во многу стотици години еднаш.

Нашиот парламент денес донесе таква одлука (Бурен аплауз). Убеден сум дека сите подеднакво ќе подметнете грб овој референдум да успее. (Бурен аплауз).

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете сега од име на Парламентот да го обнародиме ова известување и ги повикаме и македонскиот народ кој има право на самоопределување и граѓаните на Македонија да излезат на овој референдум и се изјаснат за него. (Бурен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ;**

Предлагам во Уставната комисија да се подготви проглас кој ќе го потпишат сите партии, со кој ќе се повика населението на Македонија да гласа на референдумот. (Бурен аплауз).

Предлагам да прекинеме со работа, а утре во 10,00 часот да продолжиме со програмата на Владата.

(Седницата заврши во 23,45 часот).

очитувања и несогласие,

ми колеги пратеници,

поддржувам изнесеното бар- [од Толу... (?)]
ањето [illegible] од [illegible] на
новото [на САРЗ] за оставката на пре-
ное на САЅО за решавање
ново преостанатите кризи.
Но [illegible] — [illegible]
-е од внатрешните [illegible] [и несогласени документи]
[illegible] на ЕЗ со [illegible]
[illegible] [illegible] да
на [illegible] [illegible],
и на [наставата] потребни
решение за олеснување на
разрешување на кризата.
Секако е добро, но со себе нос[и]
неизвесности, кои — многу-
кон може да произлезат.
Мене ово се наоѓаат решени
доколку сами да ги решеме
проблеми, а тоа во секој
случај става во предност оние кои донесоа една-

Иако изнесените предлози разни-
случаева ~~за оно~~ на Dr Трајковски
не беа дадени поединечни предло-
зи за оно што треба да чиниме,
секој мисли од нив подразбираше
јасни смерници.

ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛЕ,

ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ ПРАТЕНИЦИ

ЈАС ГО ПОДРЖУВАМ ИЗЛАГАЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СФРЈ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО ЈУГОСЛАВИЈА И РЕПУБЛИКАТА, НО ИСТОВРЕМЕНО САКАМ ДА УКАЖАМ ДА ДАДЕТЕ ПРЕДЛОГ РАЗМИСЛУВАЊА ЗА ОНА ШТО ТРЕБА ДА ГО НАПРАВИМЕ НИЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НАШИОТ ПАРЛАМЕНТ НЕ БЕА ДАДЕНИ ПОПРЕЦИЗНИ ПРЕДЛОЗИ, СЕПАК ОД НИВ МОЖЕМЕ ДА ИЗВЛЕЧЕМ Е ДОСТА. ИСТОВРЕМЕНО САКАМ ДА УКАЖАМ ДА ЈАС НЕ СУМ ЗАДОВОЛЕН ОД ДЕЛОТ НА ИСКАЖУВАЊАТА КОИ СЕ ОДНЕСУВАА ЗА ОНА ШТО ТРЕБАШЕ ДА УЧИНИ ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО ПРЕД НАСТАНИТЕ ОД 26 ЈУНИ 1991 ГОДИНА, КАКО И ЗА ОЦЕНКИТЕ ЗА ДЕЛУВАЊЕТО НА ЈНА И ЕДИНИЦИТЕ НА ТО НА СЛОВЕНИЈА.

ВЕРУВАМ ДА ДЕНЕС КАКО НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ТАКА И НА МЕЃУНАРОДНАТА ЈАВНОСТ И Е ПОЗНАТО КОЈ Е ВИНОВЕН ЗА СЕГАШНАТА КРИЗА ВО ЈУГОСЛАВИЈА, НАБУЈАЛТОТ НАЦИОНАЛИЗАМ, НАЦИОНАЛНИОТ ЕГОИЗАМ, КРАЈНО ТЕНДЕНЦИОЗНИТЕ И СЕПАРИСТИЧИ ОДНЕСУВАЊА НА ПОЕДИНИТЕ РЕПУБЛИКИ, НЕДОРАСНАТОСТА НА ПОЕДИНИТЕ РЕПУБЛИЧКИ РАКОВОДИТЕЛИ НА СЕГАШНИТЕ ПОТРЕБИ И БУРНИ ПРОЦЕСИ СЕ ГЛАВНИТЕ ВИНОВНИЦИ ЗА СЕГАШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА КРИЗА.

ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЕДНОССТРАНИТЕ ОДЛУКИ И ТВРДОГЛАВОТО НАСТОЈУВАЊЕ ЗА НИВНО ПРОМПТНО ИЗВРШУВАЊЕ, ГИ ПРЕДИЗВИКА КРВОПРОЛЕВАЊАТА И ЈА ДОВЕДОА ЗЕМЈАТА ВО ДЕНЕШНИОТ ХАОС, А НА ПРОПАГИРАНИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ОПШТЕСТВА, СЕ ПРЕТВОРИЈА ВО МИЛИТЕРИСТИЧКИ РЕЖИМ, СО ПРИМЕНА НА ОРУЖЈЕ, НАСИЛСТВО И НАЈГРУБО КРШЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ ПРАВА.

ПРЕДЛАГАМ ДА ЈА ОСУДИМЕ ВАКВАТА ПОЛИТИКА И СЕ ЗАЛАГАМЕ И ГИ ПОДРЖАВАМЕ ЗАЛОЖБИТЕ ДА РЕШАВАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА КРИЗА СЕ ВРШИ ПО МИРЕН ПАТ БЕЗ ПРИМЕНА НА СИЛА, А ПО ПАТ НА ДИЈАЛОГ И СПРЕМНОСТ ЗА КОМПРОМИСИ.

МИСЛАМ НАШАТА РЕПУБЛИКА ТРЕБА ДА ПРЕДЛОЖИ И ПОНАТАМУ ДА ДЕЛУВА КОНСТРУКТИВНО И ДА ПРЕСТАВУВА КОХЕЗИВНОИОТ ФАКТОР ВО БАРАЊЕТО НА РЕШЕНИЈА ЗА СЕГАШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА КРИЗА.

ТРЕБА ДА СЕ ВОЗДРЖИМЕ ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА БРЗОПЛЕТИ И ЕДНОСТРАНИ ОДЛУКИ, КОГА ВЕЌЕ ИМАМЕ ИСКУСТВО ДО ШТО ДОВЕДОА ДОНЕСУВАЊЕТО НА ТАКВИТЕ ОДЛУКИ. ТРЕБА ДА ГРАДИМЕ СОПСТВЕН ПАТ ЗА РЕШАВАЊЕТО НА ПРАШАЊАТА ЗА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НАРОДНОСТИТЕ, ЦЕНЕЈЌИ ГО НАШЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ, ЛОШИТЕ ПРИМЕРИ НА ДРУГИТЕ РЕПУБЛИКИ, КАКО И НЕГАТИВНИТЕ БИЛАНСИ ОД МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА ЗА КОЈА БЕШЕ МНОГУ КАЖАНО ВО ПРЕТХОДНИТЕ ДИСКУСИИ.

ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ СО ПРИСУТНИТЕ ПРИМЕРИ, ДА СЕ ПРАВИ ПОЛИТИЧКИ МАРКЕТИНГ СО НАЈОСЕТЛИВИТЕ ЧУВСТВА НА НАШИТЕ ГРАЃАНИ, МАЈКИ И РОДИТЕЛИ. СМЕТАМ ДА ТОА Е НЕХУМАНО И Е МНОГУ ОПАСНО. ТОА ВПРОЧЕМ МОЖЕ ДА ДОНЕСЕ САМО ПОРАЗИТЕЛНИ РЕЗУЛТАТИ НА ПОДОЛГОРОЧЕН ПЛАН.

ЗАТОА ПРЕДЛАГАМ ДА ГО ОВА ОСУДИМЕ И СПРЕЧИМЕ ВО ИДНИНА.

ИСТИ ТАКА СЕ ЗАЛАГАМ ЗА ВНИМАТЕЛНОСТ ВО ПРАВЕЊЕТО ОЦЕНКИ ЗА ПОЕДИНИТЕ ПРОБЛЕМИ ПРИСУТНИ ВО СЕГАШНАТА КРИЗА. ТРЕБА ДА ПРАВИМЕ КОРЕКТНО РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА НАРОДИТЕ, НАРОДНОСТИТЕ, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ ОД ПОЕДИНЦИТЕ КОИ СЕ ВИНОВНИ ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ЕДНОСТРАНИ И БРЗОПЛЕТИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ.

НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ СО ИЗРЕЧЕНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ ДА ЈНА ПРЕТСТАВУВА АГРЕСОР И ДА ПОСТАПКИТЕ НА ЈНА СЕ НЕПРИЈАТЕЛСКИ И ОПАСНИ. ПОЗНАТО Е КАКО ИЗРАСНА ЈНА, КОЈ ЈА СОЧИНУВА И КАКВА УЛОГА ОДИГРА ВО ДОСЕГАШНАТА ИСТОРИЈА.

ЈАС МИСЛАМ ДА ЈУГОСЛАВИЈА КАКО ЛЕГАЛНА ДРЖАВА И СО ВИСОК МЕЃУНАРОДЕН УГЛЕД ЌЕ ОСТАНЕ КАКО ЕДИНСТВЕН ПРИМЕР ВО ИСТОРИЈАТА, ДА НЕЈЗИНИТЕ НАДЛЕЖНИ ЛЕГАЛНИ ОРГАНИ СЕ СТАВАТ ПО СТРАНА КОГА ПРЕД ОЧИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА И МЕЃУНАРОДНАТА ЈАВНОСТ ВО УСЛОВИ КОГА ТАА Е НАПАДНАТА НАЈЖЕСТОКО СО НАМЕРА ДА БИДЕ СРУШЕНА. ИНТЕРЕСНО Е ПАК ДА ЗА ПОСТАПКИТЕ НА ДРУГИТЕ ОРУЖЕНИ ФОРМАЦИИ, СЛУЧАЈОТ НА ТО НА СЛОВЕНИЈА, ЕДИНИЦИТЕ НА МУП И ГАРСАТА НА ХРВАТСКА НИШТО НЕ СЕ СПОМЕНУВА, А ИМАВМЕ ПРИЛИКИ ВО ОВИЕ ДЕНОВИ ДА ВИДИМЕ И ЧУЕМЕ КАКО СЕ ПОСТАПУВА СО МЛАДИТЕ ВОЈНИЦИ, СТАРЕШИНИТЕ НА ЈНА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА. ИСТО ТАКА КАКО ПОСТАПУВА СО ВОЗИЛАТА И ДРУГАРА ИМИВИНА ПО ПАТИШТАТА ВО СЛОВЕНИЈА.

ИСТО ТАКА НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ И СО ЧЕСТИТЕ И ГРУБИ НАПАДИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ. ДОБРО СЕ ПОЗНАТИ НА СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ ЕФЕКТИТЕ ОД МЕРКИТЕ НА СИВ ВО ОВА ВРЕМЕ ВО МИНАТАТА ГОДИНА, ВО ОБАВУВАЊЕТО НА СОРАБОТКАТА СО СТРАНСТВО И РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕВИЗНИТЕ СРЕДСТВА, А ДЕНЕС НАШИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ДА ДОЈДАТ ДО УВОЗ НА ПОТРЕБНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ СТОКИ МОРААТ ДА ОБЕЗБЕДАТ КОНФИРМИРАНИ АКРЕДИТИВИ КАЈ СТРАНСКИ БАНКИ. А ЗА СОСТОЈБАТА СО ДЕВИЗИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ Е ПОЗНАТО.

СЕТО ОВА Е РЕЗУЛТАТ НА ПОЛИТИКАТА НА КЛЕВЕТИТЕ И ОСПОРУВАЊЕТО НА СИВ.

ОВДЕ БЕШЕ ИЗНЕСЕНА ИНФОРМАЦИЈАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПРЕДИЗВИКАНА СО ЕДНОСТРАНАТА И НЕРАЗУМНАТА ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНИТЕ РЕПУБЛИЧКИ..

ИРОНИЈАТА ДА БИДЕ ПОГОЛЕМА ТАКВАТА СОСТОЈБА Е ПРИСУТНА И ВО ДРУГИТЕ РЕПУБЛИКИ. ЗА ОВА ДОСТА СЛИКОВИТО ЗБОРУВА И ИЗНЕСЕНОТО МИСЛЕЊЕ НА ПРОФЕСОРОТ ХРВАТ ВО ВЧЕРАШНИОТ БРОЈ НА НОВА МАКЕДОНИЈА.

ИЗЛЕЗОТ ОД СЕГАШНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА МОРАМЕ ДА ГО БАРАМЕ ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПАЗАР И НОРМАЛИЗИРАЊЕТО НА НЕГОВИТЕ ИНСТРУМЕНТИ. ПОЛИТИКАТА КОНЕЧНОО ТРЕБА ДА ГО СФАТИ И ВО СИТЕ ПОНАТАМОШНИ ПРЕГОВОРИ И ДОГОВАРАЊА ТРЕБА ДА СЕ ПОАЃА ОД ЕКОНОМСКИОТ МОМЕНТ КАКО ПРВО И НАЈПРИОРИТЕТНО ПРАШАЊЕ.

ИСТО ТАКА САКАМ ДА КАЖАМ ДА ТРЕБА ДА ПРЕСТАНЕМЕ ВО ОВОЈ ПАРЛАМЕНТ СО АКТИВНОСТИТЕ КОИ ИДАТ НА СТВАРАЊЕ НА ПРЕСИЈА ЗА ПОЕДИНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА СО КОИ СЕ СТВАРА СТРАВ И НЕСИГУРНОСТ КАЈ НАШИТЕ ГРАЃАНИ И СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ . ОВОЈ ПАРЛАМЕНТ УСВОИ НЕКОЛКУ ЗНАЧАЈНИ ДОКУМЕНТИ ВР КОИ ТРЕБА ДА СЛЕДИ НАШАТА ПОНАТАМОШНА АКТИВНОСТ, ЗАТОА СЕ ЗАЛАГАМ ДА ПРЕСТАНЕМЕ СО ЈАЛОВИТЕ И ОПАСНИ РАСПРАВИИ, А НАШАТА РАБОТА ДА ЈА КОНЦЕПТИРАМЕ НА РЕШАВАЊЕТО НА СТОПАНСКИТЕ ПРОБЛЕМИ, НА ОТВОРЕНИТЕ ПРАШАЊА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ, ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА НОВИОТ УСТАВ И НОВИТЕ ЗАКОНИ, ДА СТВОРИМЕ ЕДНА ПЛОДНА И ЕФИКАСНА РАБОТНА АТМОСФЕРА ВО ПАРЛАМЕНТОТ СО УЧЕСТВО НА СИТЕ ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ. А СО ОВА ДА СТВОРИМЕ ДОВЕРИЕ И СИГУРНОСТ НА СИТЕ ГРАЃАНИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ОВОЈ ПАРЛАМЕНТ.

ЗАТОА СЕ ЗАЛАГАМ ДА ГО УСВОИМЕ ИЗЛАГАЊЕТО НА Д-Р ТОПУРКОВСКИ СО ЗАКЛУЧОЦИ КОИ ЌЕ БИДАТ УСМЕРЕНИ ВО ТАКОВ ПРАВЕЦ.

НА КРАЈОТ САКАМ ДА УКАЖАМ И ДА СРЕЌНА ОКОЛНОСТ ЗА МАКЕДОНИЈА Е ШТО НАШЕТО РАКОВОДСТВО, ДЕНЕС ИГРА МНОГУ ВАЖНА И КОРИСНА УЛОГА ВО РАЗРЕШУВАЊЕТО НА СЕГАШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА КРИЗА.

ДОБРО Е ШТО ОВА НАИДУВА НА РАЗБИРАЊЕ И ПОЧИТУВАЊЕ КАЈ СИТЕ ФАКТОРИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА, КАКО И КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА ЈАВНОСТ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ.

НИЕ ТРЕБА ДА ГО ПОДРЖИМЕ ОВА И ДА ПОБАРАМЕ НИВНО ПОНАТАМОШНО СЕСТРАНО АНГАЖИРАЊЕ И ДА ПОНАТАМУ УПОРНО НАСТОЈАТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА

СО ОВА ЌЕ ГИ ОСТВАРИМЕ И САКАНИТЕ ЦЕЛИ ЗА НАШАТА ПОДДРШКА ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ. ЌЕ ДОПРИНЕСЕМЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА КРИЗАТА ВО ЈУГОСЛАВИЈА. ИСТО ТАКА ПОТРЕБМНИ СЕ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНТЕНЗИВННИ АКТИВНОСТИ НА РАКОВОДИТЕЛИТЕ ОД РЕПУБЛИКАТА НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН, СО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОНТАКТИ И СРЕЌАВЦАЊА СО НАШИТЕ СОСЕДИ И ЗЕМЈИТЕ СО ВИСОК МЕЃУНАРОДЕН УГЛЕД. ВО ОВАА СЛСЛА ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ОСМЕЛААТ И АКТИВНОСТИТЕ НА НАШИОТ ПАРЛАМЕНТ СО ПАРЛАМЕНТИТЕ НА ДОТИЧНИТЕ ЗЕМЈИ КАКО И ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЗЕМЈИ.

ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВАШЕТО ВНИМАНИ

ИВАНОВ М-Р ИВАН